**СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ**

**„ЃОРЧЕ ПЕТРОВ“ – ПРИЛЕП**

# САМОЕВАЛУАЦИЈА

# 2024-2026




Прилеп, јуни 2026 година

**Подрачје 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ**
**Ниво при евалуација: МНОГУ ДОБРО**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 1.1 | Реализација на наставните планови и програми | • Применувани наставни планови и програми<br>• Информирање на родителите и учениците за наставните планови и програми<br>• Избор на наставни предмети<br>• Планирање на активности за реализација на Содржини програмирани од училиштето |
| 1.2 | Квалитет на наставните планови и програми | • Родова и етичка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала<br>• Интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала<br>• Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието<br>• Влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми |
| 1.3 | Вонннаставни активности | • Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности<br>• Опфатеност на учениците со воннаставни активности<br>• Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности<br>• Афирмирање на учениците и на училиштето  преку воннаставните активности<br>• Информираност на родителите за обемот и разновидноста на воннаставните активности |

**Индикатор 1.1. Реализација на наставните планови и програми**

<table>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Применувани наставни планови и програми</li><li>Информирање на родителите и учениците за наставните планови и програми</li><li>Избор на наставни програми</li><li>Планирање на активности за реализација на слободните часови/проектните активности на училиштето</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци – документи</td><td>Информации</td></tr>
<tr><td colspan="2"><ul><li>Наставни планови и програми донесени од БРО и ЦРСО</li><li>Годишни и  планирања по модуларни единици на наставниците</li><li>Записници од родителски средби</li><li>Годишна програма за работа на училиштето</li><li>Застапеност на изборните предмети по паралелки</li><li>Програми за учење преку работа за паралелки со зголемен фонд на часови</li><li>Програми за феријална пракса</li><li>Веб-портал</li><li>Косултации со стручната служба</li><li>Разговори со наставници од различни активи</li><li>Процедура за изборни предмети</li><li>Изјави за изборни предмети</li></ul></td><td>За успешна реализација на воспитно-образовната работа во училиштето навремено се изработуваат планирањата на воспитно-образовната и другата стручна педагошка дејност. Наставата и другите активности на училиштето се остваруваат според календарот за работа во тековната учебна година доставен од МОН и распоредот за тековната учебната година.<br>Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми одобрени од МОН, а изготвени од страна на ЦРСО и БРО. Сите наставници изработуваат годишни планирања и планирања по модуларни единици кои во почетокот на септември ги доставуваат на увид до комисијата за проверка на наставните планови и програми, а потоа и до стручната служба. Наставниците при предавањето на изготвените планови и програми за соодветните предмети се потпишуваат на евидентен лист за доказ на сработеното. Се почитува законската рамка за бројот на наставни денови и фондот на часови во наставните планирања. Реализацијата на фондот на часови е доста висока со над 98%.<br>Во учебната 2024/2025 и учебната 2025/2026 година во прва година се запишаа ученици во 9 паралелки со настава на македонски јазик во 5 сектори со соодветни квалификации:<br>1. Сектор Здравство и социјална заштита со 3 квалификации:<br>- медицинска сестра,<br>- физиотерапевтски техничар,<br>- фармацевтски техничар,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | 2. Сектор Лични услуги со 2 квалификации:<br>-  техничар за козметичка нега и убавина и<br>- фризер (со тригодишно траење)<br>3. Сектор Текстил, кожа и слични производи со квалификација<br>- техничар за изработка на облека<br>4. Сектор Шумарство и обработка на дрво со квалификација<br>- техничар за обработка на дрво<br>5. Сектор Геологија, рударство и металургија со квалификација<br>- геолошко-рударски техничар;<br>Во тековната 2025/2026 година има вкупно 7 паралелки со зголемен број на часови по практична обука, и тоа четири во секторот за текстил, кожа и слични производи (прва, втора, трета и четврта година) и три во секторот Геологија, рударство и металургија (прва, втора и четврта година).<br>Училиштето има склучено Меморандуми за соработка со компаниите каде што  се изведува наставата по предметот Учење преку работа кај работодавач (за сите струки/сектори) како облик на практична настава и со компании каде што се изведува практичната настава.<br>Со почетокот на наставната година (септември) првите наставни часови се користат за информирање на учениците за целите, исходите  и задачите на предметите кои ќе се изучуваат во соодветната година на образование. Родителите се информирани на првата родителска средба планирана на почетокот на учебната годината, а потоа и преку официјалната веб-страница на училиштето или преку соодветните официјални страни на МОН, БРО и ЦРСО.<br>Наставниците изготвуваат и дневни планирања (планирања на наставни часови) во кои јасно се дефинирани резултатите од учење за соодветните  наставните единици, како и критериумите и начините за оценување на учениците. Наставниците имаат изготвено критериуми за оценување на учениците по модуларни единици за секој наставен предмет. |

| | |
|---|---|
| | Поголем дел од наставниците стручно се усовршени за примена на активни методи во наставата каде што ученикот е активен субјект и соработник на наставникот, како и за примена на стандардите за оценување.<br>Дел од наставната образовна дејност во училиштето (практичната настава) во текот на целата наставна година се планира и реализира во фабрики, институции, други стопански и нестопански субјекти. На почетокот на учебната година до педагогот се испраќаат распоредот и списоци со групите на ученици кои ја следат практичната настава во и надвор од училиштето.<br>За реализација на часовите по практична настава и предметот Учење преку работа кај работодавач наставниците се водат според програмите дадени од ЦРСО и по лично изготвените програми. Предметот Учење преку работа кај работодавач се изучува во трета и четврта година, додека во дуалните паралелки се изучува во втора, трета и четврта година.<br>Наставниците кои предаваат по предметот Учење преку работа кај работодавач во втора и трета година во секторот Текстил, кожа и слични производи врз основа на посетени обуки и во консултации и соработка со менторите од компаниите соработници имаат изработено програми и планирања за Учење преку работа кај работодавач за паралелки со зголемен фонд на часови по практична обука (дуални паралелки) за тие две години на образование. За истиот предмет, програма и планирање се изработени и од наставниците од секторот Геологија, рударство и металургија за втора и трета година на образование. При изработката на тие програми се внесуваат содржини според потребите и спецификата на работата на работодавачите т.е. компаниите со кои училиштето соработува за реализација на дуалното образование во тие две струки.<br>Феријалната практика како облик на практична настава кој се остварува по завршувањето на наставната година, во летниот период се реализира со учениците од сите струки/сектори според програмите за феријална практика кои наставниците ги |

| | |
|---|---|
| | изработуваат според насоките за феријална практика дадени на веб-страницата од ЦРСО и во соработка со советниците по струки. Програмите за феријална практика се заверуваат во училишната архива најдоцна до крајот на месец април во тековната учебна година, се доставуваат и се потпишуваат кај директорот и се чуваат кај координаторите за ПО.<br>Во училиштето се изведува настава за задолжителни и изборни предмети. Училиштето ги нуди сите изборни предмети според наставните планови за сите струки/сектори од четиригодишното средно образование и има поставено јасна процедура за избор, како и за информирање на родителите преку родителски состаноци.<br>Изборните предмети се избираат со писмено изјаснување преку изјава и потпис на родителите и на ученик, и тоа во втора година. Со изучување на избраните предмети се почнува во трета, а се продолжува и во четврта година.<br>Педагогот на училиштето на крајот на првото полугодие на сите класни раководители од втора година им ја испраќа процедурата за избор на изборни предмети и изјави за родители и ученици со понудените изборни модули за изучување на изборните предмети во трета и четврта година за секој образовен профил/ квалификација. На почетокот на второто полугодие на родителска средба, родителите се запознаваат со постапката и изборот на изборните предмети. До крајот на месец мај родителите и учениците може да размислат и да се одлучат кои изборни предмети ќе ги изучуваат во наредните учебни години. Изборот може да го направат само за трета, или истовремено за трета и четврта година. Класниот раководител ги чува овие изјави во својата архива, а до педагогот се испраќа извештај за избраните изборни предмети. Доколку ученикот по предавањето на извештајот го промени своето мислење и желба, може да го промени изборниот предмет односно изборниот модул до крајот на наставната година.<br>Учениците во трета и во четврта година треба да изберат по еден изборен предмет од понудените модули коишто ќе ги изучуваат по |

| | |
|---|---|
| | два часа неделно, освен во образовниот профил Техничар за козметичка нега и убавина каде што учениците во трета и четврта година ќе може да изберат по два предмети од одреден модул со по два часа неделно, и може да изберат изборни предмети од еден изборен модул, или пак во двете учебни години да изучуваат изборни предмети од различни изборни модули по своја желба.<br>Секој изборен предмет влегува во наставата откако ќе се формира група односно ќе има доволен број ученици кои ќе го изучуваат изборниот предмет.<br>Во секоја струка/сектор постојат различни образовни модули кои содржат различни изборни предмети во зависност од спецификата на образовниот профил односно квалификација.<br>• **Сектор Здравство и социјална заштита, квалификација Медицинска сестра:**<br>Трета година:<br>- Изборен модул: Медицинска етика и геронтологија<br>Предмет: 1. Медицинска етика<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>Четврта година:<br>- Изборен модул: Медицинска етика и геронтологија<br>Предмет: 1. Геронтологија со нега<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>- Изборен модул: Бизнис и претприемништво<br>Предмет: 1. Бизнис и претприемништво<br><br>• **Сектор Здраство и социјална заштита, квалификација Фармацевтски техничар:** |

| | |
|---|---|
| | Трета година:<br>- Изборен модул: Применета фармација<br>Предмет: 1. Козметологија<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Хемија<br>2. Биологија<br>3. Математика<br>4. Информатика<br>Четврта година:<br>- Изборен модул: Применета фармација<br>Предмет: 1. Фитотерапија<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Хемија<br>2. Биологија<br>3. Математика<br>- Изборен модул: Бизнис и претприемништво<br>Предмет: 1. Бизнис и претприемништво<br>• **Сектор Здравство и социјална заштита, квалификација Физиотерапевтски техничар:**<br>Трета година:<br>- Изборен модул: Ургентни состојби и применета физикална терапија<br>Предмет: 1. Итни медицински состојби<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>Четврта година:<br>- Изборен модул: Ургентни состојби и применета физикална терапија<br>Предмет: 1. Физикална терапија со козметологија<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Биологија |

| | |
|---|---|
| | 2. Хемија<br>3. Физика<br>- Изборен модул: Бизнис и претприемништво<br>Предмет: 1. Бизнис и претприемништво<br>**• Сектор Лични услуги, квалификација Техничар за козметичка нега и убавина:**<br>Трета година:<br>- Изборен модул: Нега на тело<br>Предмет: 1. Биокозметика<br>2.Велнес и спа третмани<br>- Изборен модул: Шминка<br>Предмет: 1. Трајна шминка<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Математика<br>2. Биологија<br>3. Хемија<br>4. Физика<br>Четврта година:<br>- Изборен модул: Нега на тело<br>Предмет: 1. Биокозметика<br>2. Велнес и спа третмани<br>- Изборен модул: Шминка<br>Предмет: 1. Специјална шминка<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Математика<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>**• Сектор Текстил, кожа и слични производи, квалификација Техничар за изработка на облека:**<br>Трета година:<br>- Изборен модул: Компјутерско конструирање на облека<br>Предмет: 1. Компјутерско конструирање на облека<br>- Изборен модул: Општо образование<br>Предмет: 1. Математика |

| | |
|---|---|
| | 2. Хемија<br>Четврта година:<br>- Изборен модул: Компјутерско конструирање на облека<br>Предмет: 1. Компјутерско конструирање на облека<br>- Изборен модул: Нега на облека<br>Предмет: 1. Нега на облека<br>- Изборен модул: Технолошки процеси на изработка на облека<br>Предмет: 1. Изработка на заштитна облека<br>- Изборен модул: Општо образование<br>Предмет: 1. Математика<br>2. Хемија<br>• **Сектор Шумарство и обработка на дрво, квалификација Техничар за обработка на дрво:**<br>Трета година:<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Математика<br>2. Физика<br>- Изборен модул: Производи од дрво и дрвна биомаса<br>Предмет: 1. Технологија на дрвна амбалажа<br>2. Дрвни монтажни објекти<br>Четврта година:<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Математика<br>2. Физика<br>- Изборен модул: Производи од дрво и дрвна био маса<br>Предмет: 1. Резбарство<br>2. Дрвна биомаса<br>• **Сектор Геологија, рударство и металургија, квалификација Геолошко-рударски техничар:**<br>Трета година:<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Математика<br>2. Физика |

| | |
|---|---|
| | - Изборен модул: Лежишта на минерални суровини<br>Предмет: 1. Лежишта на метали<br>- Изборен модул: Откопување на рудни наоѓалишта<br>Предмет: 1. Современи методи на откопување<br>2. Автоматизација во рударството<br>Четврта година:<br>- Изборен модул: Општообразовен модул<br>Предмет: 1. Математика<br>2. Физика<br>- Изборен модул: Бизнис и претприемништво<br>Предмет: 1. Бизнис и претприемништво<br>- Изборен модул: Лежишта на минерални суровини<br>Предмет: 1. Неметалични минерални лежишта<br>2. Лежишта на каустобиолити<br>- Изборен модул: Откопување на рудни наоѓалишта<br>Предмет: 1. Рекултивација на теренот<br>Реализацијата на часовите по Содржини програмирани од училиштето е на задоволително ниво. За таа цел училиштето ги нуди програмите кои се изработени од БРО и ЦРСО и програми кои ги изработиле наши наставници, а се одобрени од ЦРСО и БРО. За нив учениците се изјаснуваат преку Изјави одобрени и потпишани од родителите. |
| | |

**Индикатор 1.2. Квалитет на наставните планови и програми**

| **Теми:** | • **Родова и етичка рамноправност и мултикултурна сензитивност во наставните програми и учебни помагала**<br>• **Интегрирање на општите (меѓупредметните) цели на образованието**<br>• **Влијанието на наставниците, родителите и социјалните партнери врз наставните планови и програми** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| **•Наставни планови и програми донесени од БРО и ЦРСО** | Во нашето училиште наставниците ја реализираат својата работа според наставните програми од БРО и ЦРСО со коишто се уредуваат целите, наставните подрачја, темите/модуларните |

| | |
|---|---|
| **•Годишни и тематски планирања на наставниците**<br><br>**•Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>**•Годишни програми за работа Стручните активи**<br><br>**•Годишни програми од секциите**<br><br>**•Стручни упатства и насоки од педагошко- психолошката служба во училиштето**<br><br>**•Индивидуален образовен план** | единици и содржините, според образовните стандарди и критериуми. Училиштето соработува со институциите во локалната средина и пошироко, со барање за обезбедување на услугите за задоволување на потребите на учениците: здравствени потреби (систематски прегледи, вакцинација) можност за развивање таленти или интереси (научни, музички, уметнички, спортски и друго).<br>СОУ ,,Ѓорче Петров” е мултиетничка и мултикултурна средина каде што успешно се интегрирани и рамноправно се здобиваат со знаења и вештини, девојчиња и момчиња од различни национални ентитети: Македонци, Роми, Турци, Бошњаци, Албанци, Власи и други. Всушност, мултикултурната поврзаност е секојдневно присутна за време на наставата, во воннаставните активности и во вообичаениот училиштен живот затоа што секоја паралелка има и успешно функционира со ученици од различни национални и културни ентитети.<br>Во наставниот процес се интегрираат и учениците со потешкотии и ученици со посебни образовни потреби. Во учебните 2024/2025 година и 2025/2026 година во нашето училиште учат четири ученици со ПОП (посебни образовни потреби). За реализација на часовите со нив наставниците употребуваат упатства од назначените образовни асистенти и нивните изработени Индивидуални образовни планови. Формите на работа на час за овие ученици наставниците ги евидентираат во подготовките за наставните часови.<br>Нашето училиште е стручно, со осум образовни квалификации и пет сектори од што произлегува разновидност на подрачјата и предметите што се изучуваат. Во целиот образовен процес постои интеграција на целите и задачите меѓу стручните предмети и предметот Учење преку работа кај работодавач во сите образовни профили/квалификации. Предметот Учење преку работа кај работодавач се реализира во локални компании со директно вклучување на учениците во работниот процес. Предметот се реализира според даден распоред од училиштето. |

| | |
|---|---|
| | Во реализацијата на целите и задачите на овој предмет се вклучени: училишните координатори за Учење преку работа кај работодавач, наставници по стручни предмети одговорни за Учење преку работа кај работодавач и сертифицирани ментори од компаниите. Со компаниите и сите деловни субјекти се склучуваат меморандуми за соработка, а се потпишуваат и договори од страна на училиштето, компанијата и родителите на учениците. Во изработката на наставните планови по предметот Учење преку работа кај работодавач и за Феријална практика наставниците остваруваат соработка и се договараат за содржините на програмите по спомнатите предмети со менторите од компаниите со што и локалните компании имаат влијание врз содржините кои учениците ќе ги усвојуваат практично, во склад со производните процеси и со насоките од ЦРСО.<br>Во Годишната програма сè повеќе се застапуваат различни стратегии во планирањето на наставната работа, со цел при реализација на наставните содржини наставникот повеќе да биде организатор на наставниот процес и да применува нови методи со што ќе се овозможи активирање на секој ученик. Со тоа ќе се обезбеди активна улога на ученикот во наставниот процес.<br>Училиштето води долгорочна стратегија за модернизација на образованието што опфаќа: промена во општата организација на внесување иновации, иновации во знаењето на наставниците, иновации во училишната архитектура, иновации на едукативната опрема, иновации во формите и методите за настава и учење.<br>Годишните планирања и планирањата по модуларни единици се изработуваат од страна на наставниците според дадените насоки и упатства од МОН, ЦРСО и БРО и се предаваат во стручната служба од 1 до 5 септември за тековната година.<br>Годишните програми за работа на стручните активи се доставуваат кај педагогот во август и влегуваат во состав на Годишната програма за работа на училиштето за новата учебна година. Годишните извештаи за работа на стручните активи од претходната учебна година се доставуваат на крајот од учебната |

| | |
|---|---|
| | година кај педагогот и влегуваат во состав на Годишниот извештај за работа на училиштето за крајот на учебната година. Во нив се внесени сите активности кои се реализирале во текот на годината. Стручните активи водат евиденција за работата од своето подрачје, како и за бележење на нивните состаноци кои се заверени со посебен деловоден број.<br>Училиштето им дава можност на родителите да се вклучуваат со свои ангажирања во наставниот процес преку: комуникација училиште - семејство, наставници - родители, преку помагање на учениците при изработување на одредени задачи со кои ја поддржуваат активната улога на ученикот во наставата. Родителите учествуваат и даваат предлози, иницијативи, сугестии и донесуваат одлуки преку ангажман во Совет на родители (од секоја паралелка на првата родителска средба се избира претставник и заменик претставник за Советот на родители).<br>Тројца претставници од Советот на родители учествуваат во работата на Училишниот одбор.<br>Комуникација меѓу семејството и училиштето се реализира преку разни средства како што се: индивидуални состаноци на родителите со наставниците, со стручната служба, со директорот и учениците, телефонски разговори, смс и електронска пошта.<br>Се остваруваат и средби со известување по пат на писмени покани до родителите за одредени задачи (педагошки мерки, успех, изостаноци, поведение и друго) и на покана од класен раководител.<br>Се водат и групни советувања (разговори) на повеќе родители од страна на стручната служба, што е воведено пред повеќе години.<br>Програмата Советување на родители, под покровителство на МОН успешно се спроведува во нашето училиште веке шеснаесет години од страна на педагошко-психолошката служба. Во програмата за советување на родители се опфатени родителите чиишто деца покажале слаб успех (3 и повеќе слаби оцени), имаат повеќе од 10 неоправдани изостаноци или имаат повеќе од 100 оправдани изостаноци. Класниот раководител писмено, преку смс или преку електронска адреса ги поканува родителите на разговор во |

| | |
|---|---|
| | педагошко-психолошката служба, на одреден датум и во термин кој го определува педагошко-психолошката служба. Советувањето се реализира во групи од по 20 родители кои се запознаваат со успехот и редовноста на нивните деца, со Програмата за Советување на родителите, со чекорите на правилна комуникација на релација родител – дете, со стиловите на родителство и со прекршочните санкции кои што следуваат до колку родителот не дојде на закажаниот термин. Предвидени се две средби во траење од еден час. Исто така, во рамките на оваа програма има групно советување на учениците по паралелки.<br>Уште на првата родителска средба родителите од страна на класните раководители се запознаваат со наставните планови, со програмите за работа на учениците, како и со наставните предмети во секоја година на образование за различните струки/сектори.<br>За информирање на родителите за одредени активности во врска со квалитетот на наставните програми и планови во училиштето се користи и официјалната веб-страница на училиштето. |

**Индикатор 1.3. Воннаставни активности**

| **Теми:** | • **Обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности**<br>• **Опфатеност на учениците со воннаставни активности**<br>• **Вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата во воннаставните активности**<br>• **Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности;** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| • **Годишна програма за работа на училиштето**<br><br>• **Дневници на паралелките (е-дневник )** | Преку слободните ученички активности се реализира воспитната работа на учениците. Ваквата заинтересираност на учениците за слободните ученички активности произлегува оттаму што учениците од нашето училиште се присутни на сите општински и државни манифестации, натпревари, ревии, конгреси, бидејќи ова |

| | |
|---|---|
| • **Евиденција од педагогот -списоци на ученици членови на секции, извештаи од секции** | претставува одлична можност учениците да се дружат спортувајќи, глумејќи, творејќи и, најважно од сè, претставувајќи се себеси преку вештините и знаењата што ги стекнуваат во стручното образование. Социјализацијата, другарувањето и меѓусебната соработка, доверба и толеранција се основа на ваквите активности внесувајќи позитивна енергија кај нашите ученици. Секоја учебна година на заинтересираните ученици им се понудуваат секции во кои тие ќе имаат можност да истражуваат и да се стекнуваат со нови знаења и искуства во нивното поле на интерес.<br>Во нашето училиште во учебните 2024/2025 и 2025/2026 работеле следните секции:<br>1. Драмска секција „Слободно театарче“ - Билјана Тинтоска<br>2. Фризерска секција – Стојне Христоска<br>3. Информатичка секција – Гоце Неделкоски<br>4. Математичка секција – Валентина Темелкоска и Тодорка Лашкоска<br>5. Текстилна секција – Здравка Најдоска, Наташа Мирческа, Јулијана Поповска<br>6. Историска секција „Млади историчари“ – Ирена Јорданоска<br>7. Секција за спорт и спортски активности (футсал, кошарка, фудбал, одбојка, ракомет, велосипедизам, карате, пинг-понг, атлетика) – Здравко Ристески, Зоран Димоски, Дејан Димоски<br>8. Секција по физика – Сашо Кочоски<br>9. Рецитаторска секција – Лора Т. Николоска, Ивана Вељановска<br>10. Здравствено-едукативна секција – Наташа Ванчева, Ленче Јованоска<br>11. Литературна секција – Лидија Ристеска<br>12. Историска секција – Костадин Стојаноски<br>13. Новинарско-говорничка секција – Оливера Димитријоска<br>Во училиштето функционира и училишната музичка група The doctors која настапува на училишни и локални настани, програми, приредби, организирани забави, а успешно зема учество и на натпревари. |

| | |
|---|---|
| | Драмската секција ,,Слободно театарче" подготвува и реализира претстави со огромен интерес кај публиката не само на училишно, туки и на локално ниво, а членовите со свои активности збогатуваат и настани кои се случуваат во училиштето и надвор од него.<br>Одговорните наставници подготвуваат програми за работа која ја презентираат пред учениците.<br>Содржините кои се реализираат на часовите од секциите се внесуваат во дневникот на паралелката (електронски дневник), а на полугодие и на крај на учебната година кај педагогот на училиштето се испраќаат извештаи кои потоа се составен дел на полугодишниот и годишниот извештај за работа на училиштето. Желбата и планот за да ги вклучат учениците во работата на секцијата, наставниците ја пријавуваат во август кај педагогот на училиштето и тоа влегува во состав на Годишната програма за работа на училиштето за новата учебна година. Во текот на септември кај педагогот се испраќаат списоци на заинтересирани ученици кои ќе бидат членови на секциите. При вклучувањето на учениците во вонннаставните активности не се прави разлика во однос на нивната националност, пол и нивните способности. Учениците активно се вклучуваат со свои предлози и сугестии. При вклучување во вонннаставните активности желбата на ученикот е на прво место.<br>Преку вонннаставните активности учениците се социјализираат, се поттикнуваат на креативност, на комуникација, тимска работа, толеранција, емпатија, љубопитност, а со тоа се зголемуваат не само постигнувањата, туку и нивните вештини, а им се прошируваат и видиците. Со работата на секциите се афирмираат учениците, нивните таленти и постигнувања, а со тоа и нашето училиште.<br><br>Реализацијата на вонннаставните активности е добра. Тие се организираат и за потребите за учество на општинските, регионалните и државните натпревари, потоа за реализација на |

| | |
|---|---|
| | активности и настани по одредени поводи и обележување на значајни датуми, но и како поддршка на личниот и социјалниот развој на учениците во училишната, локалната, националната и меѓународната средина. Учениците имаат можности за учество во национални и меѓународни проекти каде што успешно се презентираат себеси и нашето училиште.<br>Афирмацијата на училиштето и на учениците се врши преку планирање и организирање на различни воннаставни активности кои се реализираат при изготвување на програмата по повод Денот на училиштето, Отворен ден на училиштето, хуманитарни акциии и настани организирани од Младинскиот совет на училиштето. Тоа се настани кои позитивно влијааат на рејтингот и промоцијата на училиштето, а ја поттикнуваат хуманоста и заедништвото се организираат од ученици, професори од одделни активи, секции во соработка со локалната средина. Повеќе години наназад на неколку пати во текот на наставната година учениците од образовниот профил Фризер им даваат бесплатни фризерски услуги на штитеници во Дом за стари лица, а учениците од здравствената струка традиционално вршат мерење на притисок и шеќер и внесуваат радост и веселба кај оваа група на граѓани.<br>Во учебната 2024/2025 учениците од текстилно-кожарска струка донираа чаршави и навлаки за перници во детско одделение; изработија и донираа чаршави за ортопедско одделение; делеа мартинки во училиштето и низ центарот од градот; делеа подароци изработени од учениците низ прилепската чаршија и на колешките; изработија беџови од филц и ги подаруваа на сите вработени во училиштето и на гости од странство; изработија перничиња за учесниците во Бадниковата поворка; изработија перници и навлаки за потребите на проектот ,,Промоција на безбедна училишна средина“, додека пак во учебната 2025/2026 г. тие изработија панделки за украсување на новогодишните куќарки/тезги во центарот на градот за предновогодишниот настан ,,Новогодишна приказна”; изработија стегачи за коса, |

| | |
|---|---|
| | новогодишни чизмички кои ги подарувaa на вработени во конфекција „Кули“; изработија и донираа чаршави за кревети и навлаки за перници за ортопедско-трауматолошко одделение и за одделението за анестезиологија и реанимација; за интерно одделение, изработија мартинки и ги понудија за продажба во неколку основни училишта. Финансиските средства се наменија за помош на семејство чијашто куќа изгоре во пожар. Учениците учествуваа на хуманитарен базар со изработени производи; во изработка на училишната маска за карневалот Прочка 2026; изработија несесери (ќесиња) за гости од странство учесници во проект. Исто така беа изработени и донирани чаршави и навлаки за перници во Домот за стари лица „Киро Крстески - Платник".<br>Афирмацијата на училиштето се врши и преку промотивна активност наменета за учениците од деветто одделение од основните училишта во градот и во околните населени места, преку отворен ден кој се организира во училиштето (месец мај од тековната учебна година), но и преку голем број активности на наставниците и учениците по различни предмети во текот на целата наставна година.<br>На почетокот на учебната година на родителските средби, класните раководители ги информираат родителите за секциите кои ќе работат во училиштето и за можноста на секој ученик да се вклучи таму каде што има интерес и желба. |

| **Методи кои се користени за собирање податоци** | **Собрани информации** |
|---|---|
| **Анкета за наставници** | Анкетирани беа вкупно триесет наставници<br>• „Наставата ја реализирам согласно наставните програми одредени од МОН (БРО) на РСМ“ дадени се следниве одговори: потполно се согласувам 30 (100%)<br>• „Наставниците ги информираат учениците за наставниот план и содржиникои ќе се изучуваат на почетокот на учебната година за секој предмет поединечно“ потполно се согласувам 30 (100%), |

| | |
|---|---|
| | • „Наставните програми овозможуваат примена на различни наставни методи и форми на работа“ потполно се согласувам 26 (86,7%) делумно се согласувам 4 (13,3%)<br>• „Применувам изготвени критериуми за оценување на учениците“ потполно се согласувам 30 (100%)<br>• „Наставниците добиваат навремени обуки за примена на современи методи и техники за планирање на наставата“ потполно се согласувам 26 (86,7%) делумно се согласувам 3 (10%) и не се согласувам 1 (3,3%).<br>• „Во текот на наставата се користат различни материјали и извори на учење, вклучувајќи и ВИ“ потполно се согласувам 24 (80%) делумно се согласувам 6 (20%).<br>• „НПП ги изработувам во соработка со колегите од активот и стручната служба“ потполно се согласувам 27 (90%) делумно се согласувам 3 (10%)<br><br>Заклучок: Од анализираните одговори на прашањата во анкетата за наставници може да се види дека училиштето претставува сигурна и стабилна средина каде што административните и педагошките стандарди се исполнети во целост. Иако кадарот е технолошки напреден, постои потреба од подиректна поддршка и потаргетирани обуки за да се затвори јазот кај оние 4-5 наставници кои чувствуваат потешкотии во следењето на современите трендови. Колегијалните односи и поддршката од стручната служба се на високо ниво, што е клучно за градење на организациска стабилност. |
| **Анкета за родители** | Анкетирани беа вкупно 50 родители<br><br>• „Навремено и редовно сум известен/а за наставната содржина која ке ја изучува моето дете“: потполно се согласувам 47 (94%), делумно се согласувам 3 (6%).<br>• „Информиран/а сум за постапката за избирање на изборен предмет и истата се применува во целост“: потполно се согласувам 84 (84%), делумно се согласувам 16 (16%).<br>• „Навремено сум известен/а за постапката за избор и планот за реализација на Содржини програмирани од училиштето“: потполно се согласувам 40 (80%), делумно се согласувам 10 (20%).<br>• „Наставниците однапред ги запознаваат учениците со критериумите за оценување по нивниот предмет“: потполно се согласувам 42 (84%), делумно се согласувам 8 (16%).<br>• „Во училиштето има избор на различни вон наставни активности (на пр. клубови, проекти, акции и сл.)“: потполно се согласувам 44 (88%), делумно се согласувам 6 (12%) . |

| | |
|---|---|
| | • „Моето дете е вклучено во вон наставни активности, според сопствениот интерес“: потполно се согласувам 40 (80%), делумно се согласувам 10 (20%).<br>• „Училиштето го чувствувам како безбедна средина за моето дете“: потполно се согласувам 43 (86%), делумно се согласувам 7 (14%).<br><br>Заклучок: Комуникацијата на релација училиште-родител е здрава, навремена и отворена. Постои висок степен на објективност и усогласеност меѓу она што наставниците го предаваат како критериум и она што семејствата го перципираат. Училиштето успешно гради инклузивна средина и нуди широк спектар на воннаставни активности, што директно придонесува за развој на дигиталната и социјалната отпорност кај учениците. |
| **Анкета за ученици** | Анкетирани беа вкупно 50 ученици<br><br>• „На почеток на учебната година бев информиран/а за содржината на Наставните планови и програми“ се согласувам одговориле 44 (88%), делумно се согласувам одговориле 6 (12%) ученици.<br>• „Самостојно и без влијание на мојот избор, го избрав изборниот предмет кој јас сакам да го изучувам и ми е од интерес“, се согласувам одговориле 39 (78%), делумно се согласувам одговориле 10 (20%) и не се согласувам одговориле 1 (2%) ученици.<br>• „Секој ученик има подеднакво право да биде вклучен во воннаставни активности, во зависност од неговите потреби и интереси“ се согласувам одговориле 40 (80%), делумно се согласувам одговориле 6 (12%) и не се согласувам одговориле 4 (8%) ученици.<br>• „Наставниците на часовите користат различни материјали и извори на учење (на пр. енциклопедии, списанија, интернет, модели)“, се согласувам одговориле 37 (74), делумно се согласувам одговориле 9 (18%) и не се согласувам одговориле 4 (8%) ученици.<br>• „Имаме учебници по секој наставен предмет“ се согласувам одговориле 2 (4%), делумно се согласувам 5 (10%) и не се согласувам одговориле 43 (86%) ученици.<br>• „Наставниците користат разни начини за проверка на нивните знаења (усна проверка, тестови, наставни листови и сл.)” се согласувам одговориле 38 (76%), делумно се согласувам одговориле 9 (18%) и не се согласувам одговориле 2 (6%) ученици.<br>• „Наставниците редовно нè известуваат за нашите постигнувања и начините за подобрување“ се согласувам одговориле 45 (90%), делумно се согласувам одговориле 4 (8%) и не се согласувам одговориле 1 (2%) ученици. |

| | |
|---|---|
| | Заклучок: Резултатите покажуваат високо ниво на информираност на учениците за наставните програми, можност за избор на изборни предмети според личните интереси и примена на разновидни методи на работа и оценување од страна на наставниците. Учениците генерално сметаат дека имаат еднакви можности за вклучување во воннаставните активности согласно нивните потреби и интереси. Најслаба оценка добива обезбеденоста со учебници, каде што мнозинството ученици се изјасниле дека немаат учебници по сите наставни предмети. Оваа област претставува приоритет за подобрување. Резултатите покажуваат дека најголем дел од учениците сметаат дека наставниците редовно ги информираат за нивните постигнувања и им даваат насоки за подобрување, што укажува на добра комуникација и континуирано следење на напредокот на учениците. |

| **АНАЛИЗА** |
|---|
| Училиштето во целост ги реализира наставните планови и програми подготвени од ЦРСО, БРО а одобрени од МОН и истите се реализираат во пропишаниот обем. Наставниот кадар има изработено критериуми за оценување на учениците по модуларни единици за наставните предмети кои ги предаваат.<br>Учениците се запознаваат со целите и содржините на Наставните планови и програми преку наставниците. Часовите по предметот Учење преку работа кај работодавач се реализираат во компании и деловни субјекти од локалната заедница. За таа цел постои континуирана соработка меѓу училишниот координатор, одговорните наставници, менторите назначени во компаниите.<br>На првите родителски средби кои се организираат на почетокот од учебната година класните раководители ги информираат родителите за Наставните планови и програми и предметите кои ќе се реализираат, а истите информации се достапни и на официјалната веб-страницата на училиштето и на официјалните веб-страници на МОН, БРО и ЦРСО.<br>Училиштето ги нуди сите изборни предмети според Наставниот план, и секој ученик избира по два предмети (освен за образовниот профил фризер) во втора година и се изучуваат по еден предмет во трета и еден предмет во четврта година, освен квалификацијата Техничар за козметичка нега и убавина, кои избираат по два предмети за секоја година. При реализацијата на годишната програма по одделни предмети, одделни наставни содржини се прилагодуваат и се усогласуваат со карактеристиките на локалната средина и се реализираат со посета на одредени објекти на локалната средина. |

| |
|---|
| Учениците учествуваат во работа на секциите кои се организираат во училиштето. Тие имаат поддршка и мотивација од наставниците и училиштето  да учествуваат во различни воннаставни активности, натпревари на различни нивоа (оштински, регионални, државни, меѓународни).<br>Училиштето активно се вклучува во општествено-културните настани во Локалната заедница. Соработува со компетентни институции и поединци од ЛЗ и пошироко со чија помош и соработка преку реализација на предавања, работилници, советувања  и други активности, се води грижа за физичкото и менталното здравје на учениците. |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Училиштето обезбедува сигурна, стабилна и добро организирана работна средина.<br>• Административните и педагошките стандарди се исполнуваат на високо ниво.<br>• Наставниот кадар поседува добри дигитални компетенции и ги следи современите образовни трендови.<br>• Постои високо ниво на колегијална соработка и меѓусебна поддршка меѓу вработените.<br>• Стручната служба обезбедува квалитетна и континуирана поддршка на наставниците.<br>• Комуникацијата помеѓу училиштето и родителите е навремена, отворена и ефективна.<br>• Родителите имаат доверба во објективноста на наставниот процес и оценувањето.<br>• Училиштето успешно промовира инклузивност и еднакви можности за сите ученици.<br>• Се нуди богат избор на воннаставни активности кои придонесуваат за развојот на учениците.<br>• Учениците се добро информирани за наставните програми и изборните предмети.<br>• Наставниците користат разновидни методи на работа и оценување.<br>• Учениците редовно добиваат повратни информации за своите постигнувања и насоки за подобрување. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Немање учебници по сите наставни предмети.<br>• Недоволна обученост на наставниците  за  работа со ученици со посебни образовни потреби. |

| | |
|---|---|
| | |

| ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ |
|---|
| - Континуирано обезбедување современи нагледни средства како и материјали за пракса;<br>- Одржување и проширување на контактите со локалната и пошироката деловна и општествена заедницаза реализација на наставни програми, воннаставни активности, обезбедување на материјали и нагледни средства;<br>- Обезбедување на вклученост на наставниот кадар во обуки за инклузивно образование и други видови обуки;<br>- Натамошна афирмација и надоградување со учество на учениците и наставниците на различни настани , натпревари, проекти. |

**Изработиле:**

1. **Елизабета Милошеска**
2. Даниела Зојческа
3. Костадин Стојаноски
4. Тања.Н. Крстеска
5. Ивана Велјаноска
6. Марија Т. Желчески
7. Кристи Дамкоски
8. Ангела Кочоска

**Подрачје 2. ПОСТИГНУВАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Ниво при евалуација: МНОГУ ДОБРО**

| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| **2.1** | **Постигања на учениците** | • **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**<br>• **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на надарените ученици**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>• **Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно во друго ниво на образование** |
| **2.2** | **Задржување/осипување на учениците** | • **Опфат на учениците**<br>• **Редовност во наставата**<br>• **Осипување на учениците**<br>• **Премин на ученици од едно училиште во друго** |
| **2.3** | **Повторување на учениците** | • **Ученици кои не ја завршуваат годината** |

**Индикатор2.1 Постигања на учениците**

| | |
|---|---|
| **Теми** | • **Следење на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата) според наставни предмети и според квалификациони периоди**<br>• **Подобрување на постигањата на учениците од различен пол, етничка припадност (и јазикот на наставата)**<br>• **Идентификација на учениците со тешкотии во учењето и на надарените ученици** |

| | |
|---|---|
| | • **Подобрување на постигањата на учениците преку редовната и дополнителната настава**<br>• **Следење на постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус и од едно до друго ниво на образование** |
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| • **Правилник за оценување и наградување на учениците**<br>• **Дневници**<br>• **Писмени работи**<br>• **Изработени тестови**<br>• **Закон за средно образование**<br>• **Државна матура и завршен испит**<br>• **Евиденции и белешки од наставници**<br>• **Записници од полагање**<br>• **Записници од совети на паралелките и средбите со родителите** | За обезбедување на квалитет на наставата, на секои две учебни години средното училиште врши самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата. Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб-страницата на училиштето, а препораките од истата се патоказ за изработување на развојната програма за работа на средното училиште.<br><br>Во текот на наставниот процес се врши перманентно следење и оценување на постигањата на учениците. Тоа се прави, како на часовите за повторување и утврдување на постигањата на учениците, така и на часовите за совладување нови наставни содржини. Оценувањето се врши според пропишани стандарди и критериуми на ниво на училиштето. Според пропишаните стандарди и критериуми за оценување од Министерството за образование и наука, постојано се врши следење и формативно оценување на постигнувањата на учениците и сумативно оценување на постигнатите знаења. Секој наставник е должен оценувањето да го имплементира во дневната подготовка за наставната единица и да испланира со какви методи ќе го изведе истото на формативно и на сумативно ниво. Секоја година на крајот на учебната година се избира првенец на генерацијата. Според Конкурсот што го објавува училиштето право на учество на конкурсот имаат редовни ученици од четврта година кои во изминатите четири години од образованието постигнале континуиран одличен успех, примерно поведение, имаат постигнато резултати од учество на натпревари организирани од МОН и БРО. Изборот за првенец на генерација го врши надлежна комисија по предлог на директорот на училиштето, усвоена од Училишниот одбор. Членови на комисијата за избор на првенец на генерација се: педагог Снежана Милошеска и предметните наставници: Валентина Темелкоска, Лидија Ристеска и Марина Димовска. На крајот на учебната година училиштето распишува Конкурс за избор на Првенец на генерација, на кој преку класните раководители, се пријавуваат учениците кои ги исполнуваат условите дадени во конкурсот.<br><br>Постигањата на учениците се следат во еден постојан процес кој опфаќа: вреднување на усните одговори на учениците, презентации, активности и интереси за време на часот, изработка на писмени работи, есејски задачи, контролни задачи, тестови, практична работа итн. Преку редовно, систематско следење и проверување на постигнувањата на учениците |

| | |
|---|---|
| | се добиваат сознанија за нивниот напредок или евентуална стагнација во постигањата, квалитетот на знаењата и сл. при што се утврдува оценка за секој ученик. |
| • **Записници од поправни испити**<br>• **Програма за дополнителна и додатна настава на наставниците**<br>• **Главни книги**<br>• **Годишен извештај за успехот и поведението на учениците**<br>• **Извештаи од педагогот за успех и редовност на учениците на крајот на тромесечијата, полугодие и крај на учебна година**<br>• **Евиденција од педагогот за учениците кои одат на натпревари и кои имаа освоено награди**<br>• **Евиденција од педагогот за отпишани и запишани** | Посебно место во оценувањето заземаат писмените работи по предметите кои се обврзани на нивна изработка, а тоа се: Македонски јазик и литература, Англиски јазик, Латински јазик и Математика. И овој облик на оценување се врши според стандардизирани критериуми и норми кои се однесуваат на вреднување на есејските трудови на учениците. Притоа, се оценува по критериумите од типот: содржина, композиција, јазик (на пр. по предметот Македонски јазик и литература, Англиски јазик и Латински јазик).<br><br>Во рамките на ова, треба да се спомене дека тестовите се изработуваат според пропишани стандарди, со точно испланиран процент на прашања со понудени одговори, есејски прашања или одговори со дополнување. Наставникот е должен да изработи спецификациска листа на очекуваните исходи од тестот, како и процентуална проценка на најниското ниво кое ќе биде доволно да се добие оценка Доволен (2). Исто така, тој треба пред спроведувањето на тестот да има подготвено клуч на очекувани точни одговори и бодовна листа.<br><br>Секој наставник си води евиденција за постигањата на секој ученик поодделно, што му е главен показател за изведување сумативна оценка. Евиденцијата задолжително се води во електронските дневници на паралелките, при што секој наставник е обврзан да напише најмалку по една оценка за секое тримесечје и на крајот на првото полугодие, односно крајот на учебната година. Но, наставникот има право во графата за оценување по својот предмет да напише онолку оценки колку што смета дека треба да има.<br><br>Освен овој облик на евиденција, наставниците користат и индивидуална евиденција, на пример изработуваат листа за оценување на сите ученици според определени критериуми кои може да ги усогласат и со самите ученици. На тој начин, учениците предвреме знаат што ќе биде оценувано за секоја област и каква оценка би добиле според покажаното знаење.<br>Наставниците треба да ги идентификуваат учениците со потешкотии во учењето со нивно следење во работата на час или доколку има податок од класниот раководител доколку тој |

| | |
|---|---|
| **ученици во текот на учебната година** | има информации за потешкотии во учењето. За тие ученици се изработуваат посебни задачи во текот на часовите. Педагошко-психолошката служба спроведе Прашалник за идентификација на ученици со посебни образовни потреби и потешкотии во учењето. Од прашалникот се добија податоци за видот на попреченоста на учениците, за потешкотии во пишувањето, потешкотии во читањето, потешкотии во зборувањето, ученици со социо-емоционални проблеми, што во значитална мера ќе придонесе за разбирање на потребите на сите ученици и соодветно на тоа да им се овозможи различна помош и поддршка на овие ученици. Педагошко-психолошката служба води евиденција за учениците со потешкотии во учењето и за учениците со посебни образовни потреби.<br><br>Оваа учебна година 2025/2026 во училиштето учат четири ученици со посебни потреби. Тројца ученици имаат образовни асистенти и тие им помагаат на часовите полесно да ги совладуваат наставните содржини. За еден ученик родителите имаат изјавено дека не сакаат нивното дете да има образовен асистент. Од средината на учебната 2025/26 година во училиштето има вработено специјален едукатор и рехабилитатор кој им помага на учениците со посебни образовни потреби и на учениците со потешкотии во учењето.<br><br>Во училиштето наставниците ги идентификуваат надарените ученици. Тоа се оние ученици кои покажуваат посебен интерес по некој предмет и со нив се работи на додатни часови. Училиштето учествува на општински, регионални и државни натпревари со учениците кои покажуваат интерес и знаење по предметите: македонски јазик и литература, англиски јазик, биологија, хемија, бизнис и претприемништво, математика, латински јазик, спорт и спортски активности, содржини програмирани од училиштето, Ученичка компанија – претприемачка практика за млади, музичка култура, ликовна уметност итн.<br><br>За ученици кои имаат потешкотии во совладување на одреден предмет се одржува дополинителна настава. Во училиштето има програми за дополнителна, консултативна и додатна настава. На почетокот од секој месец педагогот на училиштето им испраќа насоки на класните раководители за водење на дополнителната и додатната настава. Педагогот со следењето на дополнителната и додатната настава прави анализа на истата за секој наставник и за секој предмет. Предметните наставници доставуваат до класните |

| | |
|---|---|
| | раководители еднаш месечно список на ученици кои треба да посетуваат дополнителна настава по некој предмет. Класниот раководител ги известува учениците за термините за одржување на дополнителна настава по некој предмет.<br><br>Во училиштето, исто така, се одржува додатна настава за ученици кои учествуваат на натпревари по одредени предмети. Педагогот на училиштето има евиденција на постигнувањата на учениците, односно освоени награди на натпреварите.<br><br>Класните раководители водат записници во електронскиот дневник за секој одржан Совет на паралелката во кои ги внесуваат постигнувањата на учениците и во поглед на успехот и во поглед на редовноста. Исцрпни записници за резултатите од постигнувањата на учениците од класот задолжително се водат на полугодие и на крајот на учебната година.<br><br>Средбите со родителите, исто така, се обележуваат со посебни записници коишто ги води класниот раководител на посебно место во електронскиот дневник на паралелката и во кои тој дава исцрпни податоци за присуството на родителите и по точките од дневниот ред на средбата.<br><br>Родителите на учениците коишто покажуваат послаби резултати во учењето (три и повеќе единици), како и на учениците коишто често изостануваат од настава (оправдано или неоправдано) се повикувани на советување во педагошко-психолошката служба (проект кој трае повеќе години). Исто така, таквите ученици се повикувани и на групно советување од страна на педагогот и психологот на училиштето.<br><br>Но, имајќи предвид дека оценувањето е нераскинлив дел од процесот на настава, со осовременување на методите на работа, се јави потреба од користење на посовремени форми на оценување. За таа цел наставниците посетуваат соодветни обуки организирани од надлежните институции. |

| | |
|---|---|
| | Резултатите од поправните испити на учениците кои се спроведуваат на крајот од учебната година во две испитни сесии (мај и јуни за матурантите, јуни и август за другите ученици) се внесуваат во записници кои ги пополнуваат комисиите формирани од директорот и во кои се внесуваат прашањата што му биле поставени на ученикот на поправниот испит и оценката што ја добил. По некои предмети, како на пример Македонски јазик и литература, Англиски јазик, Латински јазик и Математика комисиите се должни да му обезбедат на ученикот писмен и устен одговор. Притоа, на посебни места во записникот се забележуваат прашањата од писмениот и усниот дел и посебните оценки што ги добил, а на крајот се изведува конечна оценка. Оценката од записникот за поправниот испит се внесува и во педагошката документација во Дневникот на паралелката (електронски) од страна на предметниот наставник и во Главната книга од страна на класниот раководител.<br><br>Резултатите и содржините од полагањето на предметите од државната матура, државна стручна матура односно завршниот испит комисиите ги внесуваат во посебни записници за таа намена, каде што секој ученик има посебен деловоден број.<br><br>Индивидуалните податоци за учениците, успехот од претходната учебна година како и актуелниот успех, класниот раководител ги внесува во посебна Главна книга за класот каде што се внесува и деловодниот број на тековното свидетелство. Главните книги од секоја наставна година се укоричуваат во посебна заедничка Главна книга која се чува како траен извор на податоци за учениците во случај тие да го изгубат свидетелството.<br><br>Резултатите од полагање државна матура, државна стручна матура, училишна стручна матура и завршен испит (екстерни, интерни предмети, проектни задачи) се внесуваат во посебни главни книги од страна на класните раководители и во Годишниот извештај на училиштето.<br><br>Освен гореспоменатите модели, во училиштето се врши и следење на постигањата на учениците по години, пол, етничка припадност според наставни предмети и квалификациони периоди. Бидејќи во нашето училиште се присутни сите претходно наведени критериуми, секој класен раководител на крајот од кој било класификациски |

| | |
|---|---|
| | период во текот на учебната година (како на пример прво, второ, трето тримесечје, полугодие или крај на учебната година) изработува извештај во кој точно го наведува успехот и поведението на учениците од класот според полот, етничката припадност и другите критериуми. Извештајот се пополнува како готов формулар даден од педагогот на училиштето, кој се користи за понатамошни анализи. Педагогот на крајот од првото тримесечје, полугодие, трето тримесечје и на крајот од учебната година изготвува сумарни извештаи со компаративни табели по класови и години за успехот и редовноста на учениците кои ги презентира пред наставничкиот совет. Врз основа на ваквите анализи што се прават врз основа на споменатите извештаи на ниво на училиштето се изработува стратегија за подобрување на постигнувањата на учениците во категориите во кои тие покажале послаби резултати. Со овие анализи се обрнува внимание на подобрувањето на постигнувањата кај споменатата категорија ученици со сите методи, форми и „алатки“ кои им се на располагање во текот на редовната, дополнителната, консултативната и додатната настава. Исто така, овие анализи се презентираат и пред Училишниот одбор и пред Советот на родители.<br><br>Наставата во училиштето се одвива како редовна настава во секој работен ден пропишан со календарот за работа во соодветната учебна година.<br><br>Во рамките на редовната настава перманентно се следат постигнувањата на учениците. Но, за учениците кои во текот на редовната настава не покажале задоволувачки резултати, наставниците се обврзани да одржуваат дополнителна настава. Таа се одвива во слободниот период кога учениците кои треба да ја посетуваат немаат обврски во рамките на редовната настава. Наставникот е должен писмено да го информира класниот раководител кои ученици треба да посетуваат дополнителна настава по соодветниот предмет, а потоа класниот раководител постапува според Насоките за организирање на дополнителна настава што ги добиваат од страна на педагогот. Искуствата покажуваат дека дополнителната настава претставува можност кај совесните ученици да го поправат успехот и да ги подобрат своите постигнувања. |

| | |
|---|---|
| | Во текот на својата работа наставниците се соочуваат со ученици кои покажуваат тешкотии во совладувањето на наставата и во учењето. Секој наставник е должен, следејќи го перманентно напредокот и постигнувањата на учениците, да ги забележи истите и да примени посебни методи за подобрување на учењето кај овие ученици. Имено, наставникот откако ќе ги забележи таквите ученици со тешкотии во учењето, мора во дневната подготовка за наставната единица за соодветниот клас каде што има такви ученици да предвиди посебни методи и форми на работа кои ќе ги анимираат учениците и ќе го зголемат нивниот интерес за наставата и учењето. Наставникот за овие ученици прави приспособување на целите на часот со способностите и можностите на овие ученици. Секако, тука посебно место зазема љубовта кон човекот и кон професијата, која во голема мера му помага на наставникот да успее во овие насоки.<br><br>Тука би ја спомenале и додатната настава со надарените ученици која во голема мера помага овие ученици уште повеќе да ги надоградат своите знаења и способности. Имено, наставниците во текот на работата мораат да ги забележат надарените ученици и да преземат соодветни чекори преку додатната настава за уште поголем напредок бидејќи општо познат факт е дека талентот не напредува ако не се работи со него. |

**Индикатор 2.2 Задржување/осипување на учениците**

| **Теми** | • **Опфат на учениците**<br>• **Редовност во наставата**<br>• **Осипување на учениците**<br>• **Премин на ученици од едно училиште во друго** |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи** | **Информации** |

| | |
|---|---|
| • **Дневници**<br><br>• **Извештаи по класификациони периоди**<br><br>• **Закон за средно образование**<br><br>• **Потврда**<br><br>• **Преведници**<br><br>• **Изјави од родители**<br><br>• **Евиденција од педагот за отпишани и запишани ученици, издадени преведници за секој отпишан ученик, повратна информација од другото училиште, издадени потврди за упис на ученици од други училишта и барање од родителот за издавање на потврда за запишување на ученикот** | На учениците кои од оправдани причини по еден или повеќе предмети немаат оценка, им се овозможува полагање испит на годината до крајот на учебната година.<br><br>Учениците кои покажале недоволен успех по еден или два предмети, имаат можност да полагаат поправен испит во јунскиот и во августовскиот испитен рок.<br><br>Ако ученикот или неговиот родител не се задоволни од годишната оценка која ја изведува предметниот наставник, можат да постапат по правото кое им го дава Законот за средно образование.<br><br>Учениците се оценуваат според стандарди и критериуми кои професорите од сродни предмети во меѓусебна координација ги изработуваат за секој предмет.<br><br>Термините за изработка на писмени работи и тестови се договараат меѓу наставниците, како и меѓу наставниците и учениците, при што секогаш се води сметка да не се совпаднат две писмени работи или два теста во ист ден.<br><br>За наставата да се одвива нормално и успешно, многу е важно учениците редовно да ја посетуваат наставата и да бидат присутни на часовите. Имено, секое отсуство на ученикот се евидентира во Дневникот за работа на паралелката (електронски). Наставникот е должен отсутните ученици да ги запише на соодветното место. Изостаноците ги регулира класниот раководител врз основа на исказите од родителите, медицински белешки или други документи. Изостаноците можат да бидат оправдани, ако за тоа постои соодветен реален доказ или неоправдани кога ученикот од неоправдани причини ја напуштил наставата. Неоправданото отсуство на ученикот повлекува изрекување педагошки мерки: писмена опомена, опомена пред отстранување од училиштето, и отстранување од училиштето со постапка која ја води Раководителот на паралелката користејќи го Упатството за изрекување педагошки мерки издадено од Министерството за образование и наука, како и Процедурата за изрекување педагошки мерки во СОУ Ѓорче Петров - Прилеп. На почетокот на секоја учебна година, а и тековно класниот раководител им го презентира на учениците Упатството за изрекување педагошки мерки, а на родителите на родителските средби. Педагошко-психолошката служба води евиденција за изречените педагошки мерки на учениците. Во |

| | |
|---|---|
| | комисијата за изрекување педагошки мерки се вклучени класниот раководител, претставник од педагошко-психолошката служба, предметен наставник, родител на ученикот и ученикот. Според Упатството за изрекување педагошки мерки, на ученикот кој направил од 11 до 15 неоправдани изостаноци му се изрекува педагошка мерка Писмена опомена, која што педагошка мерка на полугодие или на крајот на учебната година го намалува поведението на Добро. На ученикот кој направил од 16 до 25 неоправдани изостаноци му се изрекува педагошка мерка Опомена пред отстранување од училиштето, со која на полугодие или на крајот на учебната година се намалува поведението на Незадоволително. Оваа мерка се потврдува од наставничкиот совет и се заведува со деловоден број. За сите изречени мерки се води уреден записник потпишан од комисијата.<br><br>Ако учениците од оправдани причини, на пример поради болест не се во можност подолго време да ја следат наставата и имаат повеќе од 200 изостаноци, а тоа го потврдиле со соодветна медицинска документација, им се овозможува полагање на испит на годината до крајот на учебната година, кој треба да се спроведе во соодветен временски рок и пред соодветни предметни комисии. Ако учениците од неоправдани причини направиле 30 неоправдани изостаноци, класниот раководител испраќа писмо до родителот на ученикот. Родителот на ученикот во рок од 8 дена од добивањето на писмото е должен да се јави во училиштето. Доколку родителот не се појави класниот раководител треба да го извести ДПИ. Постапката за изрекување на педагошките мерки како и писмата кои треба класниот раководител да ги испрати до родителот и до ДПИ, редовно е посочена и објаснета од страна на педагошко-психолошката служба.<br><br>Доколку ученикот се префрлил од друго училиште во одреден период има обврска да полага диференцијални испити, односно предмети кои не ги учел во претходното училиште, а се застапени во секторот во којшто се запишал. Тие испити ученикот има обврска да ги положи до крајот на декември во тековната година, а класниот раководител има обврска да издаде свидетелство за таа година. Во училиштето постојат комисии за полагање на диференцијални предмети составени од педагогот или психологот и предметни наставници од соодветниот образовен профил. Врз база на предлогот од соодветната комисија, училиштето на ученикот му издава решение за предметите кои треба да ги положи за да се |

| | |
|---|---|
| | стекне со свидетелство од соодветната година и соодветниот образовен профил. Полагањата на овие диференцијални предмети е пред  соодветни комисии составен од наставници по одреден предмет. По полагањето на диференцијалните испити на ученикот му се издава свидетелство за завршената година и податоците се внесуваат во главната книга за дополнителни испити.<br><br>Во текот на учебната година се случува бројот на учениците во паралелките да се промени. Причина за тоа може да биде болест, изрекување педагошка мерка отстранување од училиштето, стапување во брак, премин во друго училиште, заминување во странство и уште многу други. Затоа, родителот е должен да донесе соодветна потврда како причина за напуштање на редовната настава. Во училиштето постои Процедура за отпишување и запишување на ученици изработена од страна на педагогот, како и евиденција на отпишани и запишани ученици.<br><br>Имајќи го предвид Законот за задолжително средно образование кој ги опфаќа малолетните ученици до 18 години, постојат определени прописи што родителите,  а и училиштето мораат да ги почитуваат. Непочитувањето на овие прописи повлекува соодветни санкции.<br><br>За приватните семејни причини на учениците за прекин на следењето на наставата, училиштето нема посебни обврски. Ако ученикот или родителите решиле да го прекинат школувањето на детето во средното училиште, тие самите се одговорни за одлуката. Во тој случај класниот раководител испраќа писмо до ДПИ. Училиштето има обврска да го следи патот на ученикот единствено ако тој се префрла самоволно во друго училиште или пак ако по изречена педагошка мерка отстранување од настава тој ќе мора да го продолжи образованието во соодветна струка најверојатно во друг град. Во последниов случај, дури, училиштето е обврзано да му најде соодветно место на таквиот ученик, а при самоволно префрлање во друго училиште нужна е соработката меѓу училиштата и размена на соодветна документација меѓу нив (како на пр. преведница, потврда и сл.) за да се знае точно каде се наоѓа префрлениот ученик и тоа да се евидентира и пријави кај педагогот на училиштето, како и кај одговорните наставници за ЕСАРУЕД. |

**Индикатор 2.3 Повторување на учениците**

| Теми | • **Ученици кои не ја завршуваат годината** |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи** | **Информации** |
| • **Изјава од родител**<br>• **Медицинска белешка**<br>• **Евиденција од педагогот за упатени ученици на поправни испити, испити на годината и повторувачи** | Во училиштето се забележуваат и ученици кои не ја завршуваат годината. Тоа може да биде од различни причини, како на пример стапување во брак и прекин на школувањето поради болест или повторување на годината. Ученикот ја повторува година кога на крајот на учебната година, било да ја следел редовно или преку полагање на испит на годината, има повеќе од две слаби оценки. Училиштето е должно да му обезбеди соодветно место на ученикот кој повторува во соодветната струка и занимање за годината која не ја завршил. Мора да се води сметка и во текот на уписите за прва година да се оставаат слободни места толку колку што има ученици кои ја повторуваат годината.<br><br>Педагогот на училиштето води евиденција за бројот на учениците кои на крајот на наставната година се упатени на поправни испити, испити на годината и учениците кои ја повторуваат годината. Овие информации во вид на извештај се презентираат пред наставничкиот совет. |

| **Методи кои се користени за собирање податоци** | **Собрани информации** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Анкета за наставници** | Беа анкетирани 40 наставници кои одговараа на 7 прашања во електронска анкета https://forms.gle/qT1csAMLSev3ZCD4A.<br>1. „Стекнатото знаење на часовите им овозможува на учениците полесно да се снајдат во сегашниот и идниот приватен и професионален живот“, 80% одговориле Да, 0% Не и 20% Делумно.<br>2. „Училишните знаења од редовните часови и додатната настава им обезбедува на учениците доволно знаење за да можат да учествуваат на натпревари“, 86% одговориле Да, 4% Не и 10% Делумно.<br>3. „Употребувам различни методи и техники на работа“, 100% одговориле Да, 0% Не и 0% Делумно.<br>4. „Ги поттикнувам учениците на самостојно стекнување нови знаења и вештини“, 100% одговориле Да, 0% Не и 0% Делумно.<br>5. „Транспарентно ги оценувам учениците“, 100% одговориле Да, 0% Не и 0% Делумно.<br>6. „Добро се прилагодувам при работа со ученици со потешкотии и посебни образовни потреби“, 74% одговориле Да, 0% Не и 26% Делумно.<br>7. „На наставните часови ги активирам сите ученици“, 94% одговориле Да, 0% Не и 6% Делумно.<br>**Заклучок:**<br>Според добиените резултати од анкетата, поголем дел одговориле дека стекнатите знаења за време на часовите можат да им помогнат на учениците да се снајдат во сегашниот и во идниот професионален живот. Во текот на наставниот процес редовната и додатната настава им овозможува на учениците да учествуваат на натпревари. Од добиените резултати се гледа дека наставниците ги мотивираат учениците и употребуваат различни методи и техники на учење. Наставниците транспарентно ги оценуваат знаењата на учениците. Поголем дел од наставниците добро се прилагодуваат при работа со ученици со потешкотии и посебни образовни потреби. Сите наставници се транспарентни во оценувањето на учениците, а повеќето од нив на часовите ги активираат сите ученици. |
| **Анкета за ученици** | Од анкетните прашања за ученици, добиени се следните резултати (беа анкетирани 116 ученици од сите сектори и квалификации, а одговараа на 7 прашања).<br>Анкетата беше електронска https://forms.gle/mXWhiemRkAjF9cu38<br>1. „Практичната настава помага за полесно разбирање на наставниот материјал и стручно оспособување на учениците“, 91% одговориле Да, 2,6% Не и 6,4% Делумно.<br>2. „Во училиштето постои стимулативна средина за работа“, 88,8% одговориле Да, 2,7% Не и 8,5% Делумно.<br>3. „Вложениот труд, напор и постигнатите резултати адекватно се наградуваат“, 79,3% одговориле Да, 2,6% Не и 18,1% Делумно. |

| | |
|---|---|
| | 4. „Наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа“, 82,6% одговориле Да, 2,9% Не и 14,5% Делумно.<br>5. „Наставниците јасно ги објаснуваат критериумите за оценување“, 94,3% одговориле Да, 1,5% Не и 4,2% Делумно.<br>6. „Наставниците реално / објективно го оценуваат вашето знаење“, 87,1% одговориле Да, 3,4% Не и 9,5% Делумно.<br>7. „Наставниците на почетокот на учебната година им го објаснуваат својот начин на работа на учениците (што бара, што очекува, критериуми за оценување и сл.)“, 84,1% одговориле Да, 2,4% Не и 13,5% Делумно.<br><br>**Заклучок:**<br>Најголемиот дел од учениците одговориле дека наставниците им помагаат во практичната настава за полесно разбирање на наставниот материјал и стручно оспособување. Учениците се на мислење дека во училиштето постои добра клима за напредок и постигнувања во учењето и дека вложениот труд соодветно се вреднува. Според учениците, наставниците ги објаснуваат критериумите според кои оценуваат, а најголемиот дел од наставниците постојано им даваат повратни информации за нивните постигања. Наставниците оценуваат објективно. На почетокот на годината наставниците им го објаснуваат на учениците начинот на работа и оценување. |
| **Анкета за родители** | Од анкетните прашања за родители, добиени се следните резултати (беа анкетирани вкупно 100 родители на ученици од сите сектори и квалификации, а одговараа на 7 прашања).<br>1. „Дали сте задоволни од училишниот успех на вашето дете?“, 69% одговориле со Да, 12% Не и 19% Делумно.<br>2. „Реализацијата на практичната настава во реална компанија му овозможува на моето дете стекнување на вештини и знаења, почитување на правилата за работа и развивање на комуникациските вештини кои понатаму ќе ги користат како во професионалниот така и во приватниот живот.“ 85% одговориле со Да, 4% Не и 11% Делумно.<br>3. „Училиштето има утврдено систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца (евидентен лист, СМС пораки, е-дневник, контакт со наставниците)“, 93% одговориле со Да, 1% Не, 6% Делумно.<br>4. „Постигнувањата и успехот на учениците позитивно се вреднуваат, истакнуваат и пофалуваат“, 83% одговориле со Да, 2% Не и 15% Делумно.<br>5. „Во училиштето постои училишна клима која делува стимулативно за напредок и развојот на вашето дете“, 79% одговориле со Да, 3% не и 18% Делумно.<br>6. „Оценувањето во училиштето е јасно и разбирливо за родителите и учениците“, 86% одговориле со Да, 2% Не и 12% Делумно. |

| | |
|---|---|
| | 7. „Дали наставниците кои му предаваат за вашето дете објективно (реално) оценуваат", 87% одговориле со Да, 2% Не и 11% Делумно.<br><br>**Заклучок:**<br>Резултатите од анкетата покажуваат дека поголемиот дел од родителите имаат позитивно мислење за работата на училиштето и за напредокот на своите деца. Најголемиот дел од родителите сметаат дека практичната работа во компанија им овозможува на нивните деца стекнување на вештини и знаења. Голем процент од родителите сметаат дека училиштето обезбедува добра информираност за успехот на учениците. Родителите во голем број сметаат дека индивидуалниот успех на детето се вреднува а оценувањето на децата им е јасно објаснето и е објективно. Во целина, резултатите укажуваат на позитивна перцепција за работата на училиштето, со можности за понатамошно унапредување на воспитно-образовниот процес. |

**АНАЛИЗА**

Во училиштето континуирано се следат постигнувањата на учениците, како на часовите за повторување и утврдување на знаењата, така и на часовите за обработка на нови наставни содржини. Постигањата на учениците се следат преку различни форми и методи на проверување и оценување како што се: усни одговори, презентации, активности и интерес за време на часот, писмени работи, есејски задачи, контролни задачи, тестови и практична работа.

Следењето на постигнувањата на учениците претставува континуиран процес кој овозможува навремено согледување на напредокот на учениците и преземање соодветни мерки за подобрување на нивниот успех. Во таа насока се организира дополнителна и додатна настава со цел да им се помогне на учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наставниот материјал, како и да се поттикнат учениците кои покажуваат поголем интерес и способности.

Проверувањето и оценувањето на знаењата на учениците се врши континуирано, систематски и транспарентно, според утврдени критериуми и стандарди. Наставниците редовно ги информираат учениците и родителите за постигнатите резултати и нивниот напредок во учењето.

Од анализата на спроведените анкети со наставници, ученици и родители може да се заклучи дека наставниците применуваат различни методи и техники на работа, ги поттикнуваат учениците на активност и самостојно учење и настојуваат објективно и транспарентно да ги оценуваат нивните постигнувања. Учениците и родителите во најголем дел сметаат дека стекнатите знаења и вештини во

| |
|---|
| училиштето придонесуваат за подобро стручно оспособување и подготовка за понатамошно образование или вклучување во работниот процес. |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Систематско и континуирано следење на постигнувањата на учениците;<br>• Примена на разновидни форми и методи за вреднување на знаењата на учениците;<br>• Транспарентност во процесот на оценување;<br>• Подготвеност на наставниците да им помогнат на учениците со потешкотии во учењето;<br>• Организирање дополнителна, консултативна и додатна настава за подобрување на постигнувањата на учениците;<br>• Информираност на учениците за критериумите и стандардите за оценување;<br>• Поттикнување на учениците за учество на натпревари и други активности;<br>• Соработка со бизнис секторот за изведување на ПО;<br>• Добра комуникација и информираност на родителите за успехот и напредокот на учениците. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Недоволна вклученост на учениците во процесот на самооценување и меѓусебно оценување;<br>• Нередовност кај одреден број ученици во следењето на наставата;<br>• Потреба од поголемо вклучување на учениците во активности кои го поттикнуваат практичното знаење и вештини. |
| **ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ** | |

- Да се поттикнува поголема активност и вклученост на учениците во наставниот процес, како и вклученост на учениците во самооценувањето преку чек листи.
- Да се продолжи со организирање консултативна и додатна настава со цел подобрување на постигнувањата на учениците и редовно одржување на дополнителната настава од страна на сите наставници и вклученост на сите ученици кои имаат слаби оценки или имаат пропусти во знаењата поради отсуство од разни причини.
- Да се посвети поголемо внимание на практичната настава и стекнувањето практични вештини преку максимална искористеност на нагледните средства во практичната настава.
- Поголема контрола на отсуствата на учениците, изрекување на педагошки мерки и зголемена комуникација со родителите.
- Да се мотивираат и поттикнуваат учениците за учеството на натпревари, проекти секции и други активности кои придонесуваат за нивниот развој и напредок.

**Изработиле:**

**Гоце Неделкоски**
**Оливера Димитријоска**
**Никифор Велкоски**
**Валентина Дамеска**
**Христијан Митрески**
**Натали Којев**
**Татјана Шабаноска**
**Марта Кузмановиќ**

**Подрачје бр. 3: УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

**Ниво при евалвација: МНОГУ ДОБРО**

| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| **3.1** | **Планирања на наставниците** | • **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>• **Индивидуални планирања на наставниците**<br>• **Размена на искуства и информации при планирањето**<br>• **Распоред на часови** |
| **3.2** | **Наставен процес** | • **Наставни форми и методи**<br>• **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>• **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>• **Приодот на наставникот кон учениците**<br>• **Следење на наставниот процес** |
| **3.3** | **Искуства на учениците од учењето** | • **Средина за учење**<br>• **Атмосфера за учење**<br>• **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>• **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** |
| **3.4** | **Задоволување на потребите на учениците** | • **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>• **Почитување на различните потреби на учениците во наставата** |
| **3.5** | **Оценувањето како дел од наставата** | • **Училишна политика за оценување**<br>• **Методи и форми на оценување**<br>• **Користење на информациите од оценувањето во наставата** |
| **3.6** | **Известување за напредокот на учениците** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците** |

**Индикатор 3.1.Планирања на наставниците**

| **Теми:** | • **Поддршка и следење на планирањата на наставниците**<br>• **Индивидуални планирања на наставниците**<br>• **Размена на искуства и информации при планирањето**<br>• **Распоред на часови** |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи** | **Информации** |
| • **Веб страна на ЦРСО**<br>• **Веб страна на БРО**<br>• **Наставни планови и програми донесени од БРО и ЦРСО**<br>• **Годишни, тематски (планирања по модуларни единици) и дневни планирања на наставниците**<br>• **Програми за додатна и дополнителна настава**<br>• **Програма за класен час**<br>• **Извештаи од педагошко-психолошката служба од посетени часови**<br>• **Извештаи од државниот просветен инспекторат** | Наставните планови и наставните програми се изработуваат од страна на БРО и ЦРСО и тие ги доставуваат во училиштата за секој сектор (струка) и секоја квалификација (профил) соодветно за секој наставен предмет. Истите се достапни и на веб-страниците од овие институции и се на увид на секој наставник.<br>За реализација на наставните планови и програми добиени од Бирото за развој на образованието и Центарот за развој на стручното образование, наставниците изработуваат годишни, тематски и дневни планирања. Во училиштето, сите наставници имаат изготвени годишни планирања и планирања по модуларни единици (тематски планирања) според календарот за организација на тековната учебна година доставен од Министерството за образование и наука. Изготвените тематски и годишни планирања од страна на наставниците на почетокот од учебната година во печатена форма или електронска форма се доставуваат на увид до комисија за преглед на годишните и тематските планирања формирана од страна на директорот . Откако ќе ги прегледа , комисијата изготвува извештај кој го доставува до ги доставува до стручната служба и до директорот на училиштето , а стручната служба ги дава на потпишување кај директорот. Во учебните 2024/25 и 2025/2026 година сите наставници ги доставија планирањата снимени на ЦД, печатени или на УСБ. Предавањето на изготвените планирања (тематските по модуларни единици и годишните) се евидентира со потпис на наставникот на посебен список во педагошко-психолошката служба.<br>Од учебната 2019/2020 година се воведоа нови модуларно дизајнирани наставни програми за сите струки во четиригодишното техничко образование во прва година со што се направија промени на наставните планови со воведување на кредитна вредност на наставната програма |

| | |
|---|---|
| • **Нормативни акти на училиштето**<br>• **Педагошка евиденција и документација**<br>• **Записници од наставничките совети на училиштето и од активите**<br>• **Годишна програма за работа на училиштето**<br>• **Годишни програми на Стручните активи**<br>• **Распоред на часови**<br>• **Педагошки картони за наставниците**<br>• **Интервју со наставниците**<br>• **Програма за ментор на наставник почетник**<br>• **Програми за феријална практика** | при изучувањето на предметите. Во употреба се и нови формулари за изготвување на планирањата изготвени во соработка со советниците по одделни предмети од БРО и ЦРСО. Модуларно дизајнираните програми се применуваат кај сите квалификации од прва до четврта година, освен во квалификацијата Фризер. Во учебните 2024/25 и 2025/26 година часовите за Учење преку работа кај работодавач ги реализираат сите ученици од трета и четврта година, како и дуалните паралелки од секторот Текстил, кожа и слични производи (квалификација техничар за изработка на облека) и во секторот Геологија, рударство и металургија (квалификација геолошко, рударски техничар) почнувајќи уште од втора година. Наставниците по стручни предмети соработувајќи во активите и во консултации со координаторите по практично образование ,советниците и компаниите изработуваат програма за феријална практика во согласност со Правилникот за феријална пракса од МОН која се реализира по завршувањето на учебната година со број на денови според наставните планови за секој сектор/квалификација.<br>Наставниците редовно пишуваат дневни подготовки за час, кои се изработуваат во електронска или во печатена форма. Овие планирања придонесуваат за поефикасна реализација на наставниот процес, а се изготвуваат врз основа на искуства стекнати од семинарите или изработени формулари од страна на стручната служба во училиштето. За предметите од модуларно дизајнираните програми се употребуваат унифицирани формулари за дневни планирања изготвени во соработка со советниците од БРО и ЦРСО. Планирањата на наставниците содржат неопходни елементи за успешна реализација на часот, а во нив делумно е застапен диференциран пристап и тежински нивоа. Целите на учењето, активности на наставникот и учениците, интерактивни форми и методи на работа, очекувани исходи/резултати од учење, средства и постапки за оценување на постигнувањата на учениците, констатации/евалуација на реализираниот час, јасно се утврдени во индивидуалните планирања на наставникот. Дневните оперативни планови континуирано се следат од страна на психолошко-педагошката служба при посета на часови во текот на целата наставната година.<br>На почетокот од учебната година стручната служба до класните раководители на паралелките и до останатите наставници доставува материјали за успешно водење на воспитно-образовниот процес. Материјали кои се доставуваат се: Процедура за водење педагошка евиденција и документација; Упатство за класен раководител; Кодекс за однесување на наставниците и учениците; Обврски и должности на дежурните ученици; Следење на |

| | |
|---|---|
| • **Програми за учење преку работа**<br><br>• **Планирања за Безбедност и заштита преку работа**<br><br>• **Меморандуми за соработка** | редовноста на учениците на часови; Процедура за изрекување на педагошките мерки; Педагошки картон за наставник; Упатство за работа на наставниците; Куќен ред на СОУ „Ѓорче Петров“, Обврски и должности на дежурните ученици, Етички кодекс за облекување за вработените, Процедура за одржување хигиена и безбедност, Процедура за спроведување на самоевалуација, Процедура за изработување на развојна програма за работа, Процедура за изработка на годишната програма за работа, Должности за воспитно образовниот кадар, Правилник за однесување на дежурни наставници. Од учебната 2025/2026 се доставени и Програма за самозаштита на учениците од елементарни непогоди која треба да ја реализира секој предметен наставник на неговите часови; Политика за заштита на децата; Акционен план за насилно однесување во училиштето; Програма за спречување на дискриминацијата и промовирање на инклузија во средните училишта; Програма за превенција од игри на среќа и малолетничка деликвенција; Програма за унапредување на добросостојбата и менталното здравје на младите и превенција од насилно однесување; Програма за антикорупциска едукација на учениците.<br>Интегрираното планирање е во корелација со наставните планови и програми на БРО и ЦРСО. Исто така, годишните и тематските планови/планирањата по модуларни единици се дополнети со изработени критериуми за оценување, активности и методи на работа на наставниците и учениците, како и резултати од учење. Најголем дел од наставниците им ги презентираат на учениците критериумите по кои ќе бидат оценувани. Дел од наставниците во своите планирања ги наведуваат наставните содржини кои ќе ги реализираат со примена на ИКТ.<br>За учениците кои имаат потешкотии при совладување на наставниот материјал, наставниците во дневните планирања предвидуваат прилагодени за нив активности, задачи и исходи, според нивните способности.<br>За учениците со посебни образовни потреби, се изработува Индивидуален образовен план (ИОП), а секој предметен наставник изработува долгорочен и среднорочен индивидуален образовен план (ИОП).<br>За работа со ученици кои имаат потешкотии во совладување на одредени содржини предвидени со наставната програма или пак подолг временски период биле оправдано |

| | |
|---|---|
| | отсутни од настава, наставниците планираат дополнителна настава, за која изработуваат соодветна програма.<br>За проширување и продлабочување на знаењата на учениците и за учениците кои сакаат да учествуваат на натпревари, наставниците планираат додатна настава за која, исто така, се изработува соодветна програма.<br>До средината на септември секоја тековна година, педагогот на огласна табла го истакнува распоредот за додатна и дополнителна настава за секој наставен предмет во консултација со предметните наставници. Распоредот се испраќа до 20 септември во тековната година до Државниот просветен инспекторат подрачна единица Прилеп (ДПИ – Прилеп). Стручната служба врши следење и евидентирање на одржување на овие часови во текот на целата учебна година.<br>Класните раководители во програмата за класен час интегрираат и содржини од Образование за животни вештини, заштита на лични податоци како и самостојни активности кои одговараат на возраста на учениците.<br>На наставниците приправници на седница на Наставничкиот совет им се определуваат ментори (од 2026 год со насоките од МОН по назначување на наставници ментори за приправниците се избира ментор со звање наставник ментор) кои со своите програми го следат воспитно-образовниот процес и нивниот напредок. Во нивните планирања се застапени неопходни елементи за реализација на наставата, начинот и распоредот за нивното следење.<br>Во состав на Годишната програма за работа на училиштето, постојат и програми за работа на стручните активи. Вакви планирања се изработуваат и за реализација на Содржини програмирани од училиштето во кои наставниците вметнуваат содржини од различни области. Овие програми се доставуваат кај педагошко-психолошката служба и се на увид на претставниците од Бирото за развој на образованието, Центарот за развој на стручното образование и инспекцискиот надзор од страна на Државниот просветен инспекторат. Од учебната 2019/20 година Содржините програмирани од училиштето за прва година (модуларно дизајнирани) се со оценка која не влегува во средниот успех на учениците. Примената на овие содржини програмирани од училиштето продолжи и во наредните учебни години како и во оваа 2025/2026 за учениците од прва, втора, трета и четврта година, но не |

| | |
|---|---|
| | во сите паралелки. ЦРСО изготви неколку програми за Содржини програмирани од училиштето кои можат да се применуваат во сите струки, а од учебната 2024/2025 изработи по една програма за секоја струка, поврзана со зелени вештини и некои од нив се применуваат од страна на наставници од нашето училиште. Нивната реализација започнува од први септември во тековната година и е внесена во распоредот на училиштето. Дополнително, распоред за одржување на овие часови се доставува од страна на наставниците кои ги реализираат овие содржини до стручната служба и истиот се истакнува на огласна табла. Стручната служба врши следење и евидентирање на одржувањето на овие часови во текот на учебната година. Од почетокот на учебната 2025/2026 се назначени двајца координатори за практично учење и е формиран тим од наставници по стручни предмети. Секој наставник, член на тимот, а воедно и реализатор на програмата по овој предмет изработи планирања (годишни, по модуларни единици). Оваа програма се реализира во соработка со компании, деловни субјекти соодветни по дејност со секторот/ струката, со кои имаат потпишано Меморандум за соработка.<br>Секој наставник изработува личен план за професионален развој, со компетенции, активности, ресурси и очекувани исходи, како и време на реализација. Истиот се доставува до претседателите на стручните активи, кои пак на ниво на актив изработуваат Програма за професионален развој која ја доставуваат до педагогот во училиштето. На крајот од учебната година (во август) до педагогот се доставува Извештајот за реализацијата на личниот план за професионален развој на секој наставник од страна на наставникот и извештајот од работата на стручните активи, за секој актив поединечно од страна на претседателите на стручните активи.<br>Според Календарот за работа на средните училишта во Република Македонија, учебната 2025/26 година започна на 01.09.2025 година, а ќе заврши на 31.08.2026 година, а наставната година пак во јавните средни училишта започнува на 01.09.2025 година и завршува на 10 јуни 2026 година, освен во завршните години од стручно образование со тригодишно и четиригодишно траење каде што наставата завршува на 15 мај 2026 година.<br>Наставната година ја сочинуваат две полугодија – прво и второ полугодие.<br>Првото полугодие започнува на 1 септември 2025 година и завршува на 30 декември 2025 година. |

| | |
|---|---|
| | Второто полугодие започнува на 20 јануари 2026 година и завршува на 10 јуни 2026 година, освен во завршната година од стручното образование од четиригодишно и тригодишно траење на образование каде полугодието завршува на 15 мај 2026 година.<br>Во текот на учебната година се организира зимски и летен одмор за учениците.<br>Зимскиот одмор започнува на 31 декември 2025 година и завршува на 19 јануари 2026 година.<br>Летниот одмор започнува на 11 јуни 2026 година и завршува на 31 август 2026 година.<br>Во нашето училиште во рамките на стручните активи постои размена на искуствата при изработката на сите видови на планирања. При изработката на плановите за реализација на наставата делумно разменуваат искуства со надворешни соработници: советници и наставниците од сродни предмети од другите училишта. Активно се следат новите наставни програми за стручно образование, сите измени и истите се спроведуваат. Училиштето работи во две смени и секоја година се изработува распоред на часови во којшто се вклопени часовите по теорија, вежби, практична настава, учење преку работа кај работодавач и содржини програмирани од училиштето. |

**Индикатор 3.2 Наставен процес**

| **Теми:** | • **Наставни форми и методи**<br>• **Избор на задачи, активности и ресурси**<br>• **Интеракција меѓу наставниците и учениците**<br>• **Приодот на наставникот кон учениците**<br>• **Следење на наставниот процес** |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи** | **Информации** |

| | |
|---|---|
| • **Нормативни акти на училиштето**<br>• **Педагошка евиденција и документација**<br>• **Годишна програма на училиштето**<br>• **Покани за учество на семинари**<br>• **Дневници на паралелките**<br>• **Записници од работата на стручните активи**<br>• **Извештаи од посета на часови од педагошко-психолошката служба, извештаи од советници од БРО, ЦСОО и извештај од ДПИ** | Наставниот процес е сложен процес што бара различни форми и методи во процесот на изведување на наставата. За да го направат успешен и непречен тој процес во средното стручно образование, наставниците од СОУ „Ѓорче Петров“ користат различни форми, методи и техники на поучување што овозможуваат интеракција помеѓу учениците, а и помеѓу учениците и професорите. За овие облици на поучување наставниците стекнуваат познавања преку семинари, соодветни обуки и со меѓусебна размена на информации и искуства. Нашето училиште е стручно, со повеќе квалификации и сектори. Во целиот образовен процес, постои интеграција на целите и задачите помеѓу општите предмети, стручните предмети - теоретски дел, вежбите и практичната настава. Практичната настава е важна и корисна за нашите ученици и во неа тие ги интегрираат теоретските знаења, а од друга страна теоријата е солидна база за поуспешна пракса. Практичната настава се реализира во реални услови кај работодавач УПРР во компании во зависност од струката. Соработката придонесува за подобро образование, подигнување на квалитетот и резултатите од образовниот процес, поголема мотивираност кај учениците и градење на професионални вредности. Заедно, ги унапредуваме струките за да ги подготвиме младите генерации за предизвиците на иднината и да придонесеме кон одржлив развој на општеството.<br>Во годишната програма сè повеќе се застапени различни стратегии во планирањето на наставната работа, со цел при реализација на наставните содржини, наставникот повеќе да биде организатор, модератор на наставниот процес и да применува нови методи и техники со што ќе се овозможи активирање на секој ученик.<br>Училиштето ги подобрува постигањата на учениците на тој начин што обезбедува настава која се изведува во училници и кабинети (кабинет по информатика, кабинет за нега на болен, лабораторија, кабинет за изведување практична настава за квалификацијата физиотерапевтски техничар, како и кабинет за практична настава за квалификацијата фризер, техничар за козметичка нега и убавина, кабинет за техничар за изработка на облека), вклучување на учениците во голем број на проекти, организирање на дополнителна и додатна настава, организирање на секции за сите струки, организирање на голем број на меѓународни настани, натпревари како државни, регионални, општински, училишни.<br>Во училиштето се реализираат едукативни и интерактивни работилници:<br>- Учениците од квалификацијата медицинска сестра по повод „7 Април“- Ден на здравјето и „12 Мај“ - Ден на медицинските сестри реализираат различни активности, со цел здравствено воспитување и просветување на населението и подигање на здравствената |

| | |
|---|---|
| | култура. По повод Меѓународниот ден на медицинските сестри „12 Мај“ учениците од секторот Здравство и социјална заштита, со свои настапи зедоа учество во одбележувањето на овој ден, во соработка со ЈЗУ„Борка Талески“ од нашиот град. По повод Неделата за грижа на старите лица, „8 ми Март“ - Денот на жената, Исто така учествуваа и на меѓународна конференција во Струга, меѓународен конгрес за медицински сестри во Лозница – Р. Србија, средношколска научна конференција во Струмица, на конгресот за превенција со презентација на тема „Вакцинација – мит или вистина. Во месецот на борбата против рак на дојка – Розов октомври беа засадени розови хризантеми во училишниот двор.<br>Педагошко-психолошката служба организира едукативни предавања и работилници со цел подобрување на менталното здравје и тоа: 10 Октомври денот на Менталното здравје – Анорексија и Булимија, едукативна работилница во соработка со останатите средни училишта, Меѓународен ден на деца со посебни потреби „Сите сме исти“; работилница на тема „Социјална кохезија и критично мислење“ во којашто учествуваа 24 ученици од втора година во соработка со Центарот за заедничка основа во Кристал Палас; Работилница за денови на психологијата организирана од Комората на психолози на тема „Емпатија и сочувство“ на којашто учествуваа 34 ученици; „Кутија за позитивни и негативни чувства“ на којашто учествуваа 34 ученици со идеи за подобрување на емпатичноста кај учениците; Во соработка со ЈЗУ Општа болница Прилеп и специјалист по медицинска психологија Јован Велески се одржа предавање на тема „Детекција и препознавање на различни форми на коцкање“ и „Стратегии за справување и превенција од зависности“ во согласност со Програмата за превенција од игри на среќа и малолетничка деликвенција, работилница во соработка со невладината организација Центар за заедничка основа при што целта на настанот е мултиетничко општество, Учество на Втората научно-едукативна средношколска конференција Струмица 2026 г. каде што беа обработени темите: Влијанието на социјалните мрежи врз менталното здравје - Матеја Стојческа и Марко Костадиноски; Стрес и Burnout кај учениците – Марија Истинциоска и Анастасија Јосифоска; „Витамини и минерали“ – Сергеј Димоски и Тоше Тодороски.<br><br>-Тимот Герио Хелп од СОУ „Ѓорче Петров“ од Прилеп реализираше Service Learning иницијатива посветена на повозрасните лица и јакнење на меѓугенерациската солидарност во заедницата. Дел од активностите се одвиваа во Домот за стари лица ЈОУ „Киро Крстески – Платник“ во соработка со Здружението на пензионери од Прилеп. Оваа |

| | |
|---|---|
| | активност се спроведува во рамки на проектот LEADing Forward: зајакнување на капацитетот за одржлив развој.<br><br>- Неколку учебни години во организација на училиштето, активот по текстил, кожа и слични производи и професорката по Ликовна култура организираат традиционален конкурс за изработка на цртежи и креативни творби „Јелена Крстиќ" во кој учествуваа ученици од целото училиште (а од оваа година се вкучени и учениците од останатите средни и основни училишта), исто така и за денот на заштита на животната средина се организира настанот Trash Fashion преку кој може да се изрази креативноста низ творење, исто така учествуваат ученици од сите сектори и квалификации. Гран-при наградата која се доделува на најуспешниот е стимул за учество на голем број ученици.<br><br>- Учениците од секторот Текстил, кожа и слични производи зедоа учество на настан во организација на НУ Завод и Музеј – Прилеп; на настан организиран во соработка со „Комфи Ангел" – Прилеп, „Тексомак"; на работилница за ткаење, имплементирана од Добредојде Македонија, со подршка на Амбасадата на Република Словенија; работилница за креативна пренамена на стари фармерки во функционални торбички; организација и учество во изложба со наслов „Моден Дизајн" каде што гостин модната дизајнерка Ирина Тошева; учествуваа на работилница со модните дизајнери Никола Ефтимов и Ивана Кнез; работилница „Вовед во циркуларност во текстилно-кожарската индустрија"; учество на модната ревија „Креативен ден 2025" во Битола; изработија 200 новогодишни честитки со примена на текстилни предива и ги подарија, а исто така изработија и мартинки кои беа подарени во едукативниот центар „Весели ѕвончиња". Учениците зедоа учество и во работилници за везење, видови рачни бодови, но и за сашико везење, јапонска техника, работилница за боење – шибори техника; работилници „Од стара облека до уникатен предмет за облекување", „Изработка на предмет за облекување од рачно боени парчиња текстил со шибори техника", „Развој на модни брендови за одржлива мода", „OWIS методологија – метод кој поттикнува креативност, критичко размислување и активно учество преку документарни филмови и дискусии", „Развој на модни концепти за модна ревија во рамки на Модниот викенд" и работилница посветена на значењето на социјалното претприемништво и неговата поврзаност со заштитата на животната средина. Исто така учениците учествуваа на модните форуми „Мода, едукација, технологија" во организација на Здружението Добредојде Македонија и „Мода со втор живот: пренамена, реупотреба и одржливост", поддржани од Амбасадата на Р. Словенија. Се одржа и |

| | |
|---|---|
| | изложба на модни илустрации инспирирани од француската мода и француските модни дизајнери по повод Месецот на франкофонијата.<br><br>- Учениците од секторот Геологија, рударство и металургија учествуваа на предавање за македонскиот рубин и другите македонски минерални богатства, од Деан Шкартов, како дел од проектот Вештини - клучот на зелената економија подржан од Амбасадата на Словенија.<br><br>- Учениците од квалификацијата Фризер во соработка со Домот за стари лица „Киро Крстески – Платник“ – Прилеп реализираат активности по повод Неделата и грижа на старите лица, новогодишните празници, „8 ми Март“ - Денот на жената и велигденските празници.<br><br>- Во  соработка со наставниците по спорт и спортски активности  реализирани се следните активности: „Сите на велосипед“ , „Педали и приказни“, „Планинарски тури“, „ Учество на меѓународниот ден на спортот“ , „Учество на меѓународниот ден на здравјето“, „Спорт без пречки“ (со деца со посебни способности), „ Активности во природа“ од 17 до 23 ноември, „Игри без граници“, „Жената и спортот“ , „ Европска недела на спортот“ и многу други.<br><br>- Креативниот еко-настан на СОУ „Ѓорче Петров” - Прилеп, модната ревија „Trash fashion" стана дел од глобалната кампања на United Nations Environment Programme за World Environment Day 2026. Професорката Билјана Тошеска го постави на светската мапа на настани по повод Светскиот ден на животната средина, 5 јуни. Со моделите кои ги изработија, учениците покажаа дека модата може да биде одржлива и креативна.<br><br>- На Европските денови за културно наследство 2025, учениците од СОУ „Ѓорче Петров" со својата видеоприказна успешно ја претставија автентичноста и богатството на македонската мариовска носија пред европската јавност, при што освоија сертификати за прво место доделени од Музејот на Република Северна Македонија, како и сертификати и пригодни подароци од организаторот. Ова признание претставува значаен поттик за нивно понатамошно истражување, креативност и посветена работа. Ментор и водич во креирањето на наградената приказна и единствен претставник од Македонија е професорката Билјана Тошеска. |

| | |
|---|---|
| | - По повод одбележувањето на Светскиот ден без тутун, Институтот за јавно здравје - Скопје реализираше едукативно предавање во СОУ „Ѓорче Петров“ - Прилеп, со цел подигнување на свеста кај младите за штетните последици од употребата на тутун и никотински производи. На предавањето учениците имаа можност да се информираат за влијанието пушењето врз здравјето, ризиците од пасивното пушење, како да побараат помош за откажување од пушење и за важноста од усвојување здрави животни навики. Преку интерактивна дискусија и едукативни содржини, беше потенцирана потребата од превенција и заштита на младите од зависност од тутун. Голема благодарност до училиштето за топлиот прием и соработката – заедно градиме поздрави и посигурни генерации. Институт за јавно здравје - Скопје продолжува со активности насочени кон унапредување на здравјето и едукација на младата популација, со цел создавање поздрава и побезбедна средина за сите.<br><br>Училиштето води долгорочна стратегија за модернизација на образованието што опфаќа: промена во општата организација на внесување иновации, иновации во знаењето на наставниците, иновации во училишната архитектура, иновации на едукативната опрема, иновации во формите и методите за настава и учење.<br>Наставниците од ова училиште користат различни форми, методи како и техники на поучување коишто ги стекнале во текот на претходните обуки. Новите техники на поучување им овозможуваат на учениците да следат модерна настава и да бидат активни учесници во усвојувањето на новите наставни содржини.<br>При реализацијата на наставниот процес, покрај користењето нови техники на поучување, се користи и ИКТ. За таа цел се користат компјутерите во училниците и во кариерниот центар, како и компјутерите во кабинетот по информатика, ЛЦД проектори и петте интерактивни смарт табли кои стимулираат интерактивно и креативно учење кај учениците. Ваквите ресурси овозможуваат модерна и интерактивна настава, а таа од друга страна овозможува интеракција меѓу наставникот и ученикот. Интеракцијата помеѓу наставникот и ученикот се заснова на принцип на индивидуализација, при што се следат и евидентираат интересите, способностите и мотивацијата на секој ученик. Оттаму и приодот на наставникот кон ученикот е секогаш во функција на полесно и поефикасно совладување на новите наставни содржини.<br>Часовите по практичната настава и вежбите како многу значаен дел од наставниот процес се реализираат дел во кабинети и работилници, дел во реални компании и приватни фармацевтски аптеки, здравствени установи, градинки, салони за нега и убавина, |

| | |
|---|---|
| | фризерски салони, а дел во соработка со локалната заедница, јавни општествено одговорни компании, приватни установи и фирми каде преку посети, работилници и многубројни активности кои се предвидени во наставните програми и планови се стимулираат и мотивираат учениците, се поттикнува нивната креативност, одговорност, сигурност, осамостојување, усовршување, стекнуваат искуства, нови знаења и вештини.<br>Наставниот процес е следен од директорот на училиштето, од педагошко-психолошката служба, од инспектори од Државниот просветен инспекторат, од советниците од Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, а секоја трета година училиштето според Законот за средно образование подлежи на интегрален увид од страна на Државниот просветен инспекторат. Педагошко-психолошката служба и директорот на училиштето континуирано во текот на годината врши увид и контрола на наставниот процес преку посета на часови, давање на упатства и насоки при планирањето и подготовката на наставата, следење и контрола на работилниците и активностите што се реализираат во и надвор од училиштето, за кои се изготвуваат извештаи и се доставуваат до службата, како и следење и активна соработка во активностите и работилниците на Ученикот правобранител од нашето училиште. |

**Индикатор 3.3. Искуства на учениците од учењето**

| **Теми:** | • **Средина за учење**<br>• **Атмосфера за учење**<br>• **Поттикнување на учениците за преземање одговорност**<br>• **Интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето** |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи** | **Информации** |
| • **Педагошка евиденција и документација**<br><br>• **Записници од наставнички совети на училиштето и на активите**<br><br>• **Годишна програма на училиштето** | Училиштето е поволна средина за реализација на воспитно-образовниот процес, затоа што во него постојат и материјални и човечки ресурси кои го овозможуваат тоа. Во СОУ „Ѓорче Петров“ преовладува добра работна клима и тоа е важен показател за успешни резултати во учењето. Одличната соработка која ја имаат учениците со наставниците и со другите ученици, како и наставниците со родителите е уште една причина за добрата атмосфера во училиштето.<br>Во училиштето, во соработка со педагошко-психолошката служба се прават разни видови анкети од кои може да се согледаат разни аспекти, актуелни за учениците и наставниците. Училиштето директно и индиректно е вклучено во разни видови активности. Се зголемува |

| | |
|---|---|
| • **Покани за учество на семинари**<br><br>• **Дневници на паралелките**<br><br>• **Подготовки за натпревари**<br><br>• **Интервјуа за избор на ученици кој учествуваат во проекти од програмата Еразмус +** | учеството на учениците во разни работилници, настани, обуки, проекти, спортски настани. Нашето училиште е стручно, а со тоа е зголемена и потребата од комуникација и организирани вонраставни посети на разни институции, компании. По завршувањето на учебната година, учениците од сите струки од прва, втора и трета година (освен профил Фризер) реализираат феријална практика во компании со што ги подобрија своите стручни, но и деловно-комуникациски вештини, а се стекнаа и со практични знаења за примена на безбедноста и заштитата при работа. Овие активности заедно со редовната наставна работа придонесуваат за развивање позитивни чувства и навики кај учениците: чувство на одговорност, почитување, тимска работа, самодоверба, комуникациски и деловни вештини.<br>Учениците се мотивираат да преземаат одговорност и иницијативи во средината во која учат, но и надвор од неа. Ангажираноста на учениците е и услов Младинскиот совет одлично да функционира што може да се види преку активностите и хуманитарните настани. Креативниот тим на Ученикот правобранител е одличен пример и поттик за создавање на позитивна атмосфера. Членовите на тој тим со изработка и објавување на постери и видеоклипови за обележување и нагласување на одделни денови и настани, на младешки начин толкуваа одредени теми и настани со што привлекуваа симпатии, ширеа пријатна енергија меѓу соучениците, но и низ цело училиште. И оваа учебна, како и во 2024/2025, Училишната организација и Ученикот правобранител според подготвена програма оствариja голем број активности: изработка и делење на флаери, изработка на видеозаписи и презентации за обележување на значајни датуми и настани, изработка на постери, распишување на литературен конкурс. Со сето тоа тие ги информираа и ги анимираа останатите ученици во училиштето создавајќи позитивна средина за учење, соработка и стекнување на нови знаења. Свој придонес за да учениците се чувствуваат пријатно во нашето училиште дава и Драмската секција, која сними видеоматеријал, а сега работи и настапува на нови драмски проекти третирајќи теми актуелни за младите, со доза на хумор и реалистичност. Нашето училиштето е атрактивно и заради вклученоста на учениците и наставниците во разни меѓународни проекти. Учениците се пријавуваат и на разни конкурси, повици организирани од училиштето за учество на проекти во државата и надвор од неа. Наставниот кадар се вклучува и во проекти за соработка и развој на демократијата и меѓународната соработка.<br>Педагошко-психолошка служба води перманентна табеларна евиденција за проектите кои ги реализира училиштето. Се собираат податоци за сите проекти (од стручни и општи области) како: име на проект, програма преку која се финансираат, податоци за учесниците |

| | |
|---|---|
| | во проектите, вид на мобилност (обука, практична работа, меѓународни состаноци, меѓународни настани) координатор на проект, време и место на нивна реализација. Кога училиштето ќе добие проект се започнува со активности. Најпрво се известуваат учениците (кога станува збор за мобилност со ученици) со објавување на конкурс на веб-страницата и Фејсбук-профилот од училиштето и на огласните табли во холот на училиштето и во наставничката канцеларија. Селекцијата на учениците ја врши училишна комисија според претходно подготвени критериуми, преку анализа на потполнети формулари и според впечатоците од интервјуата со пријавените ученици.<br>Во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ кој се спроведува во нашето училиште, 8 ученици од нашето училиште престојуваат на интеркултурна размена во детското село Песталоци во Троген, Швајцарија.<br>Размената се реализира од 2 до 15 април 2025, на која учениците учествува на работилници за детски права, почитување на различности, антидискриминација, принципи на мултикултурен дијалог и комуникација, ненасилство и толеранција. На оваа размена учествуваа ученици од Македонија и Полска.<br><br>Од 1.12.2025 до 6.12.2025 во Краљево се реализира првиот дел од меѓуучилишната размена на ученици меѓу СОУ Ѓорче Петров – Прилеп и Шумарското училиште од Краљево. Имено, станува збор за многу важен образовно-воспитен меѓунационален проект што се остварува преку Regional Youth Cooperation Office – RYCO, организација што има за цел да ја поттикне соработката меѓу училиштата во Западен Балкан.<br>За време на размената, 30 ученици од двете држави заедно работеа на веќе поставената тема Мозаик на пријателство. Тие се запознаваа, другаруваа, креираа, забавуваа и споделуваа искуства. Истовремено тие имаа можност да го посетат Манастирот Жича да се запознаат со историјата, како и да ја посетат Гимназијата во Врњачка Бања.<br>Координатори на проектот се Наташа Ванчева и Венера Николова Мишачковска.<br>Втората размена е реализирана во периодот од 23-28/03/2026 кога домаќин е нашето училиште кое е едно од 100 СУПЕРУЧИЛИШТА во Западен Балкан.<br>Како дел од истиот проект во периодот од 14 до 19.05.2026г нашите ученици Сара Атанасоска 3-1 клас , Андреј Макрески 3-2 клас, Анастасија Велкоска 3-8 клас и Андреј Тошески од 3-1 клас учествуваа во младинскиот камп на Златибор, под менторство на координаторката Наташа Ванчева. |

| | |
|---|---|
| | Проекти од програмата Еразмус + финансирани од Национална агенција за европски образовни програми и мобил ност во кои учествувале наши наставници и ученици:<br><br>Наставници кои учествувале во национални проекти во учебната 2024/2025 и 2025/2026, кординатор Неда Ченто:<br>- Од 5.5.2025 до 14.5.2025, пет наши ученици, Меланија Јованоска, Исидора Николоска, Дино Христовски, Амра Рамовиќ и Леонардо Стојкоски, заедно со проф. Давид Дамјаноски зедоа учество на Еразмус+ проектот Заеднички карактеристики на масовниот туризам и добрите земјоделски практики: одржливи села во Бајбурт, Република Турција.<br><br>СОУ „Ѓорче Петров“ е училиште кое од 2019 година, па до оваа учебна година во континуитет е наградувано со **Erasmus + VET MOBILITY CHARTER – Повелба за мобилност за стручно образование и обука**. Истата означува проверен квалитет на проекти од програмата Еразмус, од областа на стручното образование и е резултат на активноста на наставниците координатори и сите ученици и наставници кои како ментори биле вклучени во Еразмус+ проектите во претходните години. Остварувањето на стандардите за квалитет при реализацијата на проекти му овозможи на СОУ ,,Ѓорче Петров“ да биде **акредитирано Еразмус училиште.**<br>Во текот на наставно-образовниот процес учениците добиваат знаења, стекнуваат вештини и компетенции по сите наставни предмети: општообразовни и стручни. Тоа се одвива во пријатна атмосфера, во услови на меѓусебна комуникација, комуникација со професорите и преку размена на искуства.<br>Оние ученици кои сакаат да го измерат своето знаење со врсници, менторирани од наставници, учествуваат на општински, регионални, државни и меѓународни натпревари организирани преку МОН. Наши ученици менторирани од наставници по соодветните предмети учествуваа на натпревари по различни предмети (математика, англиски јазик, хемија, физика, биологија, македонски јазик и литература) и покажаа одлични резултати.<br>Наши ученици и оваа година учествуваа на натпревари организирани од акредитирани здруженија преку МОН и БРО на општинскои регионално ниво, а некои од нив продолжуваат и на државни натпревари. Наши ученици под раководство на професорите по Спорт и спортски активности учествуваа во натпревари во сите спортови организирани од Сојузот на училиштен спорт на општина Прилеп и ФУСМ. Во нашето училиште се организираа и натпреварите во одбојка на локално ниво, како за основни, така и за средните училишта. По повод Денот на училиштето 2 Април се организираа спортски натпревари во |

| | |
|---|---|
| | одбојка за средните училишта. Учеството во сите видови натпревари: теоретски, практични, спортски, литературни го развива натпреварувачкиот дух, создава задоволни, исполнети, цврсти и позитивни личности. Затоа во училиштето наставниците, соодветно на предметот кој го предаваат ги поттикнуваат учениците на вонnаставни активности создавајќи поволна средина.<br>Училишната средина е пример за почитување на различностите на личностите на учениците. Квалитетната, позитивна, стимулативна средина каде се почитува Кодексот на однесување е предизвик за подобри резултати на учениците. Подобриот успех на учениците и поттикнувањето на нивните способности е успех на наставниците и целото училиште. |

**Индикатор 3.4. Задоволување на потребите на учениците**

| **Теми:** | • **Идентификување на образовните потреби на учениците**<br>• **Почитување на образовните потреби на учениците во наставата** |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи** | **Информации** |
| • **Дневници на паралелки- Е-дневник;**<br>• **Веб-страница на училиштето;**<br>• **Распоред за дополнителна и додатна настава по сите наставни предмети;**<br>• **Програми за дополнителна и додатна настава;**<br>• **Програма за содржини програмирани од училиштето;** | Наставниот кадар и стручната служба континуирано и систематски ги идентификуваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на секој ученик.<br>Сите идентификувани образовни потреби на учениците во целост се почитуваат и задоволуваат во текот на наставниот процес. Во рамките на задоволувањето на потребите на учениците е и користењето на различни техники на поучување и оценување. Во овој дел, училиштето дава поддршка на наставниците, организирајќи обуки за унапредување на наставникот.<br>Се води сметка за учениците кои покажуваат одлични резултати во учењето, но и во останатите училишни активности. Некои од нив учествуваат во натпревари и постигнуваат одлични резултати. Исто така се води сметка и за ученици кои покажуваат послаби резултати во учењето или учениците кои имаат потешкотии при совладување на наставниот материјал.<br>За учениците кои сакаат да ги прошират и продлабочат своите знаења, како и за учениците кои сакаат да учествуваат на натпревари, наставниците планираат додатна настава и изработуваат соодветна програма. |

| | |
|---|---|
| • **Програма за кариерно советување на ученици;**<br><br>• **Евиденција за ученици кај педагошко-психолошката служба;**<br><br>• **Записници од наставнички совети, класни совети и совети на родители;** | За ученици кои имаат потешкотии да совладаат одредени содржини, наставниците планираат дополнителна настава, за која изработуваат соодветна програма.<br>На почетокот на годината, педагошко-психолошката служба во соработка со наставниците истакнуваат распоред за додатна и дополнителна настава, а на крај од учебната година се води перманентна табеларна евиденција за одржани часови.<br>Во училиштето, оваа година се избрани координатори по практично учење кои го поврзуваат училиштето со бизнис-секторот. Се реализираат и содржините програмирани од училиштето, кои се во функција на проширување и продлабочување на знаења, вештини и компетенции во струката/секторот, како и задоволување на пошироките потреби на учениците да изберат и да изучуваат содржини надвор од планираното во задолжителните и изборните предмети. Преку овие содржини учениците ќе можат да се вклучат во активности кои ги организира локалната заедница.<br>Оваа учебна година воведено е кариерно советување на учениците, одобрено од МОН, со програма за работа од БРО. Се реализираат групни и индивидуални активности каде средношколците се запознаваат со поимот „кариера“, како се планира, колку долго трае, што се кариерни цели и што треба да се направи за тие да се исполнат.<br>Учениците подеднакво се третираат без разлика на полот, етничката припадност и нивните различни способности за учење. Тука се и разговорите на стручната служба со учениците кои имаат слаби оценки, оние кои имаат потешкотии во учењето (групни и индивидуални), ученици кои имаат семејни проблеми и сл. За таа цел оваа година стручната служба има уште еден член специјален едукатор и рехабилитатор - дефектолог.<br>На секој ученик со посебни образовни потреби во училиштето му е доделен образовен асистент кој му помага при извршување на училишните активности, освен еден ученик за којшто родителите се изјаснија дека не сакаат образовен асистент. Со овој ученик работи специјален едукатор и рехабилитатор вработен во училиштето.<br>Изработен е електронски формулар за пријава на насилство, достапен на веб-страницата на училиштето.<br>Преку работата во група, индивидуалната настава, водењето дискусии, дебатирањето, практичните активности, формите и методите кои се користат во наставниот процес од страна на наставниците, како и во реализацијата на проектните активности (поделба на улогите во тимовите) се идентификуваат образовните потреби на учениците. |

**Идикатор 3.5. Оценувањето  како дел од наставата**

<table>
<tr><td>Теми:</td><td><ul><li>Училишна политика за оценување</li><li>Методи и форми на оценување</li><li>Користење на информациите од оценувањето во наставата</li></ul></td></tr>
<tr><td>Извори на податоци – документи</td><td>Информации</td></tr>
<tr><td><ul><li>Годишни и тематски планирања на наставниците (критериуми за оценување)</li><li>Нормативни акти на училиштето</li><li>Педагошка евиденција и документација</li><li>Записници од наставнички совети на училиштето и активите</li><li>Дневници на паралелките</li><li>Е-дневник</li><li>Забелешки од педагошко - психолошката служба</li></ul></td><td>Знаеме дека образованието треба да ја постигне својата цел ученикот да доаѓа до нови знаења во повеќе области. За да обезбедиме повратна информација што е научено и колку е целта постигната во совладување на новиот материјал ние правиме тестови. Тие се најчесто применуван начин за мерење на наученото, но постојат и други форми за проверка, како што е усното испрашување.<br>При испитувањето на новостекнатите знаења добиваме информации од самиот испитаник. Тоа не е лесна задача и не може да е идеално точна, но сепак можеме да извршиме испитување со познатите методи прилично точно. Таа точност во оценката се добива бидејќи при составување на самите тестови се поставуваат прашања од материјалот предаван на час, па така се гледа колку е запомнето.<br>Вака стекнатата слика за знаењето на учениците можеме да ја употребиме за разни потреби. Со неа се гледа успехот на наставникот, колку тој успеал да го пренеси тоа што го знае на ученикот, па така ќе знае каде да се подобри во иднина. Формираната оценка на наставниците им служи за информирање на родителите, како и за ставање во документ за способноста на ученикот.<br>Покрај двата споменати начини на оценување, слика за владеење на материјалот може да даде и усно предавање на материјалот т.е. семинарска работа, бранење на тема. Бидејќи сме стручно училиште, ученикот може да сработи практично некоја задача и на тој начин наставникот да оцени колку тој е способен да го примени она тоа што научил.<br>Прашањата и задачите може да ги постават и самите ученици, па со тоа да се набљудува нивото на владеење на групата за тој материјал. Нивото од група до друга група на ист тест може да биде различно, зависно од претходното искуство на поединците при примање на новото знаење.<br>Оценувањето може да биде формативно и сумативно.<br>Во формативно оценување спаѓаат:<br>- прашања за време на час,<br>- домашни задачи со коментар,</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | - квизови изготвени од наставникот,<br>- усни презентации,<br>- есеи и писмени работи,<br>- електронски форми на квизови,<br>- проектна задача,<br>- оценување на практичната работа,<br>- чек-листи.<br>Главно служи за **учење**, а не за конечна оценка.<br>При сумативното оценување се користатат следните инструменти и постапки за оценување:<br>- писмени испити на крајот на полугодието или на крајот на учебната година,<br>- писмени работи, квизови и тестови изготвени од наставникот,<br>- портфолија со најдобри трудови,<br>- есеи за кои се дава вкупна оценка,<br>- практични тестови (научен експеримент, завршување на некој производ),<br>- стандардизирани тестови.<br>Главно служи за **оценување на резултатот**, а не за подобрување во текот на процесот.<br>Наставникот може да користи разни методи за наградување, а со тоа и следење на работата на ученикот. Тој може секоја додатна активност за време на вежба, час или друго да ја следи како и да ја наградува се со цел да ја зголеми мотивацијата за работа на ученикот. Може и да задава поголеми задачи како проекти, презентации и сл.<br>Педагошко-психолошката служба од класните раководители собира податоци за успехот и редовноста на учениците по паралелки, предмети, пол, националност за изготвувањето на извештаи после секое тримесечје, бројна состојба на учениците на почеток, на полугодие и крај на учебната година по националност, по години, по образовни профили, податоци за завршени ученици на крајот на учебната година. |

**Индикатор 3.6. Известување за напредокот на учениците во учењето**

| **Теми:** | • **Известување на родителите за напредокот на учениците** |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи** | **Информации** |
| * **Нормативни акти на училиштето;**<br><br>* **Педагошка евиденција и документација;**<br><br>* **Записници од родителски средби;**<br><br>* **Дневници на паралелките (печатени и електронски);**<br><br>* **Евидентни листови;**<br><br>* **Свидетелства;**<br><br>* **Анкети за наставници, родители и ученици** | Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува, вклучувајќи и детални препораки за подобрување на постигањата за секој ученик посебно.<br>За таа цел се користат организирани родителски средби на паралелките, формални и неформални средби, групни средби и индивидуални средби со родителите.<br>Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на ниво на паралелка како и пишани извештаи и детали за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет, вклучувајќи информации за личниот и социјалниот развој на детето.<br>Системот вклучува редовно прибирање информации за постигнувањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците. Информации за својот напредок во учењето учениците добиваат преку информирање од страна на поголем број наставници, преку евидентните листови во кои се наведени оценките добиени по соодветните предмети, тестови, наставни листови, оценки од усни одговори, како и пофалби за нив и свидетелства на крајот од учебната година. Исто така, информации можат да добијат и при индивидуалните средби со раководителите на паралелките, со педагошко-психолошката служба, како и со предметните наставници, но и преку родителските средби кои во нашето училиште редовно се организираат. Во Програмата на училиштето предвидено е да се организираат минимум пет родителски средби во текот на една учебна година. Соработката од страна на родителите е на задоволително ниво. Поголемиот дел од нив доаѓаат на родителските средби или на индивидуални средби доколку се јави потреба. Програмата Советување на родители продолжува да се реализира. Преку неа педагогот и психологот на училиштето ги информираат родителите на учениците за нивните постигнувања во училиштето и ги едуцираат за начините на правилна комуникација на релација родител - дете. Целта на советувањето на родителите е да се подобри редовноста и успехот на учениците. Ако родителот не дојде на советување на поканата испратена од класниот раководител, психологот и педагогот испраќаат списоци до ДПИ - подрачна единица Прилеп кој понатаму презема мерки според законот. |

| Методи кои се користени за собирање податоци: | Собрани информации |
|---|---|
| **Анкета за наставници(Online)**<br>**Анкетирани 30 наставници** | **Анкетата за наставници се изврши онлајн, и беа опфатени 30 наставници вработени во СОУ „Ѓорче Петров“**<br><br>**1. „Дали изготвувате планирања за реализација на наставните програми и планови“**<br>- 30 наставници (100%) одговориле со ДА<br>- 0 наставници (0%) одговориле со ДЕЛУМНО<br>- 0 наставници (0%) со НЕ<br><br>**2. „Дали годишните, тематските и оперативните планови ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на наставата со јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекуваните резултати од учењето и начинот на оценување на учениците“**<br>- 30 наставници (100%) одговориле со ДА<br>- 0 наставник (0%) одговорил со ДЕЛУМНО<br>- 0 наставници (0%) одговориле со НЕ<br><br>**3. „Наодите од следењето на планирањата ги користите за подобрување на наставниот процес“**<br>- 28 наставници (94%) одговориле со ДА<br>- 1 наставник (3%) одговорил со ДЕЛУМНО<br>- 1 наставник (3%) одговорил со НЕ<br><br>**4. „Ги охрабрувате учениците за самостојно и критичко размислување, поставување прашања и изведување заклучоци, спроведувате активности кои ги поттикнуваат учениците на интеркултурна комуникација и почитување на различностите“,**<br>- 30 наставници (100%) одговориле со ДА,<br>- 0 наставник (0%) одговориле со ДЕЛУМНО и<br>- 0 наставници (0%) одговориле со НЕ<br><br>**5. „Со учениците се однесувате на начин што промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба“**<br>- 30 наставници (100%) одговориле со ДА, |

| | |
|---|---|
| | - 0 наставници (0%) одговориле со ДЕЛУМНО и<br>- 0 наставници (0%) одговориле со НЕ<br><br>**6. „Континуирано го следите напредокот на учениците и користите разновидни методи и форми на оценување“**<br>- 30 наставници (100 %) одговориле со ДА,<br>- 0 наставници (0%) одговориле со ДЕЛУМНО и<br>- 0 наставници (0%) одговориле со НЕ<br><br>**7. „Ги охрабрувате учениците со потешкотии при совладувањето на материјалот да посетуваат дополнителна настава, а талентираните ученици да посетуваат додатна настава и да учествуваат на регионални и државни натпревари“**<br>- 29 наставници (97%) одговориле со ДА,<br>- 0 наставници (0%) одговориле со ДЕЛУМНО и<br>- 1 наставник (3%) одговорил со НЕ<br><br>**Заклучок од анкета за наставници:**<br><br>Во однос на темите за кои беа анкетирани наставниците, а според одговорите кои наставниците ги дадоа, може да се заклучи следново:<br>Сите наставници изготвуваат планирања за реализација на наставните програми и планови. Годишните, тематските и оперативните планови ги содржат сите неопходни елементи за успешна реализација на наставата со јасни насоки што се очекува од учениците да научат, очекуваните резултати од учењето и начинот на оценување на учениците и наодите од следењето на планирањата ги користат за подобрување на наставниот процес.<br>Сите наставници ги почитуваат учениците, им нудат помош, соработка, толеранција и разбирање и при оценувањето, ги советуваат учениците како да ја подобрат својата работа и успехот и користат разновидни форми и методи за оценување.<br>Сите наставници сметаат дека училиштето навремено ги идентификува сите пречки и презема активности за нивно отстранување.<br>Врз основа на направените анкети може да се заклучи дека сите наставници ги охрабруваат учениците самостојно да размислуваат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат, ги охрабруваат учениците со потешкотии при |

| | |
|---|---|
| | совладувањето на материјалот да посетуваат дополнителна настава, а талентираните ученици да посетуваат додатна настава и да учествуваат на општински, регионални и државни натпревари. |
| **Анкета за ученици (Online)**<br><br>**Анкетирани 50 ученици** | **Анкетирани беа 50 ученици од различни националности**<br><br>**1. „Во училиштето се чувствувам безбедно за време на наставата и практичната обука“**<br>- 43 ученици (86%) одговориле со ДА,<br>- 7 ученици (14%) со ДЕЛУМНО и<br>- 0 ученик (0%) со НЕ<br><br>**2. „Практичната настава и работата во практичната база (работилница/лабораторија) ми помагаат подобро да го совладам материјалот“**<br>- 45 ученици (90%) одговориле со ДА,<br>- 5 ученици (10%) со ДЕЛУМНО и<br>- 0 ученици (0%) со НЕ<br><br>**3. „Наставниците користат различни методи и техники на предавање (презентации, демонстрации, практична работа, групна работа)“,**<br>- 40 ученици (80%) одговориле со ДА,<br>- 8 ученици (16%) со ДЕЛУМНО и<br>- 2 ученици (4%) со НЕ<br><br>**4. „Оценувањето е правично и транспарентно“**<br>- 39 ученици (78%) одговориле со ДА,<br>- 7 ученици (14%) со ДЕЛУМНО и<br>- 4 ученици (8%) со НЕ<br><br>**5. „Се почитуваат различностите меѓу учениците (мислење, способности, потекло)“**<br>- 46 ученици (92%) одговориле со ДА,<br>- 4 ученици (8%) со ДЕЛУМНО и<br>- 0 ученици (0%) со НЕ |

| | |
|---|---|
| | **6. „Имам можност да учествувам во воннаставни активности, проекти или натпревари поврзани со струката“**<br>- 44 ученици (88%) одговориле со ДА,<br>- 6 ученици (12%) со ДЕЛУМНО и<br>- 0 ученици (0%) со НЕ<br><br>**7. „Генерално сум задоволен/задоволна од квалитетот на наставата и условите во училиштето“**<br>- 45 ученици (90%) одговориле со ДА,<br>- 5 ученици (10%) со ДЕЛУМНО и<br>- 0 ученици (0%) со НЕ<br><br>**Заклучок од анкетата за ученици:**<br>Во однос на темите за кои беа анкетирани учениците, а според одговорите кои учениците ги дадоа, може да се заклучи следново:<br>-поголемиот број од анкетираните ученици сметаат дека во училиштето се чувствуваат безбедно за време на наставата и практичната обука;<br>-поголем број од наставниците користат разновидни форми и методи кои се соодветни на потребите на учениците (презентации, демонстрации, практична работа, групна работа), со цел мотивирање и постигнување на подобри резултати;<br>- поголем број од учениците сметаат дека практичната настава и работата во практичната база им помагаат подобро да го совладаат материјалот.<br>- поголемиот број од анкетираните ученици сметаат дека наставниците ја почитуваат различностите меѓу учениците како мислење, способности и потекло;<br>-поголем дел од учениците сметаат дека имаат можност да учествуваат во воннаставни активности, проекти или натпревари поврзани со струката.<br>Врз основа на направените анкети може да се заклучи дека помеѓу наставниците и учениците постои добра соработка при изведување на наставниот процес и практичната работа и поголем дел од учениците се задоволни од квалитетот на наставата и условите во училиштето. |

| | |
|---|---|
| **Анкета за родители (Online)**<br>**(Анкетирани беа 50 родители)** | **1. „Учениците се вклучени во реализација на вонннаставни активности и преку нив во афирмација на училиштето“**<br>- 39 родители (78%) одговориле со СЕ СОГЛАСУВАМ,<br>- 9 родители (18%) со ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ и<br>-2 родители (4%) со НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ<br><br>**2. „Училиштето има стимулативна средина за учење“**<br>- 42 родители (84%) одговориле со СЕ СОГЛАСУВАМ,<br>- 6 родители (12%) со ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ и<br>- 2 родители (4%) со НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ<br><br>**3. „Наставниците со учениците се однесуваат на начин што промовира прифаќање, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба“**<br>- 44 родители (88%) одговориле со СЕ СОГЛАСУВАМ,<br>- 6 родители (12%) со ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ и<br>-0 родители (0%) со НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ<br><br>**4. „Како родители сме информирани кога нашето дете не се чувствува безбедно во училиште, или има проблем каде да се обратиме“**<br>- 45 родители (90%) одговориле со СЕ СОГЛАСУВАМ,<br>- 5 родители (10%) со ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ и<br>- 0 родители (0%) со НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ<br><br>**5. „Навремено сме информирани за успехот и поведението на нашите деца“**<br>- 47 родители (94%) одговориле со СЕ СОГЛАСУВАМ,<br>- 3 родители (6%) со ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ и<br>- 0 родители (0%) со НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ<br><br>**6. „Интересот на родителите за напредокот на нивните деца, училиштето го задоволува преку редовно одржување на родителски средби или индивидуално“**<br>- 42 родители (84%) одговориле со СЕ СОГЛАСУВАМ,<br>- 6 родители (12%) со ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ и<br>- 2 родители (4%) со НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ |

| | |
|---|---|
| | **7. „Известување за постигнатиот успех и напредок на учениците, родителите добиваат преку разговори со класниот раководител , евидентни листови или Е-дневник“**<br>-4 7 родители (94%) одговориле со СЕ СОГЛАСУВАМ,<br>- 3 родители (6%) со ДЕЛУМНО СЕ СОГЛАСУВАМ и<br>- 0 родители (0%) со НЕ СЕ СОГЛАСУВАМ<br>**Заклучок од анкетата за родители:**<br><br>Во однос на темите за кои беа анкетирани родителите, а според одговорите кои родителите ги дадоа, може да се заклучи следново:<br><br>- поголем број од родителите сметаат дека нивните деца се вклучени во повеќе воннаставни активности, а со тоа и во поголема афирмација на самото училиште;<br><br>- исто така поголем број од родителите мислат дека во училиштето има стимулативна средина за учење на нивните деца;<br><br>- скоро сите родители сметаат дека со сите активности кои се спроведуваат во училиштето ја поттикнуваат интеркултурна комуникација меѓу учениците, а со тоа и почитувањето на различностите.<br><br>- врз основа на направените анкети може да се заклучи дека скоро сите родители мислат дека учениците и родителите добиваат повратна информација од нивните наставници за добиената оценка. Од ова може да се заклучи дека помеѓу наставниците и учениците постои добра соработка при изведувањето на оценките.<br><br>- исто така најголемиот дел од родителите сметаат дека нивните деца учат во безбедно училиште и имаат простор каде да се обратат за сите проблеми во врска со нивните деца. |

| | |
|---|---|
| **АНАЛИЗА** | |

Наставниот план и програма во нашето училиште се реализира целосно според однапред утврдени прописи од БРО, ЦРСО и МОН. Наставниците редовно и навремено ја планираат наставната работа. Годишните (глобални), тематски и дневни оперативни планирања ги изготвуваат според потребните дидактичко-методски барања, а се усогласени со наставниот план и програма. Планирањата содржат јасни насоки што се очекува учениците да научат (кои се очекуваните исходи од учењето), како и кога. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а наставниот кадар ги користи информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето. Дневните подготовки наставниците ги прават секојдневно, а во нив ја разработуваат содржината што ќе ја предаваат, целите што треба да се постигнат, како и методите и формите на наставната работа. Наставниците планираат во рамките на стручните активи и разменуваат искуства и идеи за планирањето преку примена на ИКТ, регионална соработка со други училишта, користење на социјалните мрежи и др. Покрај планирањата за часовите, се изработуваат и планирања за Безбедност и заштита преку работа како и Програма за феријална практика. Педагошко-психолошката служба несебично им дава насоки, помош и поддршка на сите наставници во текот на целата учебна година. Нашето училиште нуди повеќе изборни предмети, според наставниот план и спецификациите на локалната средина. Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини да ги информира членовите на Советот на родители, другите родители, учениците, како и сите други кои бараат информација, за целите на наставните планови и програми што се реализираат. Училиштето ги задоволува интересите и желбите на учениците и континуирано им нуди програми од разни области во рамките на Содржини програмирани од училиштето. Од страна на БРО, МОН, како и од некои акредитирани организации се организираат семинари за едукација на наставниците. Наставниците ги подготвуваат и осовременуваат наставните програми преку искуства и знаења стекнати од разни семинари, воведување на нови проекти. Училиштето преку Наставнички совет, Совет на родители, Училиштен одбор планира активности за прибирање и разгледување мислења за наставните планови и програми и учебните помагала од наставниците и од родителите од аспект на родова и етичка рамноправност и мултикултурна сензитивност. Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен, кариерен и социјален развој. Училиштето учествува во проекти од програмата Erasmus + и учениците со помош и поддршка од училиштето и наставниците, работат на проектите, учествуваат во различни манифестации и се трудат да постигнат високи успеси на натпревари од различни области што се организираат на локално, национално или меѓународно ниво. Наставниците користат различни форми на интеракција со учениците (поставување на прашања, водење дискусии, индивидуална настава и друго, во зависност од наставната содржина). За време на часот, најголем број од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за тоа што го учат. Учениците сметаат и дека училиштето има организирани форми на поттикнување и мотивирање и овозможува солидна соработка меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставниците. Учениците сметаат дека училишниот простор е безбеден за изведување на настава и дека имаат стимулативна средина за учење. Секој наставник го следи напредокот на учениците во учењето, а го оценува преку: усни проверки, писмени работи, тестови на знаење, чек листи, белешки, домашни работи на учениците, самостојни и групни проекти, активно учество на учениците на часот, степенот на развиено критичко мислење, вклучување во дебати и дискусии, заинтересираноста, а добиената оценка е синтеза на повеќе аспекти. Учениците се вклучуваат во оценувањето преку самооценување и меѓусебно оценување. Оценувањето е праведно, транспарентно и скоро

| |
|---|
| честопати проследено со дискусија од страна на наставникот и учениците, која пак во голема мера им помага на учениците да ги подобрат своите постигања. Наставниците им даваат повратни информации на учениците за нивниот напредок. |
| **РЕЗУЛТАТИ** |

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Применувани и реализирани наставни планови и програми;<br>• Стручен и соодветен наставен кадар за реализација на наставните планови и програми;<br>• Интегрираност на теоретските содржини, практична настава и вежби по стручните предмети;<br>• Вклучување на учениците во вонаставните активности според сопствените афинитети;<br>• Редовна информираност на родителите за напредокот на своите деца;<br>• Прилагоденост на наставата според можностите на учениците;<br>• Безбедно училиште. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | Не се констатирани позначајни слаби страни во подрачјето |

| |
|---|
| **ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ** |
| • Континуирана соработка со бизнис секторот во локалната средина, кој е во интерес на потребите за реализацијата на практичното усовршување на учениците;<br>• Да се мотивираат родителите повеќе да соработуваат со наставниците и повеќе да ја следат работата на своите деца за постигнување на што подобри резултати. |

**Изработиле:**

**1. Жаклина М.Нешкоска**

**2. Виолета Николоска**

**3. Наташа Мирческа**

**4. Стојне Христоска**

**5. Марија Тренкоска**

**6. Неда Ченто**

**7. Ленче Јованоска**

**8. Ивана Дукоска**

**Подрачје 4. ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ**

**Ниво при евалуација: МНОГУ ДОБРО**

| **Подрачје бр. 4: Поддршка на учениците** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
| **4.1** | **Севкупна грижа за учениците** | ▪ **Заштита од физички повреди и елементарни непогоди**<br>▪ **Превенција од насилство**<br>▪ **Заштита од пушење, алкохол и дрога**<br>▪ **Квалитет на достапна храна**<br>▪ **Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**<br>▪ **Грижа за учениците од социјално загрозени семејства** |
| **4.2** | **Здравје** | ▪ **Хигиена и заштита од болести**<br>▪ **Грижа за учениците со здравствени проблеми** |
| **4.3** | **Советодавна помош за понатамошно образование на учениците** | ▪ **Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>▪ **Грижа за учениците со емоционални потешкотии** |
| **4.4** | **Следење на напредокот** | ▪ **Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците**<br>▪ **Анализа на напредокот на учениците по паралелки** |

**Индикатор Индикатор 4.1. Севкупна грижа за учениците**

<table>
<tr><td>Теми:</td><td colspan="2"><ul><li>Заштита од физички повреди и елементарни непогоди</li><li>Превенција од насилство</li><li>Заштита од пушење, алкохол и дрога</li><li>Квалитет на достапна храна</li><li>Поддршка на учениците со телесни пречки во развојот</li><li>Грижа за ученици од социјално загрозени семејства</li></ul></td></tr>
<tr><td colspan="2">Извори на податоци - документи</td><td>Информации</td></tr>
<tr><td colspan="2"><ul><li>Програма за работа на педагогот</li><li>Програма за работа на психологот</li><li>План за одржување на наставата во средните училишта во учебната 2024/25 и 2025/26 г. (МОН)</li><li>Кодекс за однесување на наставници</li><li>Кодекс за однесување на ученици</li><li>Прирачник за феријална пракса</li><li>Записници од разговори со ученици и родители</li><li>Процедура за собирање, обработка, објавување и чување на</li></ul></td><td>Училишниот простор е безбеден за изведување настава. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор. Во училиштето е воспоставен систем на дежурства за наставниците пред почетокот на наставата и за време на одморите, што уште повеќе ја зајакнува грижата за учениците и нивната безбедност.<br>Учениците, од страна на наставниците, редовно се информирани и обучувани како да се однесуваат во случај на опасност. Инфраструктурата во училиштето (мебелот, скалите, подовите, покривот, прозорците, струјните места, дворот итн.) се безбедни и не претставуваат потенцијална опасност за повреди на учениците. Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и двор.<br>Учениците изведуваат теоретска и практична настава во безбедна и здрава средина каде што се почитуваат мерките за претпазливост. На учениците од сите струки им се воочуваат проблемите по нивното здравје  и личната безбедност кои можат да настанат посебно при изведувањето на практичната настава. Учениците се едуцираат за средствата и мерките за лична и општа заштита на теоретските часови по стручните предмети, а на ова посебно се обрнува внимание при практичната и лабораториската настава.<br>Работилницата каде што учениците од секторот Текстил, кожа и слични производи изведуваат практична настава е преместена во самото училиште во посебна училиница опремена со машини и други потребни материјали.<br>Во хемиската лабораторија се почитуваат правилата при работа и препораките за постапување во случај на несреќа при експериментирање.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| слики, видеа и други лични податоци на социјалните мрежи<br>• Увид во просторните капацитети<br>• Веб-страница на училиштето<br>• Разговор со наставници<br>• Разговор со стручната служба<br>• План за евакуација<br>• Куќен ред<br>• Кодекс за ученици<br>• Процедура за работа на тимови за безбедност<br>• Потврда за извршена обука за Безбедност и здравје при работа<br>• Сертификат за посетен и завршен курс за Заштита од пожари<br>• Дневни подготовки на наставен час | При посети во компании, институции, аптеки, болници, рудници, на учениците им се обезбедува заштитна опрема и им се укажува на безбедносната процедурата за движење. На учениците од трета година, образовен профил геолошко-рударски техничар, согласно со програмата по наставниот предмет Учење преку работа кај работодавач во просториите на Фимар Балкан АД Скопје, на првите часови од страна на менаџерот на секторот Безбедност и здравје при работа и животна средина им се извршува обука за запознавање и примена на мерки за безбедна работа во ОЕ експлоатација – рудник Галабовец.<br>За учениците од прва и втора година од сите струки во училиштето, во учебната 2024/2025 и за учениците од прва година во учебната 2025/2026 година, во насока за подготовка за феријална практика во компании, им беше изведена и посебна обука за заштита при работа, согласно со Прирачникот за феријална практика. Обуката ја изведуваат стручни и соодветно обучени наставници. За учениците од секторот геологија, рударство и металургија и за ново вработениот наставен кадар во училиштето изведена е обука од лиценциран и сертифициран обучувач за заштита при работа.<br>Педагогот на училиштето има изработено Програма за заштита на физичката безбедност и здравјето на учениците и вработените.<br>Училиштето има технички исправна громобранска заштита. Општата заштита во училишниот простор е надополнета и со ПП апаратите. Тие се распоредени по два на секој кат, по еден во секоја работилница, во лабораторијата, во козметичкиот кабинет и во фризерскиот салон. Четири ПП апарати има во спортската сала и еден во котларата. Во спортската сала и на секој кат има и хидранти. ПП апаратите се баждарат еднаш годишно според стандардни процедури. Сите ПП апарати се комбинирани, со прашок. Цревата се нови и тие се баждарат еднаш годишно. Во насока на заштита од пожари од страна на раководниот тим на училиштето, на пет вработени лица од училиштето им беше овозможено да посетуваат и полагаат курс за Заштита од пожари, а со тоа се стекнаа и со соодветни сертификати од страна на лиценциран обучувач.<br>Училиштето има обележани сигнални знаци кон излезите од училиштето во случај на елементарни непогоди. За дополнителна заштита на учениците и навремено алармирање на одредени ситуации, училиштето е под видео надзор (влезовите, холовите, ходниците, дворот). Двапати во годината се врши симулација за елементарна непогода, во која учествуваат сите ученици и вработени во училиштето.<br>Квалитетот на храната што ја користат учениците е на задоволително ниво, бидејќи објектите од кои учениците се снабдуваат со храна, а се наоѓаат во непосредна близина на |

| | |
|---|---|
| | училиштето, работат според стандарди кои се одобрени од Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ.<br>Училиштето ги користи сите законски прописи за санкционирање на сите облици на однесување кои се сметаат за психичко, физичко и сексуално и сајбер-насилство и во случај на поднесување поплаки, училиштето презема мерки. Воведено е анонимно пријавување на булинг и секакво психичко и физичко насилство за учениците, преку телефонски број кој е истакнат на видни места во училиштето. На класните часови се третираат теми преку кои учениците се изјаснуваат за формите на насилство и дискутираат за булингот и сајбер-булингот како современ облик на физичко и психичко меѓуврсничко насилство. Училиштето соработува и со Центарот за јавно здравје, од каде што вработени во соработка со стручната служба на училиштето вршат едукативни работилници на учениците од прва година на тема: Превенција за насилство на жени, Исхрана и здравје и физичка активност. Поголемиот дел од наставниците се обучени за медијација помеѓу учениците во случај на конфликтни ситуации. Во училиштето се води сметка за заштита на приватноста на учениците во секојдневната класична и интернет комуникација.<br>Училиштето има спроведено процедура со која се пропишува начинот на собирање, обработка и објавување и чување на личните податоци: фотографии и видеа на учениците на веб-страницата на училиштето и на социјалните мрежи.<br>Во одбрана на детските права и против насилство, активно работеше и Ученикот правобранител кој заедно со тимот спроведува низа активности на тие теми, во облик на работилници и дебати.<br>Исто така, и Ученичкиот парламент, во соработка со Ученикот правобранител и самостојно, организира и спроведува активности и работилници на истите теми.<br>Од страна на училиштето е потпишана и Процедура за работа на тимови за безбедност. Координатор на проектот Безбедни училишта е педагогот на училиштето. Составени се училишни тимови за безбедност кои вклучуваат четири ученици, по еден од секоја година и класни тимови за безбедност во кој учествуваат по три ученици од секој клас и класниот раководител.<br>Педагогот и психологот имаат изготвено Кодекс за учениците, Етички кодекс за однесување на учениците, наставниците и родителите и Куќен ред кон кои е договорено сите да се придржуваат. Кодексот е поставен на видно место во училиштето каде што секој може да го прочита и да се придржува кон него. Примероци од Кодексот на однесување има и во сите училници, кабинети и во училишните работилници. |

| | |
|---|---|
| | Во училиштето има Процедура при појава на пушење, алкохол, користење и пуштање во употреба на наркотични средства, поседување на оружје и опасни материи по здравјето и животот на сите во нашето училиште. Исто така, се реагира и во поглед на непристојната облека на учениците на училиште и недоличното однесување. Ако се забележат вакви појави во просториите на училиштето или во училишниот двор, прво се пријавуваат кај педагогот и психологот. Во зависност од тежината и карактерот на случајот, учениците се проследуваат и до надлежните институции во рамките на општината, а потоа се известуваат и родителите. Со реализацијата на воспитната компонента, учениците редовно се едуцираат како да се заштитат од современите пороци.<br>Со процедурата за грижа на учениците со пречки во развојот се идентификуваат овие ученици од страна на класните раководители и предметните наставници. Притоа се врши редовна комуникација со родителот и се обезбедуваат материјално-технички услови за успешно следење на наставата, но и наставниците во дневната подготовка воведуваат посебни задачи за тие ученици. Исто така, за две ученички со посебни образовни потреби, од страна на училиштето во оваа учебна година се ангажирани образовни асистенти.<br>Училиштето има обезбедено еден приод во училишната зграда (од страната на спортска сала) за ученици со физички/телесни недостатоци. Доколку има ученици со потешкотии во движењето, а со цел да им се обезбеди слободно движење на тие ученици, се прави прераспоредување на паралелките по училници, па учениците од таа паралелка ја следат наставата на долниот кат.<br>Исто така и во училиштето се води грижа за ученици од социјално загрозени семејства. Како резултат на соработката со МОН, учениците се корисници на стипендии доделени од МОН, Овде треба да се спомене и стипендијата што по различни основи ја добиваат учениците од страна на МОН, како и стипендијата за учениците Роми. Бидејќи учениците аплицираат самостојно, а не преку училиштето, немаме обврска да ни биде позната бројката на корисници на овие стипендии.<br>Во училиштето често се организираат хуманитарни активности преку Драмската секција „Слободно театарче“, Ученичкиот парламент на училиштето, Црвениот крст, Тимот на Ученикот правобранител, со цел да се обезбеди материјална или финансиска помош на учениците од социјално ранливите категории. |

**Индикатор 4.2. Здравјето на учениците**

| Теми: | • **Хигиена и заштита од болести**<br>• **Грижа за ученици со здравствени проблеми** |
| --- | --- |
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| • Годишната програма за работа на училиштето<br><br>• Куќниот ред на училиштето<br><br>• Фактури од извршена дезинфекција, дезинсекција и дератизација<br><br>• Разговор со наставници<br><br>• Разговор со педагошко-психолошка служба<br><br>• Веб-страница на училиштето | Здравјето е потполна психичка, физичка, емоционална, интелектуална и социјална благосостојба, а не само отсуство на болест и затоа предизвикот на наставниците и педагошката служба во училиштето е да влијаат на правилен начин врз интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој на децата. Во училиштето учениците усвојуваат и стекнуваат знаења, искуства и вештини кои ќе им обезбедат правилен развој и поддршка на физичкото и менталното здравје. И најмала грешка може негативно да влијае врз целосниот развој на личноста на ученикот.<br>Во училиштето се реализира едукација за превенција од болести преку здравствено воспитание. Учениците од здравствена струка, образовен профил медицинска сестра, на одредени датуми поврзани со одредени заболувања преку предавања, презентации, делење летоци, изложби, ја подигнуваат здравствената свест на соучениците и наставниците како и на пошироката јавност.<br>Исто така и Ученичкиот совет организира предавања за одредени заболувања.<br>Во училиштето доаѓаат и стручни лица од Центар за јавно здравје, ЈЗУ Општа Болница со проширена дејност - Прилеп, Министерство за внатрешни работи ОВР - Прилеп, Црвен крст. Тие одржуваат наменски предавања во текот на учебната 2024/2025 и 2025/2026 година на учениците за теми кои ја зголемуваат грижата на учениците за своето здравје и нивната безбедност како на пример: „Зависности (дрога)“, „Ден на тутун (одвикнување од пушење)“, „Малигни заболувања“, „Исхрана, здравје и физичка активност“, „Кардиоваскуларни заболувања“, „Сексуално воспитание и сексуално преносливи болести“, „Превенција од девијантни појави дрога, алкохол и цигари“, „Онлајн насилство – Како да се спречи и како да се запре“, „Меѓуврсничко насилство“, „Петарди НЕ – безбедност пред сè“, „Младите и здравите навики“ - Универзитет Гоце Делчев (25.11.2024 година), „Безбедни матурски вечери“- НМСМ (13.05.2025 година), „Младите и здравите навики“ - Универзитет Гоце Делчев - Штип (05.12.2025 година), „Примена на АИ во медицината и фармацијата“ Економски факултет - Прилеп (11.12.2025 година), „Светски ден на бубрегот“ - Нефрологија (18.02.2026 година). |

| | |
|---|---|
| | Училиштето постојано соработува со здруженија со кои се реализираат заеднички активности, а наставниците земаат учество и на конгреси и симпозиуми од областа на здравството.<br>Здравствено-едукативната секција „Здравје без граници” активно спроведува работилници, предавања, хуманитарни акции и едукација на учениците од другите струки, како и пред штитениците во домовите и здруженијата за стари лица.<br>Хигиената во училиштето ја одржува техничкиот персонал, редовно се обезбедуваат средства за хигиена и дезинфекција на раце и редовно се изведува дезинфекција на тоалетите и ходниците во училиштето.<br>Неколкупати во денот се празнат корпите / кантите за отпадоци поставени во ходниците, а на крајот од денот се празнат и корпите во училниците. Ходниците, спортската сала и тоалетите се чистат за време на големиот одмор и по завршување на наставата во секоја смена, а училниците се чистат по завршувањето на наставата. Хигиената во училиштето е на високо ниво.<br>Во текот на учебната 2025/2026 година изработена е Процедура за одржување хигиена и безбедност во СОУ „Ѓорче Петров” Прилеп.<br>Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училиштето од страна на Центарот за јавно здравје Прилеп беа извршени на 17.01.2025 година, и 28.02.2026 година и дезинфекција во јуни 2024 година и 26.08.2025 година, а следна дезинфекција треба да биде во август 2026 година.<br>За време на часовите во фармацевтската лабораторија се вршат подготовки на различни препарати, секогаш во присуство на предметниот наставник. Групата која ја изведува подготовката ги презема сите мерки за претпазливост пред изведувањето т.е. наставникот ги едуцира учениците како треба да се заштитат, или како да реагираат во случај на ненамерна грешка.<br>За потребите на изведување на практичната настава и учење преку работа кај работодавач сите ученици носат униформи.<br>На почетокот на учебната 2024/2025 година, како и 2025/2026 година сите редовни ученици кои се запишани во училиштето се осигуруваат од незгода.<br>Систематски преглед на вработените се прави на две години, а последниот систематски преглед е извршен во септември 2025 година.<br>Санитарен преглед на вработените беше извршен во септември во учебната 2024/2025 година. и во септември 2025/2026 година. |

| | |
|---|---|
| | Систематскиот преглед на учениците беше реализиран во месец април од учебната 2025/2026 година со прва година. На прегледите се следи физичкиот и психичкиот развој на учениците, лабораторискотo испитување, се врши рана детекција на здравствени проблеми и се даваат насоки за понатамошен третман и совети за навремена целосна вакцинација.<br>Во училиштето постои начин за постапување со ученици кои имаат здравствени проблеми и поради тоа отсуствуваат од настава. Ученикот кој има здравствени проблеми, може да биде ослободен од настава врз основа на медицинска белешка издадена од соодветна здравствена установа. Наставниот персонал, педагошко-психолошката служба и директоротот имаат разбирање за таквите ученици. Учениците со здравствени проблеми по барање на родителите и со поднесување медицинска белешка од доктори специјалисти се ослободуваат од часовите по спорт и спортски активности. |

**Индикатор 4.3. Советодавна помош на учениците**

| **Теми:** | • **Давање помош при избор на занимањето/институцијата за понатамошно образование, доусовршување или вработување**<br>• **Грижа за ученици со емоционални потешкотии** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| • Процедура за постапување со ученици кои имаат емоционални проблеми<br>• Веб-страница на училиштето | За професионална ориентација за учениците од завршните години на средното образование постојат повеќе активности. Преку Содржините програмирани од училиштето, со програмата Подготовка за вработување и работа и Планирање на кариера, на учениците им се дава помош при изборот на занимањето и понатамошно образование, доусовршување или вработување. Од учебната 2025/26 година со новиот Закон за средно образование се воведува кариерен советник во зависност од бројот на учениците во училиштето. Во нашето училиште има двајца кариерни советници со по половина работно време. Тие работат според изготвена годишна програма за кариерно советување на учениците. Основната улога на кариерниот советник е да ги води учениците низ циклусот на кариерно планирање кој опфаќа: креирање визија, самопроценка, истражување на образовни и кариерни можности, донесување одлуки, креирање кариерни цели и изработка на индивидуален кариерен план. Задачата на кариерните советници е да ги мотивира и |

| | |
|---|---|
| • Разговор со педагошко-психолошка служба<br><br>• Програма за кариерни советници<br><br>• Програма за откривање и грижа за учениците со емоционални потешкотии<br><br>• Содржини програми од училиштето | поддржува учениците согласно со нивните индивидуални потреби, способности и интереси. Кариерниот советник спроведува активностите за развивање животни и социјални вештини кај учениците, вештини за вработливост и вештини за менаџирање со сопствениот кариерен развој.<br>Работните задачи на кариерниот советник опфаќаат основни знаења, вештини и способности за спроведување на кариерно советување, информирање и образование групирани во следните подрачја:<br>• планирање на кариерното советување и информирање во училиштето;<br>• работа со ученици;<br>• соработка и вмрежување;<br>• обезбедување квалитет и<br>• личен и професионален развој.<br>Училиштето остварува соработка со дел од универзитетите и факултетите кои преку презентации и со делење на рекламен материјал ги претставуваат своите програми. Ученици од завршните години заедно со предметни наставници и кариерните советници реализираат посети на факултети во нашиот град и надвор од него. Ваквата интеракција помага при професионалната ориентација на учениците. Преку соработката со компаниите и институциите во облик на посети и реализирање на заеднички активности, нашите ученици по завршувањето на средното образование полесно се вклопуваат на работните места.<br>Во учебната 2025/2026 година, за првпат од постоењето на училиштето, вработен е специјален едукатор и рехабилитатор / дефектолог. Со тоа значително се зајакнува инклузивниот пристап и системската поддршка на учениците со потешкотии во учењето и учениците со посебни образовни потреби. Изработена е годишна програма за работа на специјалниот едукатор и рехабилитатор, како и посебна програма за работа со ученици со посебни образовни потреби, со јасно дефинирани цели, активности и очекувани резултати. Во рамки на работата се следи и документира поддршката на учениците со ПОП во редовната настава, практичната настава, УПР и феријалната практика. Се води уредна писмена документација преку евидентни листи, записници и извештаи. Паралелно се реализира континуирана комуникација и советување на учениците, наставниците и родителите, како и соработка со директорот, ученичкиот парламент, класните заедници и тимот за инклузија. Работата се одвива согласно утврдени процедури за постапување со ученици со социо-емоционални потешкотии и потешкотии во учењето, со акцент на рана идентификација, индивидуализиран пристап и интердисциплинарна соработка. |

| | |
|---|---|
| | Формиран е училиштен инклузивен тим, како и инклузивни тимови за ученици, кои активно учествуваат во планирањето и следењето на поддршката. За сите ученици со посебни образовни потреби се изработени индивидуални образовни планови согласно важечките правилници. Изготвени се и акциони планови за соработка со ресурсните училишта – ДУРДМОВ Димитар Влахов, ДСУРЦ Партенија Зографски и ДСУРЦ Искра – Штип, со цел обезбедување стручна поддршка и насоки за понатамошна работа.<br>Во тековната учебна година за првпат, согласно законската регулатива, се воведува системско обезбедување на образовни асистенти преку Министерството за образование и наука. Согласно со Правилникот за начинот на побарување на образовна асистенција, беа доставени барања до ресурсните центри за обезбедување на образовни асистенти за наредна учебна година. За ученикот за кој во моментот нема образовен асистент, поддршката се обезбедува преку директна стручна асистенција, од страна на специјален едукатор и рехабилитатор.<br>Во насока на целосна инклузија, се поттикнува активно учество на учениците во воннаставни активности, секции, дополнителна и додатна настава, натпревари и проекти. Учениците со посебни потреби се вклучија во настапот на хорот по повод одбележување на патрониот празник на училиштето, со претходно обезбедена согласност, со што се зајакнува чувството на припадност и социјална интеграција.<br>Четири ученици поседуваат проценка согласно МКФ (Меѓународна класификација на функционирање), врз основа на која се изработени индивидуални образовни планови и истите се реализираат и оценуваат согласно утврдените прилагодувања и насоки.<br>Податоците се водат во интерна документација согласно прописите за заштита на личните податоци и претставуваат основа за планирање на соодветна поддршка, ангажирање образовни асистенти и унапредување на инклузивните практики во училиштето. |

**Индикатор 4.4. Следење на напредокот**

| Теми: | Водење евиденција за индивидуалниот напредок на учениците<br>Анализа на напредокот на учениците по паралелки |
|---|---|
| **Извори на податоци – документи**<br>• Е-дневник<br>• Главни книги<br>• Записници од родителски средби<br>• Свидетелства<br>• Закон за средно образование<br>• Евидентни листови за учениците за следење на успехот и поведението во текот на наставната година, по квартали<br>• Извештаи<br>• Компаративни табели за успех и поведение | **Информации**<br>Следењето на напредокот на учениците е континуиран процес на формативно и сумативно оценување кој вклучува набљудување, тестирање и повратни информации. Следењето на напредокот на учениците е евидентирано во Е-дневник. Родителите редовно, најмалку четирипати годишно, се известуваат за напредокот на учениците на Средби со родителите, организирани од класните раководители или на индивидуални средби со предметниот наставник. Напредокот на учениците се бележи во педагошка документација - евидентни листови за секое тримесечје, како и во електронскиот дневник од кој податоците се достапни и се добиваат и на електронска пошта на родителот/старателот или преку СМС порака. Се следи напредокот на учениците кои имаат потреба од образовен асистент, специјален едукатор и рехабилитатор. Исто така за овие ученици се изработува ИОП. Наставниците изготвуваат годишни програми за учениците со потешкотии во учењето.<br>Преку работата на Советот на родители, средбите со родителите и на класните часови, родителите и учениците се запознаваат со постоењето на стручна служба во училиштето и за видот на помошта која можат да ја добијат како што е: советодавна работа со учениците, советодавна работа со учениците кои покажуваат асоцијално однесување, нередовност и слаб успех, советодавна работа и советување на родители чии деца побрзо напредуваат или пак имаат проблеми во учењето, редовноста и дисциплината и др. Класните раководители на крајот на секое тримесечје и полугодие поднесуваат Извештај за постигањата на паралелката според пол, националност, поведение и успех. Со тие податоци учениците редовно се запознаваат на класните часови, а родителите на родителските средби. На крајот на годината учениците добиваат свидетелство за постигнатиот успех. Педагогот на училиштето редовно изготвува тримесечни, полугодишни и годишни извештаи за напредокот на учениците и на паралелките според податоците добиени од класните раководители по пол, националност, поведение и успех. Врз основа на извештаите за општите податоци и од извештаите за постигањата на паралелките, педагогот прави компаративни табели за успех и поведение. Со овие податоци и извештаи се запознаваат Советот на родители и Училишниот одбор. |

| | |
|---|---|
| | Доколку ученикот преминува во друго училиште се почитува воспоставена процедура. За учество и постигнат успех во настани организирани од училиштето учениците добиваат пофалници /дипломи или пригодна награда во соработка со компании. Најдобриот ученик на генерацијата се наградува со титулата „Првенец на генерација“ и со пригодна награда обезбедена од училиштето. Изборот се врши според изготвени правила и критериуми од страна на Комисија |
| | |

| **Методи кои се користени за собирање податоци** | **Собрани информации** |
|---|---|
| **Анкета за наставници** | **Анкетирани беа вкупно 30 наставници.**<br><br>**1: Дали преземате активни мерки за превенција од насилство и заштита на учениците од пороци како пушење, алкохол и дрога?** На ова прашање, 26 наставници (86,7%) одговорија потврдно со „Да“, 3 наставници (10%) одговориле со „Делумно“, додека 1 наставник (3,3%) одговорил со „Не“.<br>**2: Дали обезбедувате соодветна поддршка за учениците со телесни пречки во развојот и за децата кои доаѓаат од социјално загрозени семејства?**<br>Во однос на ова прашање, 25 наставници (83,3%) дале одговор „Да“, 4 наставници (13,3%) одговориле со „Делумно“, а 1 наставник (3,4%) се изјаснил со „Не“.<br>**3: Дали за учениците редовно ги спроведувате мерките за хигиена, заштита од болести и грижа за учениците со специфични здравствени проблеми?**<br>На ова прашање, 27 наставници (90%) одговориле со „Да“, 3 наставници (10%) одговориле „Делумно“, додека ниту еден наставник (0%) не одговорил со „Не“.<br>**4: Дали им нудите навремена советодавна помош и поддршка на учениците кои се соочуваат со емоционални потешкотии?**<br>За овој аспект на поддршка, 26 наставници (86,7%) се изјасниле со „Да“, 3 наставници (10%) дале одговор „Делумно“, а само 1 наставник (3,3%) одговорил со „Не“.<br>**5: Дали на учениците им обезбедувате насоки и помош при изборот на нивното идно занимање или понатамошно образование?**<br>На ова прашање, 27 наставници (90%) одговориле потврдно со „Да“, 2 наставници (6,7%) се изјасниле со „Делумно“, додека 1 наставник (3,3%) одговорил со „Не“. |

| | |
|---|---|
| | **6: Дали водите уредна и континуирана евиденција за индивидуалниот напредок на секој ученик во паралелките каде што предавате?**<br>Водењето евиденција позитивно го оцениле 25 наставници (83,3%) со одговор „Да“, 4 наставници (13,3%) одговориле со „Делумно“, а 1 наставник (3,4%) се изјаснил со „Не“.<br>**7: Дали активно ги запознавате учениците со протоколите за заштита од физички повреди и постапување при елементарни непогоди?**<br>На ова прашање, точно 27 наставници (90%) одговориле со „Да“, 2 наставници (6,7%) дале одговор „Делумно“, додека 1 наставник (3,3%) се изјаснил со „Не“.<br><br>**ЗАКЛУЧОК:**<br>Резултатите од анкетите за наставниците потврдуваат дека училиштето остварува висок степен на ефикасност во подрачјето Поддршка на учениците. Наставниот кадар (примерок од 30 испитаници) покажува исклучително висока усогласеност во ставовите, со потврдни одговори кои се движат над 80%, па дури и до 90% каде што се евалуира грижата за здравјето, превенцијата од насилство и кариерното насочување.<br>Добиените податоци јасно укажуваат дека системот на севкупна грижа, советодавна помош и континуирано следење на индивидуалниот напредок на учениците функционира стабилно и организирано. Наставниците успешно соработуваат со стручната служба, директорот и ги реализираат инклузивните практики, со што се обезбедува сигурна, здрава и стимулативна средина за сите ученици во училиштето. |
| **Анкета за родители** | **Анкетирани беа вкупно 50 родители.**<br><br>**1: Дали сметате дека училиштето презема соодветни мерки за заштита на Вашето дете од физички повреди и превенција од насилство?**<br>На ова прашање, од вкупниот број анкетирани, 43 родители (86%) одговориле потврдно со „Да“, 5 родители (10%) се изјасниле со „Делумно“, додека 2 родители (4%) дале негативен одговор.<br>**2: Дали училиштето обезбедува соодветна грижа и поддршка за учениците кои доаѓаат од социјално загрозени семејства?**<br>На ова прашање, 41 родител (82%) одговорил со „Да“, 7 родители (14%) избрале „Делумно“, а 2 родители (4%) се изјасниле со „Не“.<br>**3: Дали сте задоволни од нивото на хигиена во училиштето и преземените мерки за заштита на здравјето на учениците?**<br>На ова прашање, 45 родители (90%) дале позитивен одговор „Да“, 4 родители (8%) се изјасниле со „Делумно“, а само 1 родител (2%) одговорил со „Не“. |

| | |
|---|---|
| | **4: Дали сметате дека стручната служба и наставниците му нудат соодветна поддршка на Вашето дете доколку се соочи со емоционални потешкотии?**<br>За овој аспект на поддршка, 42 родители (84%) се изјасниле потврдно со „Да“, 6 родители (12%) одговориле со „Делумно“, додека 2 родители (4%) дале одговор „Не“.<br>**5: Дали од училиштето добивате навремена советодавна помош и насоки за понатамошното образование и изборот на занимање на Вашето дете?**<br>На ова прашање, точно 45 родители (90%) дале потврден одговор со „Да“, 3 родители (6%) се изјасниле со „Делумно“, додека 2 родители (4%) одговориле со „Не“.<br>**6: Дали наставниците редовно и навремено Ве информираат за индивидуалниот напредок и резултатите на Вашето дете?**<br>Редовното информирање позитивно го оцениле 43 родители (86%) со одговор „Да“, 5 родители (10%) одговориле со „Делумно“, а 2 родители (4%) се изјасниле со „Не“.<br>**7: Дали сметате дека училиштето успешно гради партнерски однос со Вас како родители во функција на поддршка на учениците?**<br>Во врска со партнерството со училиштето, точно 45 родители (90%) дале одговор „Да“, 4 родители (8%) се изјасниле со „Делумно“, а само 1 родител (2%) одговорил со „Не“.<br><br>**ЗАКЛУЧОК:**<br><br>Резултатите од анализата на прашалниците наменети за родителите (примерок од 50 испитаници) потврдуваат многу високо ниво на задоволство и доверба во подрачјето Поддршка на учениците. Потврдните одговори со „Да“ кај сите клучни индикатори се движат стабилно над 80%, при што кај прашањата за одржувањето на здравјето, кариерното насочување и партнерскиот однос со семејствата, задоволството достигнува точно 90%.<br>Добиените податоци јасно укажуваат дека родителите го препознаваат училиштето како безбедна средина која успешно ги заштитува учениците од насилство и пороци. Исто така, евидентна е силна поддршка за ефикасноста на стручната служба и наставниците во делот на емоционалната советодавна помош и редовното информирање за индивидуалниот напредок на децата, што претставува одлична основа за натамошно негување на партнерството меѓу училиштето и семејството. |
| **Анкета за ученици** | **Анкетирани беа 50 ученици од различни националности**<br><br>**1: Дали се чувствувате безбедно во Вашето училиште?**<br>На ова прашање, 45 ученици (90%) одговориле потврдно со „Да“, 4 ученици (8%) се изјасниле со „Делумно“, додека само 1 ученик (2%) одговорил со „Не“. |

| | |
|---|---|
| | **2: Дали во училиштето се преземаат соодветни мерки кога ќе се појави насилство или навредување?**<br>На ова прашање, 41 ученик (82%) дал позитивен одговор „Да“, 6 ученици (12%) избрале „Делумно“, а 3 ученици (6%) се изјасниле со „Не“.<br>**3: Дали се чувствувате целосно прифатено од Вашите соученици без оглед на Вашата националност?**<br>На ова прашање 45 ученици (90%) одговориле со „Да“, 4 ученици (8%) со „Делумно“, додека само 1 ученик (2%) се изјаснил со „Не“.<br>**4: Дали знаете точно кому во училиштето (наставник, директор, педагог, психолог) треба да му се обратите доколку имате некаков проблем?**<br>На ова прашање 45 ученици (90%) дале потврден одговор со „Да“, 3 ученици (6%) се изјасниле со „Делумно“, а 2 ученици (4%) одговориле со „Не“.<br>**5: Дали добивате соодветна поддршка од наставниците и стручната служба кога се соочувате со емоционални и лични проблеми?**<br>На ова прашање, 42 ученици (84%) се изјасниле потврдно со „Да“, 5 ученици (10%) дале одговор „Делумно“, додека 3 ученици (6%) одговориле со „Не“.<br>**6: Дали добивате навремена помош и поддршка од наставниците кога се соочувате со потешкотии во совладувањето на материјалот?**<br>На ова прашање 47 ученици (94%) дале потврден одговор со „Да“, 3 ученици (6%) се изјасниле со „Делумно“, а ни еден ученик со „Не“.<br>**7: Дали наставниците редовно Ви даваат конструктивна повратна информација за Вашиот индивидуален напредок во учењето?**<br>Анализа: Во врска со добивањето повратна информација, точно 48 ученици (96%) одговориле со „Да“, 2 ученици (4%) се изјасниле со „Делумно“, а ни еден ученик со „Не“.<br><br>**ЗАКЛУЧОК:**<br>Резултатите од спроведената анкета на ученици од различни националности покажуваат исклучително високо ниво на задоволство во подрачјето Поддршка на учениците. Учениците го доживуваат училиштето како исклучително безбедна, здрава и инклузивна средина, што се потврдува со фактот дека позитивните одговори кај сите индикатори а во клучните сегменти како што се меѓуетничката прифатеност, знаењето кому да се обратат за помош и редовното следење на напредокот, задоволството достигнува висок резултат .<br>Овие показатели јасно упатуваат на заклучокот дека училиштето успешно ги имплементира сите протоколи за заштита, превенција од насилство и советодавна поддршка, овозможувајќи им на учениците еднакви можности за личен, емоционален и образовен развој. |

| **АНАЛИЗА** |
|---|
| Анализата на подрачјето „Поддршка на учениците“ покажува дека училиштето има воспоставено функционален и сеопфатен систем кој ги опфаќа сите клучни аспекти на развојот на учениците: безбедност, здравје, советодавна поддршка, инклузија и следење на напредокот.<br>4.1. Севкупна грижа за учениците<br>Училиштето обезбедува безбедна физичка и психосоцијална средина за изведување на наставата. Инфраструктурата е соодветна и не претставува ризик за учениците, а воспоставени се јасни процедури за заштита од физички повреди, елементарни непогоди и други ризици. Функционира систем на дежурства, видео надзор и редовни симулации за евакуација, што придонесува за високо ниво на подготвеност и сигурност.<br>Посебно значајно е што училиштето активно работи на превенција од насилство, вклучувајќи физичко, психичко и сајбер-насилство, преку работилници, едукации и механизми за пријавување (вклучително и анонимно пријавување). Постои добра организациска поставеност преку тимови за безбедност и вклученост на учениците (Ученички парламент/ Ученички совет и Ученик правобранител), што придонесува за развој на демократска и инклузивна училишна клима.<br>Училиштето покажува грижа и за ранливите категории ученици, преку хуманитарни активности, стипендии и поддршка за ученици од социјално загрозени семејства. Во однос на учениците со физички потешкотии, обезбеден е пристап и прилагодување на наставата, што укажува на стремеж кон еднаквост и инклузија.<br>4.2. Здравје<br>Грижата за здравјето на учениците се реализира преку повеќе сегменти: одржување на хигиената, превенција од болести, здравствена едукација и соработка со релевантни институции. Училиштето редовно спроведува дезинфекција, дезинсекција и дератизација, а хигиената се одржува континуирано.<br>Преку различни активности, работилници и предавања (во соработка со здравствени установи и организации), учениците се едуцираат за здрав начин на живот, превенција од зависности, сексуално здравје и други важни теми. Ваквите активности придонесуваат за развој на здрави навики и подигнување на свеста кај учениците.<br>Дополнително, училиштето има воспоставени процедури за постапување со ученици со здравствени проблеми, овозможувајќи им флексибилност и поддршка во наставниот процес. Учениците се осигуруваат од незгода, а се реализираат и систематски прегледи, што укажува на системски пристап кон здравствената заштита.<br>4.3. Советодавна помош за понатамошно образование на учениците<br>Советодавната поддршка е еден од посилните сегменти во работата на училиштето. Педагошко-психолошката служба, заедно со кариерните советници, континуирано работи со учениците во насока на нивен личен, социјален и професионален развој.<br>Воведувањето на кариерни советници претставува значаен исчекор, бидејќи учениците добиваат системска поддршка при планирање на својата иднина  од самопроценка, преку истражување на можности, до донесување одлуки и изработка на кариерен план. Соработката со факултети, институции и компании дополнително ја зајакнува оваа компонента и овозможува практична ориентација на учениците.<br>Се спроведува континуирана поддршка за ученици со потешкотии во учењето, социо-емоционални проблеми и други развојни предизвици. Се води детална евиденција и се реализира соработка со родителите и релевантни институции.<br>4. 4. Следење на напредокот на учениците |

Следењето на напредокот е систематско и континуирано, преку формативно и сумативно оценување, е-дневник, извештаи и анализи. Наставниците водат евиденција за успехот, поведението и редовноста, а податоците се користат за подобрување на наставниот процес. Родителите се редовно информирани преку родителските средби, евидентните листови, меил адреси, што овозможува нивно активно вклучување. Стручната служба изготвува анализи и компаративни извештаи, кои служат како основа за понатамошно планирање и унапредување на работата.

Врз основа на деталната анализа на податоците добиени од трите клучни целни групи во училишната заедница 30 наставници, 50 родители и 50 ученици од различни националности може да се донесе генерален заклучок дека подрачјето Поддршка на учениците се остварува со исклучително висок степен на ефикасност, сигурност и професионализам.

Постои целосна усогласеност меѓу перцепциите на наставниците, родителите и самите ученици во однос на безбедноста и севкупната грижа. Анкетите јасно покажуваат дека училиштето успешно имплементира ефикасни механизми за превенција од насилство, заштита од пороци и одржување на високи стандарди за здравје и хигиена. Учениците се чувствуваат сигурно и меѓусебно прифатено без оглед на нивната национална припадност, што родителите високо го вреднуваат и го препознаваат како стабилна средина за развој на нивните деца.

Во делот на советодавната помош и следењето на напредокот, резултатите потврдуваат силна функционална врска меѓу сите чинители. Додека наставниците водат уредна евиденција и континуирано применуваат инклузивни стратегии за помош при потешкотии во учењето, учениците потврдуваат дека точно знаат кому да се обратат и дека добиваат соодветна поддршка за нивните емоционални и лични потреби. Овој процес е дополнително засилен преку редовното и навремено информирање на родителите, со што успешно се заокружува триаголникот на соработка: наставник - ученик - родител.

Оваа комплементарност во резултатите од сите три анкети дава цврст доказ дека училиштето има воспоставено одржлив и стимулативен систем кој гарантира сеопфатна заштита, инклузивност и континуиран напредок на секое дете. Спроведената анализа отвора одлична перспектива за понатамошно одржување и надградување на овие високи стандарди преку конкретните силни и слаби страни кои произлегуваат од овие податоци.

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Училиштето обезбедува безбедна и сигурна средина за изведување на наставата, со воспоставени процедури, видео надзор, дежурства и редовни симулации за евакуација;<br>• Постои јасно дефиниран систем за заштита на учениците од физички повреди, насилство, зависности и други ризични појави;<br>• Се спроведуваат континуирани активности за превенција од насилство, вклучувајќи и механизми за анонимно пријавување и активно вклучување на учениците;<br>• Училиштето има добра организациска поставеност преку тимови за безбедност, Ученички парламент/Ученички совет и Ученик правобранител;<br>• Постои високо ниво на соработка помеѓу наставниот кадар, стручната служба, раководството и родителите;<br>• Педагошко-психолошката служба обезбедува континуирана советодавна и психосоцијална поддршка за учениците;<br>• Воведувањето на кариерни советници претставува значаен чекор во насока на професионална ориентација и развој на учениците;<br>• Училиштето обезбедува инклузивен пристап, преку вработување на специјален едукатор и рехабилитатор, формирање инклузивни тимови и изработка на индивидуални образовни планови;<br>• Се обезбедува поддршка за ученици од социјално загрозени семејства, преку хуманитарни активности и соработка со институции;<br>• Постои континуирана грижа за здравјето на учениците, преку едукации, работилници и соработка со здравствени институции;<br>• Хигиената во училиштето се одржува редовно, а се спроведуваат и мерки за превенција од болести;<br>• Учениците стекнуваат знаења и навики за здрав живот, преку организирани активности и предавања;<br>• Следењето на напредокот на учениците е систематско и континуирано, преку е-дневник, извештаи и анализи;<br>• Родителите се редовно информирани и вклучени во воспитно-образовниот процес;<br>• Се води уредна педагошка документација која се користи за подобрување на наставата;<br>• Училиштето остварува соработка со институции, факултети и компании, што придонесува за подобра подготовка на учениците за понатамошно образование и вработување;<br>• Се поттикнува учество на учениците во вонннаставни активности, проекти и хуманитарни акции; |

| | |
|---|---|
| | • Постои систем за рана идентификација и поддршка на ученици со емоционални, социјални и образовни потешкотии;<br>• Наставниците покажуваат висока посветеност, достапност и подготвеност за соработка со учениците и родителите;<br>• Училиштето обезбедува заштита на личните податоци и приватноста на учениците. |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Не се констатирани позначајни слаби страни во подрачјето |

**ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- **Да се продолжи со реализација на работилници и едукативни активности за превенција од насилство, булинг и сајбер-булинг.**
- **Да се продолжи со промоција на менталното здравје и психосоцијалната благосостојба на учениците.**
- **Да се продолжи со обуки за наставниците за препознавање и поддршка на ученици со емоционални и социјални потешкотии.**
- **Да се продолжи со развојот на инклузивните практики и обезбедување соодветни услови за учениците со посебни образовни потреби.**
- **Да се прошири соработката со факултети, компании и институции заради подобра професионална ориентација и кариерно советување.**
- **Да се зголеми вклученоста на родителите преку тематски средби, работилници и советувања.**
- **Да се продолжи со редовно следење и анализа на индивидуалниот напредок на учениците и користење на добиените податоци за подобрување на воспитно-образовниот процес.**

- **Да се продолжи со поттикнување на поголемо учество на учениците во воннаставни активности, проекти, хуманитарни акции и активности поврзани со безбедноста и здравјето.**
- **Да се продолжи со континуирана едукација за здрави животни навики, превенција од зависности и зачувување на здравјето на учениците.**

**Изработиле:**
**1.Петра Лукароска**
**2. Сашо Кочоски**
**3. Елизабета Волнароска**
**4. Митко Талески**
**5. Здравко Ристески**
**6. Изабела А. Димеска**
**7. Ирена Јорданоска**
**8. Благица Тренчевска**
**9. Маргарита Џартовска**

**Подрачје 5. УЧИЛИШНА КЛИМА**

**Ниво при евалвација: МНОГУ ДОБРО**

| Бр. | Индикатор за квалитет | Теми: |
|---|---|---|
| 1.1 | Училишна клима и односи во училиштето | • Углед/имиџ на училиштето;<br>• Кодекс на однесување;<br>• Училишна клима;<br>• Поведение и дисциплина во училиштето;<br>• Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки. |
| 1.2 | Промовирање на постигнувањата | • Промовирање на личните постигнувања на учениците;<br>• Промовирање на постигнувања во име на училиштето. |
| 1.3 | Еднаквост и правичност | • Познавање на правата на децата;<br>• Еднаков и правичен третман на сите ученици;<br>• Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот. |
| 1.4 | Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница | • Соработка на училиштето со родителите;<br>• Соработка со локалната заедница;<br>• Соработка со деловната заедница и невладиниот сектор. |

**Индикатор 1.1. Училишна клима и односи во училиштето**

| **Теми:** | • **Углед/имиџ на училиштето;**<br>• **Кодекс на однесување;**<br>• **Училишна клима;**<br>• **Поведение и дисциплина во училиштето;**<br>• **Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето одлуки.** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | |
| • **Нормативни акти на училиштето;**<br>• **Педагошка евиденција и документација;**<br>• **Записници од родителски средби;**<br>• **Записници од наставнички совети на училиштето и активите;**<br>• **Годишна програма на училиштето;**<br>• **Брошури;**<br>• **Веб - портал;**<br>• **Интервју со директор;** | СОУ „Ѓорче Петров“ е воспитно-образовна институција која се грижи да обезбеди здрава клима и услови за спроведување на сите модели што водат во правец на создавање на здрави и образовани личности. Препознатливо е по своето лого и по слоганот: **„Денес ученик, утре стручњак“.** Нашето училиште е втор дом за секој негов ученик, во кој истовремено е безбеден и има можност за себедокажување.<br>Училиштето е едно од најстарите училишта за средно стручно оспособување. Од 1963 година до денес, низ училиштето поминале илјадници млади луѓе, остручувајќи се за повеќе струки и профили на занимања.<br>Сегашниот модерен, современ изглед, чиста работна средина, поволните услови за работа и учење и постојаното внесување на новини се должат на заедничките напори од раководниот кадар, наставниците, стручната служба, техничката служба и секако учениците.<br>Солидниот углед што го става училиштето кон врвот на листата од училишта во градот и на пошироко ниво, е причина за големиот интерес за упис на ученици.<br>Угледот на училиштето го градат неговите ученици. Тие се огледало на наставниот кадар. Организирани во наставниот и вонаставниот процес, учениците постигнуваат солидни резултати при учество на различни натпревари, спортски и културни манифестации. Постигнувањата од различни сфери се прикажуваат и на |

| | |
|---|---|
| • **Интервју со стручната служба (педагог, психолог, дефектолог);**<br>• **Интервју со кариерни советници;**<br><br>• **Интервју со родители;**<br><br>• **Википедија;**<br><br>• **Кодекс на однесување;**<br><br>• **Куќен ред.** | меѓународно ниво преку многубројните проекти кои ги водат професорите. Нашите ученици се всушност наши амбасадори во повеќе странски држави и тие достојно го репрезентираат училиштето, а воедно и нашата држава.<br>Кодексот на однесување е збир на правила кон кои треба да се придржуваат чинителите на воспитно-образовниот процес: учениците и наставниците, а со цел да се овозможи квалитетно, безбедно, успешно работење и воспоставување на односи на меѓусебно разбирање и почитување.<br>Кодексите на однесување, посебно за ученици и наставници, имаат богата и издржана содржина и се препознатливи во секоја просторија од училиштето. Тие се донесуваат врз демократска основа, по предлози на сите струкури. Со нив се потенцираат правата и обврските и истовремено се предвидуваат казнени мерки за прекршителите.<br>Работата во училиштето се спроведува по одреден куќен ред, кој како основен документ, заедно со кодексите за однесување го има на видно место во секоја просторија од училиштето.<br>Учениците, наставниците и родителите се запознати со содржините на овие документи, ги одобруваат и во голема мера ги прифаќаат и почитуваат. Позитивната, поттикнувачка училишна клима ја градат сите вработени во училиштето, почнувајќи од раководниот кадар, педагошко- психолошката служба, наставничкиот кадар, вработените кои се грижат за хигиената во училиштето и учениците кои доаѓаат од различни средини и се од различна етничка припадност.<br>Влијанието на училишната клима се чувствува и се одразува на резултатите од наставата, а се рефлектира и на соработка меѓу училишните структури и други институции од локалната и деловната средина со кои постојат заеднички интереси.<br>Училишната клима индиректно е градена и од родителите на учениците кои со своите совети ги насочуваат учениците кон соработка, толеранција и почитување на сите.<br>Соработката на релација наставен кадар - стручна служба - директор - ученици, стручна служба - ученици е на солидно ниво. Вработените со своите квалитети како стручњаци, но и како личности, со својата меѓусебна соработка и реакции во различни ситуации се пример за професионализам, добра организираност, хуманост, правичност, ентузијазам. Се гради атмосфера на почитување на правата и личноста од секого, без разлика на пол, вера, национална и социјална припадност. |

| | |
|---|---|
| | Таквото позитивно струење ги обединува сите вработени и ученици во нашето училиште.<br>Поведението и дисциплината на учениците во училиштето се слика на квалитетот и авторитетот на наставниот кадар. Залагањето на класните раководители во голема мера придонесува за поведението и дисциплината на учениците.<br>Редовното известување на родителите, постојаните разговори и укажувања на негативните појави даваат добри резултати кои влијаат врз општата состојба во училиштето. Средбите со родителите и Советите на паралелките се своевиден инструмент за контрола и согледување на фактичката состојба со поведението и дисциплината на учениците.<br>Соработката со стручната служба и спроведувањето на педагошките и законските мерки, континуирано и редовно дава свој придонес во контролата на поведението и дисциплината.<br>Соработката со наставниците кариерни советници им помага на учениците преку групни и индивидуални разговори, тестирање, полесно да се одлучат за нивното идно образование.<br>Се почитува и применува Правилникот за изрекување педагошки мерки и се води педагошка евиденција за нив.<br>Во училиштето постои и функционира редослед и систем на дежурства на наставниците, што дополнително влијае на воспоставувањето на редот, дисциплината, но и на хигиената и безбедноста во училиштето.<br>Во холот на училиштето е поставено сандаче за анонимно пријавување на насилство и мобинг во училиштето при што се оставени податоци (електронска адреса и телефонски број) од контакт лицето и заменик контакт лицето кај коишто учениците можат бесплатно и анонимно да пријават секаков вид насилство. Учениците се најважна алка во образовниот ланец. Затоа е логично нивното ангажирање при решавањето на проблемите. Нивното мислење и нивните сугестии може многу да придонесат за решавање на различни проблеми кои ги допираат и ги прават бунтовни и ранливи. Индивидуалните разговори со класните раководители, предметните наставници, педагошко-психолошката служба, кариерните советници, директорот, но и класната заедница, Ученичкиот совет, Ученикот правобранител, учеството во тимот за медијација, едукативни работилници и предавања од страна на стручната служба и релевантни институции, |

| | |
|---|---|
| | се дел од формите преку кои учениците партиципираат во решавањето на проблемите. |

**Индикатор 1.2. Промовирање на постигнувањата**

| Теми: | • **Промовирање на личните постигнувања на учениците;**<br>• **Промовирање на постигнувањата во име на училиштето.** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| ➢ **Годишна програма за работа на училиштето**<br>➢ **Книговотствени податоци**<br>➢ **Записници од пописна комисија**<br>➢ **Закон за средно образование**<br>➢ **Статут на училиштето** | Објектот од средното општинско училиште „Ѓорче Петров” од Прилеп е пуштен во употреба во 1963 година. Се до 1983 во функција биле текстилната, дрвната, рударската и здравствената струка. Од 1983 година наваму, училиштето функционира и ги развива постоечките , а воведува и нови струки и квалификации кои опстојуваат до денес.<br>Училиштето има две училишни згради со бруто-површина од 2257 м$^2$. Двете згради се со цврста градба. Едната училишна зграда во која и се изведува наставн ообразониот процес е на ул. „Октомвриска“ бр. 2-ж, во Прилеп и е со површина од 2312м$^2$. Површина на училишниот двор е 450 м$^2$. Површина на спортски терени и игралишта е 510 м$^2$.<br>Другата училишна зграда е стар објект, лоциран на ул. „Иво Рибар – Лола“ б.б. со вкупна површина заедно со дворното место од 2339 м$^2$ .<br>До јануари 2025 година во овој објект се користеше само една просторија за изведување на практичната настава за образовниот профил техничар за изработка на облека од текстилно-кожарската струка. Оттогаш, поради лошите технички и хигиенски услови и опасноста по безбедност, за изведување на практичниот дел од наставата за овој сектор во склоп на училишната зграда каде се одвива наставата за сите сектори, една училница е прилагодена во текстилна работилница па учениците и професорите продолжија во |

| | |
|---|---|
| | иста зграда со сите сектори успешно да ја изведуваат практичната настава. Сите машини донесени во училишната работилница беа проверени, репарирани од стручни лица, беше проверена состојбата со електричната инсталација во просторијата, беа направени испитувања на бучава, осветленост и други параметри со што се утврди дека се исполнети правилата за безбедност и заштита при работа и се овозможи безбедна и сигурна работа на учениците и наставниците со техничката опрема. Машините тековно се одржуваат и проверуваат од стручни лица.<br>Училиштето има приземје и два ката и располага со следните простории:<br>-14 училници за настава,<br>-8 кабинети,<br>-1 училишна библиотека,<br>-1 текстилна работилница<br>-1 кариерен центар,<br>- фискултурна сала со 2 соблекувални секоја, со по 2 тоалети и 3 туш-кабини и просторија со 8 мијалници, 2 кабинети за професорите, секој со сопствен тоалет и туш-кабина,<br>-1 просторија адаптирана како канцеларија за наставници,<br>-1 просторија за педагошка-психолошката служба,<br>-1 просторија за директорот,<br>-1 просторија за административен работник (секретар-благајник),<br>-1 просторија за помошен персонал,<br>- 4 пунктови за санитарни простории со кабини за учениците и вработените за двата пола одвоено. |

| | |
|---|---|
| | Раководството на училиштето има план и распоред, па расположливите просторни капацитети за изведување на наставата се искористени максимално.<br>За квалитетно изведување на наставата, постоечките простории се користат оптимално од сите субјекти во наставниот процес.<br>Големината на училниците е соодветна со бројот на ученици во паралелките. Училиштето е опремено со неопходниот мебел и инвентар кој се одржува, обновува и дополнува.<br>Училниците и кабинетите се опремени со компјутер, со смарт-табла и ЛЦД-проектор или пак со телевизор и компјутер, со што наставата станува поинтерактивна, се визуелизира, се олеснува приемот и прегледноста на информации , совладувањето на материјалот, се создаваат можности за примена на ИКТ-алатки и различни методи и техники на работа.<br>Наставата се изведува во две смени, претпладне и попладне. Во текот на грејната сезона загревањето на просториите се врши со парно греење, а неколку простории се затоплуваат со клима-уреди. |

**Индикатор 6.2. Наставни средства и материјали**

| Теми: | • **Опременост со стручна литература и наставни средства и помагала**<br>• **Училишна библиотека**<br>• **Потрошен материјал** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| ➢ **Библиотечна евиденција**<br>➢ **Библиотечна книга**<br>➢ **Книговотствени податоци**<br>➢ **Записник од комисијата за попис**<br>➢ **Закон за средно образование**<br>➢ **Закон за учебници**<br>➢ **Правилник за начинот на прием, складирање доделување и враќање на комплетите на учебници во основните и средните училишта**<br>➢ **Годишна програма** | Училишната библиотека располага со 15.167 книги, од кои 6.234 книги се стручна литература, 8.035 се лектири, 844 се белетристика (од кои 136 се изданија од добитници на Нобеловата награда за литература, а 385 се изданија од едицијата Ѕвезди на светската книжевност, 16 книги се публицистика и 51 книга се донирани. Од вкупниот број книги, 14.187 се на македонски јазик, 690 се на српскохрватски јазик, а 312 се на други јазици.<br>Голем процент од вкупниот број книги припаѓа на лектирни изданија кои се предвидени со планот и програмата за работа во предметната настава.<br>Во училишната библиотека е воведена електронска евиденција на работата на библиотеката.<br>Училиштето ги следи правилата од Законот за учебници, а од учебната 2025/2026 го применува Правилникот за начинот на прием, складирање, доделување и враќање на учебниците. Директорот на училиштето, класните раководител, наставниците и библиотекарот во училиштето, се одговорни за прием, складирање, доделувањето и враќање на учебниците.<br>Во однос на фондот на учебници за изведување на настава, училишната библиотека располага со соодветен број учебници по некои од наставните предмети. Учебници по |

| | |
|---|---|
| | сите наставни предмети нема, иако од училиштето навремено се нарачуваат. За учебната 2025/2026 добиени се учебници само по англиски јазик и медицинска биохемија. Тој проблем не е само кај нас, постои на национално ниво. Во текот на наставата (со оглед дека сите училници се опремени со е-табли и проектори или телевизори со компјутери) учениците и наставниците можат да користат и електонски учебници кои се објавени на страната https://www.e-ucebnici.mon.gov.mk, како и прирачници објавени на страната од ЦРСО.<br>Според финансиските капацитети, училиштето овозможува задоволување на потребите од потрошен материјал во воспитно-образовниот процес за наставниците ( креди, хартија, маркери, тонери и др.). Во училишната канцеларија има фотокопир, три компјутери, еден мултифункционален апарат (скенер/копир/печатач) и еден печатач кои им се на располагање на наставниците.<br>Училишниот кадар се стреми да ја прилагоди наставата во училиштето во зависност од учебниците и нагледните средства со кои располага.<br>Училиштето располага со следните материјално-технички услови: |

| Материјално-технички услови | Количина |
|---|---|
| Смарт табли (комплет) | 6 |
| Бели табли | 5 |
| Статични компјутери | 33 |
| ТВ приемници | 11 |
| Ласерски печатари | 6 |
| Дигитални фотоапарати | 1 |

| | |
|---|---|
| Мини системи | 2 |
| Скенер и печатачи скенери | 4 |
| ДВД плеер | 1 |
| Микроскопи | 3 |
| Сув стерилизатор | 1 |
| ЛЦД проектор | 13 |
| Платна за ЛЦД проектори | 5 (4 статични и 1 подвижно) |
| Лаптопи | 8 |
| Компјутери во кабинетот по информатика | 22 |
| Безбедносни камери | 36 |
| Дигестор | 1 |
| Прочистувачи на воздух | 2 |

При планирањето на активностите на почетокот на секоја учебна година на ниво на стручни активи една од точките на дискусија е и користењето на постоечките нагледни средства и помагала како и потребата за набавување нови наставни средства, помагала и материјали неопходни за изведување и осовременување на наставата.

Утврдените потреби во писмена форма се доставуваат до директорот. Потребата за обезбедување нагледни средства се изнесува и во текот на учебната година од страна на наставниците, а се разгледуваат и на состаноците на стручните активи. Стручните активи

одржуваат состанок на почетокот на наставната година и прават листа со потребни наставни средства, помагала, материјали и ги доставуваат кај директорот.

Одлуки за приоритети во врска со ова прашање се донесуваат на состаноците на Наставничкиот совет, а се бара поддршка и од Советот на родители и од Училишниот одбор. Ефикасната примена на нагледните средства се следи преку увидите на часовите од страна на директорот, педагогот и психологот и други стручни лица од соодветни институции при екстерни увиди во училиштето.

Во училиштето се настојува според потребите и можностите да се обезбеди поголем дел од потребните наставни средства, нагледни средства и помагала за квалитетно. одвивање на наставата. Во периодот од последните две учебни години забележително се подобри опременоста со ваквите средства и помагала. Во текот на учебната 2025/2026 година набавени се два мултифункционални апарати (скенер/ печатач /копир), ласерско метро, поставени се две големи табли за кош, лед ламби и рефлектори во спортската сала и надвор на спортската сала кон влезот откај Центарот за јавно здравје. Со учество на проекти од Здружението LEAD добиени се: прочистувач на воздух за училишната лабораторија, плотер - катер, сублимациски печатач и термо-преса за текстилната струка.

Од страна на МОН дониран е прочистувач на воздух за спортската сала.

За потребите за теоретска и практична настава во различните струки фондот од нагледни средства покрај постоечките е збогатен и со следните:

| Р.б. | Нагледни средства/помагала | Количина |
|---|---|---|
| 1 | Топки пилатес | 1 |
| 2 | Мрежа за обрач | 2 |
| 3 | Модел на срце од 3 дела | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 4 | Модел на мозок од 8 дела | 1 |
| 5 | Машки уролошко-генитален систем | 1 |
| 6 | Споени сврзани садови | 1 |
| 7 | Модел за демонстрација на Архимедов закон | 1 |
| 8 | Шублер | 1 |
| 9 | Апарат за електролиза | 1 |
| 10 | Дигитален мултиметар | 1 |
| 11 | Дигитален термометар со две сонди | 1 |
| 12 | Лупа со 4 зголемувања и лед светло | 1 |
| 13 | Шпиртна ламба | 1 |
| 14 | Метална шипка за епрувета | 1 |
| 15 | Сталажа за епрувети | 4 |
| 16 | Пипета со пикатор | 4 |
| 17 | Микропипета | 1 |
| 18 | Фантом кукли за фризерски салон | 5 |
| 19 | Кукли за кроење и моделирање за текстилна работилница | 2 |
| 20 | Ѕидно торзо | 1 |
| 21 | Модел на дигестивен систем | 1 |
| 22 | Античка Македонија –карта | 1 |
| 23 | Фантом по анатомија со сите внатрешни органи | 1 |
| 24 | Модели на рака за предметот анатомија и физиологија | 2 |

| | | |
|---|---|---|
| 25 | Модели на растителни клетки | 3 |
| 26 | Наставни карти по биологија | 2 |
| 27 | Силиконски раце за маникир | 10 |
| 28 | Силиконски очи за шминкање | 10 |
| 29 | Ласерско метро | 1 |

Според потребите и можностите се набавува и потрошен материјал за реализација на практичната настава и вежбите за сите профили/квалификации.

Од страна на училиштето континуирано се набавува потрошен материјал за изведување вежби и практична настава за квалификациите Фризер, Техничар за козметичка нега и убавина, Фармацевтски техничар, техничар за изработка на облека и медицинска сестра. Компаниите „Комфи Ангел“, „Кули“ и „Тритекс“ континуирано донираат текстилни материјали и помошен материјал за работа за секторот текстил, кожа и слични производи. Ефикасната примена на нагледните средства се следи преку увидите на часовите од страна на директорот, педагогот и психологот и други стручни лица од соодветни институции при екстерни увиди во училиштето. Зголемениот број на набавени материјално-технички средства, нагледни средства, помагала и потрошен материјал се одразува позитивно на квалитетот на наставниот процес и на стекнатите знаења и вештини кај учениците.

**Индикатор 6.3 Обезбедување на потребниот наставен кадар**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Број на вработени и соодветност на наставниот кадар**<br>• **Ефективност и распоредување на кадарот** |

<table>
<tr><td></td><td>

- **Стручната служба како поддршка на наставниот кадар**

</td></tr>
<tr><td>Извори на податоци - документи</td><td>Информации</td></tr>
<tr><td>

- **Електронски дневник на паралелка;**
- **Годишна програма за работа на училиштето**
- **Развоен план на училиштето**
- **Досиеја на вработените**
- **Увид во правилникот за систематизација**
- **Разговор со директорот, со наставниците и со стручната служба**

</td><td>

Во училиштето има вкупно 75 вработени: 1 директор, 1 педагог, 1 психолог, 1 дефектолог / специјален едукатор и рехабилитатор, 1 административен службеник, 1 библиотекар, 59 наставен кадар и 10 технички персонал. Според половата структура на вработените 20 (26,67 %) се мажи, а 55 (73,33 %) се жени. Според степенот на образование на вработените состојбата е: ВСС - 64 (85,33 %), ССС - 11 (14,67 %). Според националната структура сите вработени се Македонци. Старосната граница на вработените во училиштето е следна:

<table>
<tr><td>Возраст</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td>21-30</td><td>7</td></tr>
<tr><td>31-40</td><td>9</td></tr>
<tr><td>41-50</td><td>20</td></tr>
<tr><td>51-60</td><td>33</td></tr>
<tr><td>над 60 години</td><td>6</td></tr>
<tr><td>Вкупно</td><td>75</td></tr>
</table>

Од 59 вработени како наставен кадар 45 се од женски пол (76,28 %) и 14 од машки пол (23,72 %).

Работното искуство на вработените мерено со нивниот стаж во образование е следно:

<table>
<tr><td rowspan="2">Стаж (години)</td><td colspan="2">Пол</td><td rowspan="2">вкупно</td><td rowspan="2">Изразено во проценти</td></tr>
<tr><td>м</td><td>ж</td></tr>
<tr><td>До 5 год</td><td>9</td><td>6</td><td>15</td><td>20,00 %</td></tr>
</table>

</td></tr>
</table>

- **Програма за работа на стручната служба**

- **Е-ДНЕВНИК**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6-10 | 4 | 6 | 10 | 13,33 % |
| 11-15 | 1 | 9 | 10 | 13,33 % |
| 16-20 | 2 | 7 | 9 | 12,00 % |
| 21-25 | 2 | 8 | 10 | 13,33 % |
| 26-30 | 2 | 11 | 13 | 17,33 % |
| 31-35 | 2 | 5 | 7 | 9,34 % |
| Над 35 години | 0 | 1 | 1 | 1,34 % |
| Вкупно | 22 | 53 | 75 | 100 % |

Наставниот кадар според степенот на стручна подготовка:

| Стручна подготовка | машки | женски | Вкупно | Изразено во проценти |
|---|---|---|---|---|
| Средна стручна подготовка | / | 1 | 1 | 1,69% |
| Виша | / | / | / | / |
| Висока | 13 | 40 | 53 | 89,84% |
| Магистри | 1 | 4 | 5 | 8,47 |
| Доктори на науки | / | / | / | / |
| Вкупно: | 14 | 45 | 59 | 100% |

Најголемиот дел од вработените во училиштето се со работно искуство. Сите имаат соодветно образование и квалификации и се стручни за реализирање на своите работни задачи. Стручната квалификација на наставниците одговара на Нормативот за изведување на наставата пропишан од Министерството за образование и наука.

| | |
|---|---|
| | Сите наставници се стекнати со педагошка, психолошка и методска квалификација за извршување на наставниот процес со положен стручен испит, освен наставниците-приправници.<br>Директорот во согласност и со одлука на Наставничниот совет за новопримените вработени без работно искуство (приправници) обезбедува ментор од сродните предмети за помош и поддршка за успешно воведување во работата и реализирање на работните задачи. Менторот во текот на приправничката година ја следи и набљудува работата, а воедно му помага во подготовката за полагање на стручниот испит на приправникот. Назначените ментори имаат изготвена програма за менторство.<br>Вработените од училиштето редовно се придржуваат на прописите со кои се регулирани нивните задолженија и работното време. Во училиштето се планирани активности според распоред на часови и други ангажирања за потребите на воспитно-образовниот процес. Распоредот на часови е истакнат во училишната канцеларија и на веб-страницата на училиштето. Редовноста и присутноста се на задоволително ниво и целиот раководен, стручно-соработнички, наставен, административен персонал е редовно присутен на работа во согласност со постоечките прописи.<br>Присуството на наставниците може да се следи преку одржаните часови заведени во е-дневникот и според електронскиот читач на работно време каде што секој наставник се најавува при доаѓање на работното место и се одјавува при заминување од работното место. Се почитува работното време, а работните обврски се преземаат навреме, одговорно и совесно. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето има стручна служба која им помага на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање советодавна помош на учениците и родителите. Стручната служба во својата програма за работа планира и спроведува разновидни активности за работа со учениците, наставниците и родителите и е секогаш отворена за соработка.<br>Педагошко-психолошката служба уредно води портфолија за професионален развој на наставниот кадар, односно професионални досиеја во кои се евидентираат сите признанија, сертификати и дипломи. Професионалните досиеја континуирано се ажурираат од наставниците, а секој наставник има изработено свој личен план за професионален развој.<br>Стручната служба воедно соработува со стручните активи, Советот на родители како и со Училишниот одбор. Таа ги изработува Годишната програма на училиштето, Годишниот извештај како и Развојниот план на училиштето. Таа изготвува правилници, кодекс за однесување, куќен ред и други документи во согласност со Законот за образование , со цел остварување ред и квалитет во училиштето.<br>Педагогот, психологот и дефектологот се вклучени во инклузивните тимови коишто функционираат во училиштето и со својата стручност ги насочуваат наставниците за работа со учениците со посебни образовни потреби.<br>Наставниците непосредно и преку електронска пошта соработуваат со стручната служба во училиштето во врска со сите аспекти на воспитно-образовната работа, а за тоа имаат поддршка и од директорот и тоа: утврдување на методологии за следење и водење на евиденцијата, изградување на програма за стручно усовршување на |

| | |
|---|---|
| | наставниците и тоа индивидуално, на ниво на стручни активи, во соработка со стручни институции надвор од училиштето; договор за активности во повеќе области од наставно-воспитната работа и анализа за истите; согледување на значењето на постигнатите резултати во функција на квалитетот на планирање на наставата и подготовка на наставникот за час во зависност од применетите методи; користење на современата наставна технологија и други наставни средства; квалитетни аспекти на следење, проверување и оценување на постигањата на учениците; унапредување на можностите за индивидуален развој на ученикот; договарање за начини на реализација на одлуки на органите на раководење и сл.<br>Од учебната 2025/2026 во училиштето од редот на наставниците се избрани и работат наставници кариерни советници (двајца) и наставници координатори по практично учење (двајца). |

**Индикатор 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар**

| **Теми:** | • **Професионален развој на наставниците** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| ➢ **Програма за професионален развој на наставниците;**<br>➢ **Увид во педагошка евиденција и документација;** | Улогата на наставникот во развојот и напредокот на заедницата е определена и од развојот на самиот наставник. Колку наставникот ќе ги следи промените во заедницата, општеството, науката и технологијата, ќе применува нови научни знаења, ќе ја развива |

| | |
|---|---|
| ➢ **Евидентирани посети на часови од директор и стручна служба;**<br>➢ **Сертификати и дипломи;**<br>➢ **Разговор со стручната служба, наставниците и директорот**<br>➢ **Веб страна на училиштето**<br>➢ **Досиеја за личен професионален развој на наставниците;**<br>➢ **Програма за работа на менторите.**<br>➢ **Записници од наставнички совет**<br>➢ **Правилник за начин на пријавување и заштита на ученик- жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување**. | практиката со примена на нови наставни стратегии и медиуми зависи од неговиот личен и стручен развој и способност за доживотно учење.<br>Професионалната обука и усовршувањето на наставниците и стручните соработници е процес кој се спроведува планирано и непрекинато. Професионалното усовршување на наставниците придонесува за зголемување на нивните компетенции и вештини и влијае на квалитетот на воспитно-образовниот процес, односно придонесува за зголемување на успехот и ефективниот развој на учениците и нивно вклучување во општествениот живот и работа. Професионалниот развој на наставниците и стручните соработници е концепт со кој наставникот, стручните соработници, кариерните советници се подготвува и се надоградуваат за извршување на својата работа. Согласно Законот за наставници и стручни соработници, наставникот во текот на својата работа е должен континуирано професионално да се усовршува преку учество во акредитирани програми за обука, преку проекти одобрени од МОН, интерно усовршување во училиштето, меѓуучилишни тимови за учење и преку индивидуални форми на учење. Секој наставник во текот на 3 учебни години треба да посвети 60 часа на професионално стручно усовршување, и тоа 40 часа на обука и семинари од акредитирани програми за обука, 20 часа усовршување на приоритетни програми што ги определува министерот за образование и наука .<br>Во тек на учебните 2024/2025 и 2025/2026 година наши наставници професионално и кариерно се надоградуваасо учество во повеќе обуки, семинари, настани, конференции:<br>- семинар на тема: „Тематска обука за подигнување на свеста за центрите за извонредност во СОО” (CoVEs), во организација на Националната Агенција за Европски образовни програми и мобилност, Скопје, 2024 г.; |

| | |
|---|---|
| | - настан ERASMUS + HEALTH, Лил, Франција, 2024 г.;<br>- обука „Дигитални вештини кај наставниците во функција на наставата“,  2024 г.;<br>- учество на ЕГУ 2025 (Европската конференција за геонауки), Виена, Австрија, 2025 г.;<br>- учество на конференција на медицински сестри од Југоисточна Европа, Скопје, 2025 г.;<br>- учество на Меѓународен конгрес за медицински сестри, 2025, Лозница, Република Србија;<br>- обука „Инклузивна педагогија“;<br>- обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење;<br>- обука „Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи“;<br>- обука „Вештина за дигитална писменост во училницата“;<br>- обука за обучувачи за методи на лоцирање за активирање на ученичкото формативно оценување, поддржувачка и инклузивни средина;<br>- обуки за имплементација на програма за зелени вештини во рамки на секторите Лични услуги, Шумарство и обработка на дрво;<br>- обука „Вештини за дигитална писменост во училницата“;<br>- обука за спроведување на програмата Одржлива мода;<br>- обука „Препознавање и соодветна реакција на сите видови насилство-примери на добри практики“;<br>- обука „Промоција на безбедна училишна средина“;<br>- обука  Учење во дигитална околина – ПИСА;<br>- обука за Циркуларна економија; |

| | |
|---|---|
| | - обука „Спречување на предвремено напуштање на образованието и охрабрување на комплетирање на задолжителното образование“;<br>- обука „Зајакнување на вештините на стручните соработници за советување за професионална и кариерна ориентација кај учениците“, 2025 г.;<br>- обука ,,Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава”, 2025 г.;<br>- обука „Поттикнување одржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици“, 2025 г.;<br>- обука ,,Креативно изучување на Земјата" за наставници од природните науки, Geoscience education field officer training courses earth creative learning;<br>- обука за кариерен развој – Junior achivment;<br>- напредна обука за кариерни советници - Junior achivment – МОН и БРО;<br>- Generativa AI – примена на вештачка интелигенција;<br>- професионално усовршување на стручни соработници и кариерни советници;<br>- кариерно советување- МОН;<br>- обуки за вештачка интелигенција – МОН.<br>Во рамките на проектот за Професионално и кариерно напредување на наставниците и стручните соработници, секоја учебна година се изработуваат Лични планови за професионален развој согласно со Правилникот за формата и содржината на личниот план за професионален развој на наставниците и стручните соработници во основното и средното образование. Секој наставник го изработува својот образец за професионален развој, го доставува кај претседателот на активот, па на ниво на стручен актив се |

| | |
|---|---|
| | изработува Програма за професионален развој. Од програмата на сите стручни активи се изработува Програмата за професионален развој за училиштето.<br>Успешното насочување на потребите на наставниците за професионален развој пред сѐ, се должи на навременото информирање за учество во проекти и програми од страна на МОН, ЦРСО и БРО. Во реализација на обуки и проекти се соработува и со невладини организации, здруженија на граѓани и други локални и национални структури.<br>Од Националната агенција за Европски образовни програми училиштето има дбиено Акредитација за реализација на проекти во областа на стручното образование за периодот од 2021- 2027. Во учебната 2025/26 година аплициран и одобрен е еден акредитиран проект.<br>Во училиштето во тек е имплементацијата на меѓунационален проект што се остварува преку Regional Youth Cooperation Office - RYCO (координатори Наташа Ванчева и Венера Николова Мишачковска).<br>Преку ваквите проекти наставниците и учениците стекнуваат нови знаења и вештини, остваруваат соработка со училишта од регионот и пошироко, од Европа, што придонесува за нивен напредок и интернационализација на училиштето.<br>Низ организирани бесплатни обуки за козметичари, под водство на професорката Даниела Зојческа и стручњаци од областа, спроведен е и проектот: „Економско зајакнување на ранливите категории жени во Северна Македонија“, реализиран во нашето училиште во соработка со Занаетчиска комора на Р.С. Македонија и со поддршка од Амбасадата на Република Словенија.<br>Значаен за наставниците и за учениците е и проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ кој го реализира Coalition of youth organizations SEGA, во |

| | |
|---|---|
| | партнерство со First Children's Embassy in the World Megjashi Republic of Macedonia, SmartUp - Social Innovation Lab и МЦГО - Македонски центар за граѓанско образование / MCEC, со поддршка од Детската фондација Песталоци Kinderdorf Pestalozzi.<br>Наши ученици и професорката Јулијана Поповска се дел од проектот „Зајакнување на женското претприемништво преку занаетчиство и одржливост“, имплементиран од Добредојде Македонија Welcome Center, со поддршка од Амбасадата на Република Словенија.<br>Се реализираат и проекти, програми, работилници и настани во соработка со граѓанската организација LEAD - Leaders for Education Activisam and Development од Скопје, со здружението Центар за развој и едукација од Прилеп со кои училиштето има потпишано меморандум за соработка:<br>- проектот „Граѓанското општество и младите за инклузивен и одржлив развој преку циркуларна економија во Македонија“ реализиран од LEAD, Ecovita, ARNO, финансиран од EU.<br>- проект „Old but gold“<br>- UPSHIFT програма на тема „Социјално претприемништво“<br>- проектот „Коменаџирани средни училишта“.<br>Дел од проектите како што се: Образование за животни вештини (ОЖВ), финансиска поддршка за учениците и ПИСА, континуирано се одржуваат. Програмата ОЖВ се реализира со активности кои се практикуваат на класниот час, со учество на учениците и на раководителот на паралелката и со активности од Програмата за самозаштита на учениците во текот на воспитно образовниот процес. Во рамките на Програмата за превенција од насилство, злоупотреба и занемарување, поставена е кутија за анонимни |

| | |
|---|---|
| | пријави, а постои опција и за електронско пријавување на насилство. На видливи места во училиштето поставени се информативни плакати, а се споделени и информации за контакт лица задолжени за превенција од насилство, од редот на стручната служба. Училишниот педагог и психолог како контакт лица еднаш неделно ја отвораат кутијата и постапуваат според Правилникот за начин на пријавување и заштита на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување.<br>Педагошко-психолошката служба го седи професионалниот и кариерен развој на наставниците и стручните соработници. Во согласност со Законот за наставници, во основните и средните училишта, во почетокот на 2025 година наставниците и стручните сорботници беа информирани за јавниот повик од МОН за напредување на наставниците и стручните соработници во звања наставник-ментор и стручен соработник-ментор. Работата на наставниците, се оценува преку планирани посети на часови од страна на стручната служба, директорот, советници од БРО и ЦРСО. Наставниците се информираат за ваквите планирани посети. Стручната служба во нашето училиште организира работилници на теми актуелни за младите луѓе кои секојдневно се соочуваат со предизвици за што им е потребна едукација и дискусија. |

**Индикатор 6.5 Финансиско работење во училиштето**

| | |
|---|---|
| **Теми:** | • **Постапки со кои се обезбедува почитување на законската регулатива за финансиското работење**<br>• **Транспарентност во планирањето и трошењето на училишниот буџет** |

| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| --- | --- |
| ➢ **Годишна програма за работа на училиштето;**<br><br>➢ **Административна служба;**<br><br>➢ **Записници и одлуки на УО;**<br><br>➢ **Реализација на јавни набавки;**<br><br>➢ **Разговор со директор**<br><br>➢ **Склучени договори, тендери за јавни набавки и понуди.** | Сите постапки поврзани со финансиското работење, коишто ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми и прописи. Раководниот кадар има разбирање за механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства и тој го следи наменското трошење на овие средства.<br>Училишниот одбор е запознат со финансиските активности на училиштето. Финансиското планирање на училишниот буџет, условно од средствата кои се добиваат од МОН, локалната самоуправа и дополнителни средства од разни донации и слично, го прави директорот на училиштето и истото го изложува пред Училишниот одбор, обезбедувајќи потврда за планирањето. Финасискиот план усвоен од Училишниот одбор се предлага на Советот на Општина Прилеп кој го одобрува.<br>Во училиштето постои Комисија за јавни набавки составена од три члена која ги познава и работи според сите правила и прописи поврзани со реализацијата на јавните набавки. Училиштето навремено ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правична застапеност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар постојано ги консултира вработените кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Целиот буџет се користи наменски и за креативни цели кои се насочени кон подобрување на квалитетот на наставата, учењето и развојот на училиштето во целина. Транспарентноста во планирањето и трошењето на училишниот буџет се врши со почитување на спомнатата процедура. |

| | |
|---|---|
| | На седниците на Наставничкиот совет директорот редовно им дава информации на наставниците  што во тековниот период се има сработено, реализирано и купено. |

| **Методи кои се користени за собирање податоци** | **Собрани информации** |
|---|---|
| **Анкета за наставници** | 1. Во врска со ставот **„Во училишната библиотека има стручна литература,  лектирни изданија  како и  потребни книги за наставата“** одговориле:<br>а) Да – **78 % (39)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **22 % (11)**<br>2. Во врска со ставот **„За секој наставен предмет имаме учебници“**, одговориле:<br>а) Да – **10 % (5)**<br>б) Не – **38 % (19)**<br>в) Делумно – **52 % (26)**<br>3. Во врска со прашањето **„Кои од понудените наставни средства ти се на располагање во училиштето?”** одговориле:<br>а) Компјутер – **96 % (48)**<br>б) Електронска табла – **86 % (43)** |

| | |
|---|---|
| | в) Учебник – **66 % (33)**<br>г) Прирачник – **18 % (9)**<br>д) Машини, алат и прибор – **22 % (11)**<br>ѓ) Лаптоп – **28 % (14)**<br>е) Карти, постери, шеми – **30 % (15)**<br>4. На прашањето **„Дали во училиштето има доволно наставни помагала и нагледни средства**?“, одговориле:<br>а) Да, тие се набавуваат и дополнуваат – **96 % (48)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **4 % (2)**<br>5. На прашањето **„Дали има доволно наставни средства и материјали за реализација на практична настава**?“, одговориле:<br>а) Да, тие се дополнуваат и набавуваат – **94 % (47)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **6 % (3)**<br>6. Во однос на ставот **„При изготвување на годишните планирања и планирањата по модуларни единици наставниците добиваат совети од стручната служба и истите ги применуваат“,** одговориле:<br>а) Да – **80 % (40)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **20 % (10)**<br>7. Во однос на ставот **„Наставниците приправници се во постојана соработка со стручната служба (педагог, психолог)“,** одговориле:<br>а) Да – **86 % (43)** |

| | |
|---|---|
| | б) Не – **2 % (1)**<br>в) Делумно – **12 % (6)**<br><br>8. На ставот **„Стручната служба и училиштето имаат механизми со кои го следат напредокот на наставниците и на учениците”**, наставниците одговориле:<br>а) Да – **88 % (44)**<br>б) Не<br>в) Не знам – **12 % (6)**<br>9. На ставот **„Во Програмата за работа на педагошко-психолошката служба планирани се и активности поврзани со учениците со потешкотии во учењето“**, наставниците одговориле:<br>а) Да – **94 % (47)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **6 % (3)**<br>10. Во врска со ставот **„За учениците со посебни образовни потреби се назначени образовни асистенти и се формирани инклузивни тимови“,** одговориле:<br>а) Да – **98 % (49)**<br>б) Не<br>в) Не знам – **2 % (1)**<br>11. Во врска со ставот: **„Наставниците изработуваат индивидуални образовни планови за учениците со посебни образовни потреби при што соработуваат со психолог, педагог, образовен едукатор, образовен асистент и со инклузивните тимови“**, наставниците одговориле: |

| | |
|---|---|
| | а) Да – **92 % (46)**<br>б) Не<br>в) Не знам – **8 % (4)**<br><br>12. На ставот **„Сите ученици во секое време можат да добијат соодветна советодавна помош од стручната служба“**, наставниците одговориле:<br>а) Да – **94 % (47)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **6 % (3)**<br>13. На прашањето **„Дали просторните капацитети ги задоволуваат потребите за реализација на настава?“**, одговориле:<br>а) Да – **98 % (49)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **2 % (1)**<br>14. На ставот **„Училиштето изготвува прецизен финансиски план и се утврдуваат приоритетите за распределба на финансиите“,** наставниците одговориле:<br>а) Да – **94 % (47)**<br>б) Не<br>в) Делумно – **6 % (3)**<br>15. Во однос на ставот **„На наставниците им е овозможено перманентно професионално усовршување со учество на обуки, семинари, работилници...“**, одговориле:<br>а) Да – **96 % (48)** |

| | |
|---|---|
| | б) Не<br>в) Делумно – **4 % (2)** |
| | **Заклучок:**<br>▪ Од спроведената анкета за наставници, може да се заклучи дека училишната библиотека располага со фонд на книги што ги задоволува потребите на учениците и наставниците, но пак од друга страна како проблем се јавува недостаток на учебници за наставните предмети, од различни сектори и профили.<br>▪ Училиштето располага со наставни средства и помагала, како и нагледни средства за непречено спроведување на теоретската и практичната настава.<br>▪ Наставниците целосно се задоволни од соработката со стручната служба, како со наставниците така и со учениците, за следење на нивниот напредок. Наставниците сметаат дека стручната служба им помага во работата со ученици со потешкотии, преку формирани инклузивни тимови, но и изготвување на инклузивни планирања.<br>▪ Професионалното усовршување на наставниците се спроведува постојано, преку соодвени работилници, обуки, семинари.<br>▪ Наставниците се согласуваат дека просторните капацитети ги задоволуваат потребите за спроведување на наставата, како и тоа дека се изработува прецизен финансиски план. |

| **Методи кои се користени за собирање податоци** | **Собрани информации** |
| --- | --- |
| **Анкета за ученици** | **Анкетирани беа 100 ученици од сите образовни профили и различни националности.** *На прашањата 1,2 и 3, учениците имаа можност да изберат повеќе од 1 (еден) одговор<br>1. *На прашањето **„Која од понудената стручна литература ја користиш во наставата?“** одговориле:<br>а) Атлас (анатомски, историски, географски,...) – **22** ученици<br>б) Речник (странски јазици, анатомски, физика, хемија, билки) – **23** ученици<br>в) Литература од областа (медицина, фризерство, козметика, текстилна, дрвна, рударство) – **74** ученици<br>г) Збирки задачи – **6** ученици<br>д) Лексикон и енциклопедии – **4** ученици<br>2. *На прашањето **„Кое од понудените наставни средства ти е на располагање во училиштето?“** одговориле:<br>а) Компјутер – **62**<br>б) Учебник – **86**<br>в) Прирачник – **6**<br>г) Алат и прибор – **16**<br>д) Карти, постери, шеми – **2**<br>3. *На прашањето **„Кое од понудените наставни помагала најчесто ги користиш?“** одговориле:<br>а) Прибор за пишување – **78**<br>б) Прибор за цртање – **11**<br>в) LCD проектор – **52** |

| | |
|---|---|
| | г) Експериментални помагала – **9**<br>д) Инструменти – **46**<br>4. На прашањето **„Кој од понудените одговори најдобро го отсликува вашиот став за потрошниот материјал?“** одговориле:<br>а) Потрошниот материјал навремено се обезбедува – **93 % (93)**<br>б) Потрошниот материјал навремено се обезбедува, но го нема во потребната количина – **7 % (7)**<br>5. На прашањето **„Кој од понудените одговори е најблизок до твојот став?“** беа дадени следните одговори:<br>а) Библиотечниот фонд редовно се надополнува со нови лектирни изданија и белетристика – **29 % (29)**<br>б) Библиотечниот фонд не се надополнува со лектирни изданија и белетристика – **1 % (1)**<br>в) Немам сознанија дека библиотечниот фонд е со нови лектирни изданија и белетристика – **25 % (25)**<br>г) Книжниот фонд на библиотеката ги задоволува моите потреби – **40 % (40)**<br>д) Книжниот фонд на библиотеката не ги задоволува моите потреби – **5 % (5)**<br>6. На прашањето **Дали во вашата училница има пристап кон смарт-табла, ЛЦД-проектор или телевизор?“** одговориле:<br>а) Да – **99 % (99)**<br>б) Не – **1 % (1)**<br>7. На прашањето **„Дали смарт-таблите, ЛЦД-роекторите и телевизорите низ училниците се користат на начин што ви го олеснува совладувањето на материјалот?“**одговориле:<br>а) Да –**88 % (88)**<br>б) Не – **2 % (2)**<br>в) Делумно – **10 % (10)** |

| | |
|---|---|
| | 8. На прашањето „**Дали има учебници по сите наставните предмети?“** одговориле:<br>а) Да – **3 % (3)**<br>б) Не – **66 % (66)**<br>в) Делумно – **31 % (31)**<br>9. На прашањето **„Дали во училиштето има други наставни средства за реализација на наставата (компјутери, проектори, интерактивни табли)“** одговориле:<br>а) Да – **98 % (98)**<br>б) Не<br>в) Делумно– **2 % (2)**<br>10. На прашањето **„Дали во училиштето има доволно наставни помагала и нагледни средства?“** одговориле:<br>а) Да – **91 % (91)**<br>б) Не – **1 % (1)**<br>в) Делумно – **8 % (8)**<br>11. На прашањето **„Дали има доволно наставни средства и материјали за реализација на практична настава?“** одговориле:<br>а) Да – **94 % (94)**<br>б) Не – **1 % (1)**<br>в) Делумно – **5 % (5)**<br>12. На прашањето **„Дали просторните капацитети ги задоволуваат потребите на учениците за реализација на настава?“** одговориле:<br>а) Да – **96 % (96)** |

| | |
|---|---|
| | б) Не – **1 % (1)**<br>в) Делумно – **3 % (3)**<br>13. На прашањето **„Дали постои соработка меѓу учениците и наставниците при спроведување на наставата?“** одговориле:<br>а) Да – **77 % (77)**<br>б) Не – **4 % (4)**<br>в) Делумно – **19 % (19)**<br>14. На прашањето **„Дали стручната служба го следи напредокот на учениците, се ангажира за решавање на нивните проблеми и е отворена за соработка со нив?“** одговориле:<br>а) Да – **89 % (89)**<br>б) Не – **2 % (2)**<br>в) Делумно – **9 % (9)**<br>15. На прашањето **„Дали си задоволен од хигиената и одржувањето на училишната зграда и училишниот двор?“** одговориле:<br>а) Да – **82 % (82)**<br>б) Не – **7 % (7)** в) Делумно – **11 % (11)** |
| | **Заклучок од анкетата:**<br>▪ Од спроведената анкета на учениците може да се заклучи дека поголемиот дел од учениците користат стручна и дополнителна литература од областа, атлас и речник, а дел им е на располагање во библиотеката. Учениците имаат различни ставови во однос на библиотечниот фонд, за голем процент од учениците ги задоволува потребите, но има и незначителен процент на ученици кои немаат сознанија за библиотечниот фонд. |

| | |
|---|---|
| | ▪ Учениците се согласни дека нема учебници по сите наставни предмети. Најчесто при спроведувањето на наставата се користи учебник, компјутер LCD проектор и прибор за пишување. Во училиштето има смарт-табли, ЛЦД-проектори и телевизори во улога на монитори кои редовно се користат во наставниот процес.<br>▪ Најголем дел од учениците се согласуваат дека во училиштето има доволно наставни помагала, како и средства и материјали за спроведување на теоретската и практичната настава.<br>▪ Учениците имаат добра соработка со наставниците и стручната служба. Стручната служба постојано го следи напредокот на учениците и помага во решавање на проблеми. Просторните капацитети ги задоволуваат потребите за редовно спроведување на наставата, а во однос на хигиената и одржувањето на училишната зграда и двор, повеќето сметаат дека е на задоволително ниво. |

| **Методи кои се користени за собирање податоци** | **Собрани информации** |
|---|---|
| **Анкета за родители** | 1. Во врска со ставот **„Стручната служба соработува со родителите, како поединечно, така и со Советот на родители“** одговориле:<br>а) Да – **93 % (93)**<br>б) Не – **1 % (1)**<br>в) Делумно – **6 % (6)** |

| | |
|---|---|
| | 2. Во врска со ставот **„Постои соработка меѓу родителите и наставниците за следење на напредокот на учениците и за решавање на проблеми“** одговориле:<br>а) Да – **82 % (82)**<br>б) Не – **1 % (1)**<br>в) Делумно – **17 % (17)**<br>3. На ставот **„Преку Советот на родителите, родителите се известени за тековните планови и работни активности во училиштето“** одговориле:<br>а) Да – **93 % (93)**<br>б) Не – **2 % (2)**<br>в) Делумно – **5 % (5)**<br><br>4. На ставот **„Постои соработка помеѓу родителите и стручната служба за следење на напредокот на учениците и за решавање на проблеми“** одговориле:<br>а) Да – **94 % (94)**<br>б) Не – **2 % (2)**<br>в) Делумно – **4 % (4)**<br>5. На прашањето **„Дали библиотечниот фонд ги задоволува потребите на учениците?“** одговориле:<br>а) Да – **86 % (86)**<br>б) Не –**5 % (5)**<br>в) Делумно – **9 % (9)**<br>6. На прашањето **„Дали просторните капацитети ги задоволуваат потребите на учениците?“** одговориле:<br>а) Да – **96 % (96)** |

| | |
|---|---|
| | б) Не<br>в) Делумно – **4 % (4)**<br>7. На прашањето **„Дали во училиштето има доволно наставни средства и помагала?“** одговориле:<br>а) Да – **97 % (97)**<br>б) Не – **1 % (1)**<br>в) Делумно – **2 % (2)**<br>8. На прашањето **„Дали во училиштето има доволно наставни средства и материјали за одржување на практичната настава?“** одговориле:<br>а) Да – **92 % (92)**<br>б) Не – **2 % (2)**<br>в) Делумно – **6 % (6)**<br><br>9. На прашањето **„Дали учениците имаат учебници по сите наставни предмети?“** одговориле:<br>а) Да – **4 % (4)**<br>б) Не – **86 % (86)**<br>в) Делумно – **10 % (10)**<br>10. На прашањето **„Дали училиштето има изготвено прецизен финансиски план и правилно се утврдени приоритетите за распределба на финансиите?“,** одговориле:<br>а) Да – **30 % (30)**<br>б) Не – **0 % (0)**<br><br>в) Не знам – **70% (70)** |

| | |
|---|---|
| | 11. На прашањето **„Дали сметате дека наставниците користат современи методи и технологија кои го поттикнуваат интересот на учениците?“,** одговориле:<br>а) Да – **75 % (75)**<br>б) Не –**5 % (5)**<br>в) Не знам – **20 % (20)**<br>12. На прашањето **„Колку сте задоволни од квалитетот на дополнителната и додатната настава што ја нуди училиштето?“,** одговориле:<br>а) Да – **78 % (78)**<br>б) Не – **7 % (7)**<br>в) Делумно – **15 % (15)**<br>13. На прашањето **„Дали сметате дека училиштето е безбедна средина за вашето дете?“,** одговориле:<br>а) Да – **91 % (91)**<br>б) Не – **1 % (1)**<br>в) Делумно – **8 % (8)**<br>14. На прашањето **„Дали сметате дека хигиената и одржувањето на училишните простории и дворот се соодветни?“,** одговориле:<br>а) Да – **81 % (81)**<br>б) Не – **3 % (3)**<br>в) Делумно – **16 % (16)**<br>15. На прашањето **„Дали вашето дете се чувствува прифатено и мотивирано во училиштето?“,** одговориле:<br>а) Да – **83 % (83)**<br>б) Не – **3 % (3)** |

| | |
|---|---|
| | в) Делумно – **14 % (14)** |
| | **Заклучок:**<br><br>▪ Од спроведената анкета на родители може да се заклучи дека родителите индивидуално или преку Совет на родители се во постојана соработка со стручната служба, но и со наставниците.<br>▪ Стручната служба постојано го следи напредокот на учениците и помага во решавање на проблеми. Родителите преку Совет на родители се известени за тековните планирања и работни активности на училиштето.<br>▪ Библиотечниот фонд ги задоволува потребите на учениците. Родителите сметаат дека се користат современи методи и технологија во наставниот процес за поттикнување на интерес.<br>▪ Во училиштето има доволно наставни средства и помагала за спроведување на практичната и теоретската настава.<br>▪ Најголем дел од родителите се изјасниле дека нема учебници за сите наставни предмети, но се задоволни од дополнителната и додатната настава.<br><br>▪ Просторните капацитети, според најголем дел од родителите, ги задоволуваат потребите на учениците, а хигиената и одржувањето на просториите се соодветни.<br>▪ Родителите сметаат дека училиштето е безбедна средина и нивните деца се прифатени и мотивирани во училиштето.<br>За изготвувањето на прецизен финансиски план и правилно распределување на средствата поголем дел од родителите се изјасниле дека не знаат. |

**АНАЛИЗА**

Училишната зграда во која се изведува воспитно-образовниот процес е со цврста градба. Училниците и останатите простории во училиштето се користат оптимално за изведување на наставата. Работата се одвива во две смени. Просторните услови во училиштето овозможуваат одвивање на наставата според бројот на ученици, а тоа се регулира со внимателно изготвувањето на распоредот на часовите. Наставата се одвива во училиштен простор кој ги задоволува нормите и потребите за нејзино изведување.

Училиштето е опремено со неопходниот мебел и инвентар кој тековно се одржува и обновува според можностите на училиштето. Училишната библиотека располага со доволен број наслови на книги по ученик вклучувајќи и лектирни изданија и белетристика. Библиотекарот води електронска евиденција на библиотечниот фонд. Учебници плански и навремено се нарачуваат, но се јавува недостаток од учебници по повеќе предмети што е проблем на ниво на држава.

Училиштето настојува навремено и континуирано да набавува потрошен материјал во потребни количини за изведување на воспитно-образовниот процес, теоретската и практичната настава, како и потрошен материјал за потребите на наставниците ( хартија, креди, маркери, тонери).

Потребата за нагледни средства и помагала и потрошни материјали се утврдува од стручните активи на почетокот на наставната година, како и индивидуално во текот на учебната година. Во периодот од 2024-2026 година по претходно доставени барања и со ангажман на директорот набавена е поголема количина на нагледни средства, потрошен прибор и материјали за повеќе предмети и струки, со што се подобрува квалитетот на образовниот процес и стекнувањето на знаења и вештини. Одредена количина на наставни средства, нагледни средства, помагала и материјали за работа, училиштето ги добило како донација од деловни субјекти со кои остварува соработка или пак како резултат на работа на одредени проекти.

Сите училници и кабинети се опремени или со електронска табла или ЛЦД-проектор или пак со телевизор, а компјутери има во сите простории, што создава услови за осовременување на наставата со примена на различни методи и техники на работа.

Ефективната и ефикасната употреба на нагледните средства и материјали, раководната и стручната служба ја следат преку посета на час.

Вработените на регуларен начин се придржуваат на работното време и работните ангажирања. Вработените се со потребната стручна подготовка за реализација на своите работни задачи и со развиена свест за редовност, квалитетно и континуирано извршување на своите задолженија. Во училиштето има организиран систем на замена на отсутен наставник со што целосно се покрива наставата.

На наставниците почетници им се дава целосна стручна поддршка од страна на наставникот-ментор, директорот, педагогот и психологот на училиштето, а наставникот ментор изработува Програма за менторство.

Уредно се водат професионалните досиеја на вработените кои континуирано се ажурираат.

Стручната служба придонесува за поуспешно насочување на наставниците за професионален развој. Перманентното стручно усовршување на вработените заради подобрување на квалитетот на работењето е процес кој постојано се поттикнува и поддржува. Стручната служба ја сочинуваат: педагог, психолог, библиотекар, а од учебната 2025/2026 и дефектолог / специјален едукатор и рехабилитатор. Функционира и училиштен инклузивен тим како и инклузивни тимови за секој ученик со попреченост. Претставници од стручната служба: педагогот и психологот се контакт лица за пријавување и заштита од насилство, злоупотреба и занемарување на учениците и постапуваат по евентуални пријави.

Стручната служба дава перманентна помош, насоки и упатства на наставниците и е поддршка за нив и за учениците.

Во училиштето има организиран систем на дежурства. За време на одморите на секој кат има дежурни наставници, а за поголема контрола и безбедност поставен е и видеонадзор од 36 камери во училиштето, во ходниците, спортската сала, како и во училишниот двор. Видеонадзорот го врши директорот. Учениците и наставниците се чувствуваат безбедно и поддржано во училиштето.

Директорот и административниот работник изработуваат прецизен финансискиот план и го доставуваат до Училишниот одбор кој го разгледува, дава свое мислење. Прецизниот финансиски план усвоен од Училишниот одбор се предлага на Советот на Општина Прилеп кој го одобрува. Сознанија за финансиското работење добиваат и родителите и Локалната заедница. Во Годишниот финансиски план се предвидуваат финансиски средства и за училиштето. Постапките поврзани со финансиското работење, коишто ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми и прописи.

Професионалниот развој на наставниците и стручните соработници е концепт со кој наставникот, стручните соработници, кариерните советници се подготвуваат и се надоградуваат за извршување на својата работа. Кај наставниците се поттикнува развивање

на желбата за лично усовршување преку наоѓање начини за афирмација на позитивните искуства од работата во училиштето и надвор од него.

Се иницира и потребата од размена на искуства за важни новини од посетени семинари, заради нивна поцелосна примена во практиката. Информации за обуки се добиваат од стручната служба и од директорот. Наставниците по свој интерес и иницијатива може и индивидуално да се вклучат во обуки, проекти, работилници, семинари, вебинари. Зголеменото учество на обуки, семинари, курсеви организирани од страна на МОН, ЦРСО, БРО, акредитирани здруженија и други институции го јакне професионалниот рејтинг и ги зголемува компетенциите кај вработениот наставен кадар и стручните соработници.

Во текот на својата работа директорот, стручната служба и наставниците ги почитуваат и применуваат рамките на Законот за средно образование и сите законски измени и правилници.

**РЕЗУЛТАТИ**

| | |
|---|---|
| **ЈАКИ СТРАНИ** | • Училишниот простор е максимално и оптимално искористен<br>• Училиштето располага со наставни средства и помагала, како и нагледни средства за непречено спроведување на теоретската и практичната настава<br>• Во сите простории од училиштето има соодветна опрема за реализација на современа настава и примена на ИКТ методи и различни наставни техники<br>• Стручната служба има солидна соработка со наставниците, учениците, родителите и директорот<br>• Стручната служба дава перманентна помош, насоки и упатства на наставниците и е поддршка за нив и за учениците<br>• Активен професионален развој на наставниците и стручните соработници преку присуство на значителен број на обуки, семинари, курсеви, проекти |
| **СЛАБИ СТРАНИ** | • Мал број учебници и недостаток на учебници за сите наставни предмети<br>• Недоволен интерес за користење на библиотечниот фонд од страна на учениците |

**ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ**

- Обезбедување учебници за сите ученици во соработка со МОН и БРО

- Одржување континуитет во набавка на материјално-технички средства и ИКТ опрема  заради следење на современите образовни текови

Изработиле:

1. Здравка Најдоска
2. Гоце Ристески
3. Антигона Димоска
4. Силвана К. Илиески
5. Наташа Најдоска
6. Зоран Димоски
7. Слободан Петкоски
8. Лора Т. Николоски
9. Дејан Јованоски

**<u>Подрачје 7.  УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА</u>**

**<u>Ниво при евалуација:</u>** <u>МНОГУ ДОБРО</u>

| **Бр:** | **Индикатор за квалитет** | **Теми** |
|---|---|---|
| **7.1** | **Управување и раководење со училиштето** | • **Управување со училиштето**<br>• **Раководење со училиштето** |
| **7.2** | **Цели и креирање на училишната политика** | • **Јасност и соодветност на целите**<br>• **Процедури за креирање на училишната политика** |
| **7.3** | **Развојно планирање** | • **Цели на развојното планирање**<br>• **Професионален развој /стручно усовршување на кадарот**<br>• **Материјално-технички средства**<br>• **Инфраструктура** |

**<u>Индикатор 7.1. Управување и раководење со училиштето</u>**

| **<u>Теми:</u>** | •**Управување со училиштето**<br>•**Раководење со училиштето** |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци - документи</u>** | **Информации** |
| **- Записници од Наставнички совет;**<br><br>**-Записници од Училишниот одбор;**<br><br>**-Статут на училиштето;** | Училишниот одбор е орган на управување со училиштето кој е формиран согласно со законските одредби и Статутот на училиштето. Составен е од 12 членови и тоа: четворица од  наставниците кои се вработени во училиштето, тројца претставници од основачот по предлог на Советот на општината, тројца претставници од родителите по предлог на Советот на родители (претседателот на Советот на родители задолжително и уште двајца членови), еден претставник од МОН и еден претставник од деловната заедница, кој учествува во работата, а нема право на глас при донесувањето на одлуките. Состаноците се одржуваат со присуство на мнозинство од членовите и според Програмата за работа,  ги |

| | |
|---|---|
| **-Деловник за работа на Училишниот одбор;**<br><br>**-Управување во основните и средни училишта – документ од МОН;**<br><br>**-Закон за средно образование.** | свикува и со нив раководи претседателот или во негово отсуство заменик-претседателот на Училишниот одбор, по своја иницијатива, по барање на една третина од вкупниот број членови на Училишниот одбор, по барање на директорот, по барање на една третина од вкупниот број вработени или по барање на Советот на родители. За да се изберат претставниците од училиштето, се врши гласање на Наставнички совет. Училишниот одбор има воспоставено однос на соработка со директорот на училиштето и редовно ги информира вработените за донесените одлуки, објавувајќи одлуки и записници од состаноците на Училишниот одбор.<br>Раководниот орган (директорот) професионално и одговорно ги извршува задачите и активностите кои се планирани со Програмата за работа. Своите ангажирања ги насочува кон остварување на сопствената визија и визијата на училиштето преку тимска работа. Исто така, соработува со педагошко-психолошката служба, со Наставничкиот совет, со Советот на паралелката, со стручните активи, со Советот на родители, со Училишниот одбор, со Ученичката заедница, со Ученичкиот совет, со Ученикот правобранител, како и со други воспитно-образовни институции и со локалната заедница. При донесувањето одлуки, тргнува од општиот напредок на училиштето и ги почитува интересите на учениците и вработените.<br>Законот за средно образование се почитува и се спроведува во сите сфери на работа на училиштето. Секоја постапка по Законот за средно образование која треба да се спроведе, секоја задача и обврска во однос на работата на целото училиште, транспарентно е споделена пред Наставничкиот совет кој навремено е информиран за тековните настани и професионалниот ангажман. Секоја седница на Наставничкиот совет е документирана со записник кој целосно се чита од страна на записничарот пред сите наставници присутни на седницата на Наставничкиот совет, се разгледува и се усвојува со гласање од страна на наставниците. Во записниците детално се запишува секоја точка од дневниот ред и текот на седницата на Наставничкиот совет. |

**Индикатор 7.2. Цели и креирање на училишната политика**

| **Теми:** | • **Јасност и соодветност на целите**<br>• **Процедури за креирање на училишната политика** |
|---|---|
| **Извори на податоци - документи** | **Информации** |
| **-Годишна програма за работа на училиштето;**<br>**-Програма за работа на директорот;**<br>**-Самоевалуација;**<br>**-Развојниот план на училиштето;**<br>**-Записници од работата на Училишниотодбор;**<br>**-Записници од работата на Наставничкиот совет и Советите на паралелката;**<br>**-Записници од работата на Советот на родители;**<br>**-Програма за работа на Класнатазаедница;**<br>**-Извештај од работата на Класната Заедница**<br>**-Програма за работа на Ученичкиот совет;**<br>**-Извештај од работата на Ученичкиот совет;**<br>**-Програма за работа на моделот Ученик - правобранител;**<br>**-Извештај од работата на моделот Ученик - правобранител;**<br>**-Закон за средно образование;**<br>**-Статут на училиштето;**<br>**-Полугодишен и годишен извештај за работата на училиштето;**<br>**-Анкети, извештаи;** | Училиштето има свои воспитни и образовни цели. Тие се во целост презентирани во Годишната програма на училиштето, која се предлага и се усвојува секоја учебна година на ниво на Наставнички совет и на Училиштен одбор, а потоа се разгледува и се усвојува од Советот на општината. Целите на училиштето се соодветни на образовната политика на ниво на држава. Тие, од една страна се глобални (се насочени кон училиштето како институција), а од друга страна се однесуваат на учениците. Независно од способностите и образовните потреби, на секој ученик му се овозможува да постигне хармоничен развој, да се оспособи за понатамошно образование и личен напредок и да стане корисен член на заедницата. Во остварувањето на целите, училиштето ги информира и другите субјекти (родители, Локална заедница) и ги третира како рамноправни партнери за заеднички успех и напредок. Главната цел на раководењето е успешно работење на училиштето, па оттаму и главна тема на разговор со вработените е работата. Притоа, се настојува да се создаваат високи очекувања кај наставниците и учениците. Во училиштето е воспоставена организациска клима на сите нивоа, преку планирани активности со Годишната програма за работа на училиштето, така што и соработката соодветствува со потребата за успешно реализирање на тие планирања (состаноци, стручни консултации, информативни консултации, педагошко-инструктивни средби и сл.). Училиштето соработува и ги поттикнува сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница, родителите, педагошко-психолошка служба, директорот) |

| | |
|---|---|
| | да работат на остварување на целите. Од внимателното определување на приоритетите и целите на училиштето произлегуваат и очекувањата на вработените, учениците и нивните родители. За тоа е неопходна соработка со нив, поради размена на идеи и друга поддршка. Соработката за размена на идеи и разрешување проблеми, што е дел од активностите на педагошко-психолошката служба на училиштето се остварува низ формални и неформални консултациии со наставниците со што се создава релаксирана организациска клима за работа, а со тоа пречките и проблемите во комуникацијата се намалуваат и се решаваат. Директорот со својата работа иницира партиципирање и поддршка од вработените и пошироката заедница при што се бараат креативни и иновативни решенија за надминување на проблемите и усовршување на работата на училиштето. Со седниците на Наставничкиот совет и со Советот на паралелката раководи директорот. Состаноците во училиштето се одржуваат според оперативните планирања на активностите на стручните органи и тела. Одлуките на стручните органи се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на органот. Со стручните активи раководат лица од редот на наставниците од соодветното предметно подрачје. Состаноците се закажуваат во писмена форма со планиран дневен ред, неколку дена пред одржувањето се објавуваат на огласна табла по иницијатива на претседателот или на некој член од активот, или пак на другите органи во училиштето и МОН. Со тоа се добива можност за навремено информирање и подготвување од страна на присутните членови. За присуството на членовите на состаноците се води евиденција, а од состанокот се води записник. Меѓу вработените на состаноците се почитува колегијалноста, отвореноста, комуникативноста, критичноста, самокритичноста, одговорноста, точноста, толерантноста што е стимул повеќе за редовно присуство на закажаните состаноци. Советот на родители кој, исто така, функционира во училиштето, се избира од редот на родителите односно старателите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на |

| | |
|---|---|
| | родители се избираат од страна на родителите на првата родителска средба на почетокот од наставната година од секоја паралелка. Бројот на членовите во Советот на родители изнесува 35, а се избира по еден од секој клас во училиштето. Со состаноците управува претседателот на Советот на родители кој е избран од членовите на Советот. Правило е и претседателот и членовите на Советот да се родители на актуелни ученици во училиштето. Кога ученикот го завршува школувањето во училиштето, мандатот на родителот како член или претседател престанува, па се врши реизбор и дополнување на членството на Советот со нови членови. Состаноците се одржуваат во согласност со оперативните планирања на работата на Советот на родители. Советот, исто така, има изготвено и работи според годишна програма и деловник за работа и за состаноците се водат записници и се евидентира присуството на членовите. На состаноците на Советот на родители често присуствуваат и педагогот или психологот на училиштето, а по покана од претседателот на Советот на родители, може да присуствува и директорот на училиштето. Претставниците од советот на родители имаат свои заменици.<br>Класните заедници се избираат во сите паралелки. Преку неа, учениците сами или заедно со наставниците заземаат ставови за сите позначајни прашања што се во врска со животот и работата во училиштето. Од 2011 година во согласност со проектот Заштита на детските права во основните и средните училишта, во соработка со Коалицијата на младински организации СЕГА и под покровителство на Фондацијата за деца - Песталоци во нашето училиште се избираат претседателите на класните заедници по демократски пат, јавно и транспарентно. Иако проектот заврши, активностите продолжуваат поради Законот за средно образование така што се избира Ученички совет. Ученичкиот совет е облик на организирање на учениците на ниво на средно училиште, составен од претседател, потпретседател, генерален секретар и претседателите на заедниците на паралелки во средното училиште. Членовите на ученичкиот совет имаат мандат од една учебна година со право на уште еден последователен мандат. Ученичкиот совет избира и разрешува двајца свои |

| | |
|---|---|
| | претставници во училишниот одбор на средното училиште кои ќе учествуваат по потреба без право на глас.<br>Во работата на ученичкиот совет, на предлог на наставниците и стручните соработници работи Тимот на училиштето, составен од: педагогот на училиштето Снежана Милошеска и одговорните наставници: Билјана Тинтоска (професор по Македонски јазик и литература) и Слободан Петкоски (професор по Хемија) избрани од Наставничкиот совет на средното училиште. Мандатот на наставниците и стручните соработници е една учебна година. Наставниците и стручните соработници членови на Ученичкиот совет учествуваат во работата на Ученичкиот совет без право на глас.<br>Во Ученичкиот совет се основаат Координативно тело на Ученичкиот совет и Комисија за доверба и соработка. Работата и надлежностите на Координативното тело на ученичкиот совет и на Комисијата за доверба и соработка, се уредува со статутот на средното училиште.<br>Во средното училиште се избира ученички правобранител, кој се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во средното училиште и ги застапува учениците пред стручните органи и консултативните тела на училиштето.<br>Критериумите за избор на ученичкиот правобранител се уредуваат со статутот на средното училиште. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од редовните ученици во средното училиште, по пат на тајно гласање. Ученичкиот правобранител се избира со мандат од две години, односно додека има статус на редовен ученик. Ученичкиот правобранител посетува обука за човекови права и заштита од дискриминација, организирана од Државната комисија за спречување и заштита од дискриминација и Народниот правобранител.<br>Моделот Ученик правобранител има цел и должност да биде медијатор во воспоставувањето коректни односи во училиштето, и на релација ученик – професор, потоа ученик – ученик, но и учествува во организирање хуманитарни акции во соработка со Драмската секција на училиштето за помош на финансиски загрозени ученици од нашето училиште, но и од локалната заедница (во соработка со Центарот за социјални грижи на Прилеп), работилници на различни теми поврзани со актуелните потреби и проблеми на учениците не само во училиштето, туку и во социјалната заедница, анкети, |

| | |
|---|---|
| | прашалници и други настани за промоција на училиштето и поттикнување на хуманите вредности кај учениците.<br>Училишниот одбор и другите органи на училиштето обезбедуваат редовно, благовремено, достапно известување на вработените во училиштето, на родителите, со објавување на сите одлуки и по пат на информации од сите надлежни субјекти. Прашањата за исклучително важни работи за училиштето се објавуваат преку информативните гласила. За писмените информации се води деловна евиденција во административната служба.<br>Правилното работење и однесување кон работните задолженија од страна на вработените и учениците се регулира според пропишаните правила на одредени законски документи, како на пример Статутот на училиштето кој произлегува од Законот за средно образование и е усогласен со законот.<br>Директорот како водач на работата во училиштето и како главен носител на унапредувањето на квалитетот на истата во креирањето на училишната политика, а имајќи ги предвид: стекнатото знаење и искуство на стручниот и наставен кадар, заинтересираноста на учениците, родителите и локалната заедница, овозможува демократско учество на сите заинтересирани страни за креирање на успешна воспитно-образовна и развојна училишна политика. Креирањето на училишната политика е тимска работа која се одвива во соработка со сите заинтересирани субјекти во управувањето на училиштето,органите на Локалната самоуправа, органите на централната власт, родителите, вработените во училиштето. Посебно значење во овој контекст имаат локалната заедница и родителите со нивна активна улога во креирањето на политиката и развојот на училиштето.<br>Голем придонес во работата на училиштето дава педагошко-психолошката служба. Работата на службата е комплексна и сѐопфатна во организациска и содржинска смисла, но истовремено и суптилна со оглед на субјектите со кои работи во воспитно-образовната институција. Главен водич во делувањето на педагогот и психологот е Законот за средно образование, како и сите подзаконски акти. Своите активности ги конкретизираат во Годишните |

| | |
|---|---|
| | програми за работа како и во бројните програми, процедури и акциски планови кои ги изработуваат како стручни материјали за потребите на училиштето.<br>Педагошко-психолошката служба во текот на учебната година ги имаа следните активности:<br>- Изработка на Годишната програма за работа на училиштето;<br>- Изработка на Годишен извештај за работа на училиштето;<br>- Изработка на полугодишен извештај за работа на училиштето;<br>- Изработка на Годишна програма за сопствената работа;<br>- Изработка на годишен извештај за сопствената работа;<br>- Изработка на полугодишен извештај за сопствената работа;<br>- Следење на воспитно-образовниот процес;<br>- Соработка со директорот, со предметните наставници и со раководителите на паралелката;<br>- Соработка со учениците и нивните организации и асоцијации;<br>- Соработка со стручните активи;<br>- Соработка со Училишниот одбор;<br>- Соработка со Советот на родители;<br>- Учество во работата на Наставничкиот совет;<br>- Учество во работата на Советот на паралелките;<br>- Учество во работата на Советот на годините;<br>- Соработка со Ученичкиот совет;<br>- Соработка со Ученичкиот правобранител;<br>- Организација и учество во работата на Самоевалуацијата;<br>- Изработување Развоен план на училиштето;<br>- Посета на часови;<br>- Проверка на педагошката евиденција;<br>- Изработување извештаи и анализи на успехот и редовноста на учениците по години, по паралелки, по струки, по образовни профили, по пол и по национален состав; |

| | |
|---|---|
| | - Прибирање на општи податоци на учениците по пол, национален состав, по струки и образовни профили;<br>- Следење на отпишувањето и запишувањето на учениците во текот на учебната година;<br>- Советодавна работа со ученици, наставници и родители;<br>- Реализирање на активностите од програмата за Советување на родители;<br>- Учество во комисии за изрекување на педагошки мерки;<br>- Учество во комисија за упис на учениците;<br>- Учество во комисија за избор на Првенец на генерација ;<br>- Учество во комисии за полагање на диференцијални предмети;<br>- Учество во тим за следење и унапредување на оценувањето;<br>- Водење на професионална ориентација на учениците;<br>- Аналитичко-истражувачка работа за теми од воспитно-образовната дејност;<br>- Изработување и спроведување на анкети и други инструменти наменети за наставниците и учениците;<br>- Присуство на семинари и разни предавања;<br>- Водење на професионалниот и кариерен развој на наставниците-педагог;<br>- Посета на состаноците и давање на свој придонес во Друштвото на педагози, психолози од нашиот град;<br>- Прибирање и архивирање на податоци во текот на целата учебна година;<br>- Соработка со Раководителот на одделението за јавни дејности при Локалната самоуправа – Прилеп;<br>- Соработка со Државниот просветен инспекторат;<br>- Соработка со: МОН, БРО, ЦРСО, ЦСР, НВО. МВР, ЦЈЗ, ЛС, ОБСЕ, Црвен крст, Коалиција за младински здруженија СЕГА, Агенција за европски образовни програми и мобилност, Центарот за обука на возрасни, основни, средни училишта и факултети; |

| | |
|---|---|
| | - Прибирање податоци и пополнување на табели од разни институции;<br>- Следење на професионалното надоградување на наставниците преку посетата на семинари и обуки;<br>- Следење на постигањата на учениците преку водење на евиденција на учество на натпреварите и освоени награди;<br>- Следење на учеството на наставниците и учениците во национални проекти ;<br>- Следење на учеството на учениците во воннаставните активности;<br>- Следење на успехот на учениците кои полагаат поправни испити, испити на година и повторувачи во јунскиот и августовскиот испитен рок;<br>- Учество во Комисиите за изрекување на педагошките мерки;<br>- Водење на евиденција на изречените педагошки мерки по паралелки и ученици;<br>- Водење евиденција за поведението на учениците по години и по поведение како и компаративни табели;<br>- Изработување распоред за дополнителна и додатна настава;<br>- Водење советодавни разговори со ученици, наставнци и родители;<br>- Водење на советување на родители;<br>- Водење постапката за избор на изборните предмети;<br>- Изработување на лични планови за професионален развој;<br>- Соработка со стручните активи околу изработката на личните планови за професионален развој на наставниците, како и за Програмите за професионален развој на стручните активи;<br>- Евиденција и распоред за содржини програмирани од училиштето;<br>- Организација и евиденција на избор на класни заедници;<br>- Евиденција на ученици кои отсуствуваат од настава поради здравствени причини, неоправдани и по барање на родител;<br>Во училиштето се води политика за овозможување на индивидуален развој за учениците во сообразност со нивните предиспозиции и возрасни |

| | |
|---|---|
| | карактеристики. Во училиштето се води евиденција и документација како извор на релевантни податоци и информации, што претставува еден од условите за успешно следење и оценка на реализацијата на планираните задачи. Дополнителни податоци и информации се добиваат и преку употреба на различни инструменти и постапки за евалуација (анкети, прашалници, евиденциони листи, извештаи и сл). Заклучоците од направените анализи и добиените индикатори за успешноста во работењето, претставуваат насока при планирањето и унапредувањето на идната работа на училиштето. |

**<u>Индикатор 7.3. Развојно планирање</u>**

| **<u>Теми:</u>** | • **Цели на развојното планирање**<br>• **Професионален развој/стручно усовршување на кадарот**<br>• **Материјално-технички средства**<br>• **Инфраструктура** |
|---|---|
| **<u>Извори на податоци - документи</u>** | **Информации** |
| | Развојниот план на училиштето ги има дефинирано развојните цели, кои произлегуваат од мисијата и визијата на училиштето, а сето тоа се однесува на постигнување повисоки знаења и вештини и поголема грижа за здравјето на учениците и наставниот кадар, како и на другите субјекти во училиштето. Тие се јасно дефинирани со развојни задачи, активности и индикатори за успешност. Запознати се наставниците, учениците, родителите и локалната заедница и заеднички настојуваат истите да се реализираат. Развојниот план произлегува од јаките и слабите страни на самоевалуацијата, која ја изработуваат наставниците, во соработка со педагогот и психологот на училиштето. При изготвувањето на финансискиот план, училиштето редовно предвидува средства за инфраструктурни зафати за подобрување на условите за работа. Тоа се реализира во соработка со локалната заедница, локалната самоуправа, а дел од средствата ги обезбедува од сопствени средства или од донатори. Се следат потребите на училиштето во однос на опрема, наставни средства и помагала, аудиовизуелни средства, компјутери, по што следи проценка за тоа што е приоритетно, во зависност од потребите на наставниците со цел да се изврши нивна набавка. Се следи нивната примена, а исто така се планираат и средства за нивно одржување односно поправање. Професионалниот развој на наставниот кадар се спроведува преку посета на обуки од кои понатаму се врши дисеминација на останатите наставници. Исто така, помал дел од наставниците имаат посетувано и други индивидуални обуки во приватен ангажман и иницијатива, со самостојно финансирање, било да се тоа стручни |

или во интерес на унапредувањето на учениците. Некои од тие обуки се посетуваат и онлајн на платформи што ги нудат сертифицирани агенции од соодветните области. По извршената обука на наставниците се утврдуваат придобивките и се продолжува со примена на стекнатите знаења и вештини. Училиштето ги следи потребите на наставниците за стручен и професионален развој. Некои од обуките во кои учествуваа наставниците изминативе учебни години се:

- **<u>2024-2025:</u>**

- Обука за обучувачи за развој на дигитални материјали за учење;
- Дигитална технологија со фокус на ученици од маргинализирани групи;
- Вештина за дигитална писменост во училницата (основен);
- Вештина за дигитална писменост во училницата (напреден);
- Примена на дигитални алатки за интерактивна и персонализирана настава;
- Обука за спроведување на програмата Одржлива мода (ЦРСО);
- Учење во дигитална околина – ПИСА;
- Превенција и заштита од насилство – Edu Lab.

- **<u>2025-2026:</u>**

- Обука за кариерен развој (Junior achivment) ;
- Напредна обука за кариерни советници - Junior achivment – МОН, БРО;
- Generativa AI–примена на вештачка интелигенција
- Професионално усовршување на стручни соработници и кариерни советници;
- Кариерно советување-МОН;
- Обуки за вештачка интелигенција–МОН;
- Поттикнување оддржлив начин на размислување кај учениците за решавање на глобалните еколошки предизвици;
- Инклузивна педагогија.

Во изминативе години беа успешно реализирани и меѓународни проекти на програмата Еразмус+ која е поддржана од МОН во соработка со партнерски училишта од други земји. Во тие проекти учествуваа повеќе наставници и ученици коишто имаа можност да се стекнат со знаење и вештини преку неформално образование. Во училиштето изминатава година беа потпишани меморандуми за соработка со неколку организации, невладини организации и факултети, а особен успех училиштето имаше во многубројни натпревари со многу награди и висок пласман на учениците.

Во изминатиот период СОУ „Ѓорче Петров“ успеа да воспостави широка мрежа на соработка со голем број компании, институции и организации, при што беа склучени вкупно 71 меморандум за соработка. Овие партнерства опфаќаат јавни здравствени установи, приватни здравствени организации, аптеки, образовни институции, центри за социјална работа, здруженија, како и студија за убавина

| | |
|---|---|
| | и приватни компании. Со тоа училиштето обезбедува практична настава и можности за учениците да стекнат реални искуства во различни области-здравство, фармација, социјална работа, естетика и приватен сектор.<br>Постигнувањата се значајни: обезбедена е практична примена на знаењето кај учениците, подобрена е видливоста и угледот на училиштето во заедницата, а наставниот процес е збогатен со реални примери и активности. Преку овие соработки се развиваат организациските капацитети на училиштето, се унапредуваат комуникациските и преговарачките способности, и се поттикнуваат учениците кон поголема ангажираност и професионален развој.<br>Сепак, предизвиците остануваат: потребно е континуирано следење на квалитетот на практичната настава кај партнерите, усогласување на наставните програми со потребите на компаниите и институциите, како и одржување активна и продуктивна соработка со голем број различни партнери.<br>Во наредниот период училиштето планира да ја прошири соработката со нови компании и институции, да воспостави систем за евалуација на практичната настава, како и да организира заеднички настани со партнерите за промоција на училиштето и учениците.<br>Заклучок: СОУ „Ѓорче Петров“ има развиена и богата мрежа на соработки што овозможува практична примена на знаењето и значаен напредок во образовниот процес. Самоевалуацијата покажува дека училиштето е на вистински пат, со јасни цели за понатамошно усовршување и проширување на партнерствата.<br>Во рамките на спроведување на наставата по предметот Учење преку работа кај работодавач и за феријалната практика СОУ„Ѓорче Петров” (координаторите за УПР) планира, организира и има склучено меморандуми за соработка со следните деловн субјекти:<br><br>1. ЈЗУ Општа болница со проширена дејност ,,Борка Талески” - Прилеп;<br>2. ЈОУДГ Наша Иднина - Прилеп;<br>3. Зегин - Прилеп;<br>4. Моја аптека - Прилеп 5;<br>5. Аптека Здравје фарм;<br>6. ПЗУ Аптека Ремедија;<br>7. ПЗУ Моја аптека - Прилеп 4;<br>8. Мента фарм;<br>9. ПЗУ Аптека Алек фарм;<br>10. ПЗУ Аптека Роса Вита - Канатларци;<br>11. ПЗУ Мента фарм 8;<br>12. ПЗУ Аптека Зегин фарм;<br>13. Дарон лек;<br>14. Аптека Фарма лек 1–Македонски Брод;<br>15. ПЗУ Мента фарм 7;<br>16. Роса вита–Житоше;<br>17. ПЗУ Аптека Каракаш; |

| | |
|---|---|
| | 18. Мента фарм 3;<br>19. ПЗУ Аптека Вијал;<br>20. ПЗУ Аптека Мента фарм 1<br>21. Миа фарм - Прилеп;<br>22. Херба - Прилеп;<br>23. Виола - Прилеп;<br>24. Олимпија - Прилеп;<br>25. Убав дом - Прилеп;<br>26. „Кули“ - ТД - Прилеп;<br>27. ДОО „Комфи - Ангел“ - Прилеп;<br>28. „Фимар Балкан” - Прилеп;<br>29. Студио Галакси;<br>30. Студио Белеца Бај Софија;<br>31. Студио Силует СМ;<br>32. Студио Фреја бјути;<br>33. Студио Бјути салон ШИ;<br>34. Студио Профи стил;<br>35. Студио Елес Тач;<br>36. Сара убавина;<br>37. Бјути - М;<br>38. Студио Лола;<br>39. Лукс Епил,<br>40. Студио Палада;<br>41. Мадеро терапија - Мелита;<br>42. Студио Ане;<br>43. Здружение Центар за развој и едукација - Прилеп;<br>44. Центар за социјална работа;<br>45. ПЗУ Медика Д-р Пецко Десоски - Прилеп;<br>46. ПЗУ „Санте-С“, с. Дебреште;<br>47. ПЗУ „Еликсир“- Прилеп;<br>48. ПЗУ „Д-р Кузманоска“ - Прилеп;<br>49. ПЗУ „Д-р Татјана Кочоска“ с.Лажани;<br>50. ПЗУ „Д-р Бајрам Ибески“ с. Дебреште;<br>51. ПЗУ „Ортомедика“ - Прилеп; |

| | |
|---|---|
| | 52. ПЗУ „Д-р Гордана Јаневска“ - Прилеп;<br>53. ПЗУ „„95-Медика Поликлиника“ - Прилеп;<br>54. ПЗУ „Алфамед“ - Прилеп;<br>55. ПЗУ „Д-р Гордана Мазнејкова“ - Прилеп;<br>56. ПЗУ „Д-р Ирена Москова“ - Прилеп;<br>57. ПЗУ „Нефромедика“ - Прилеп;<br>58. ПЗУ „Д-р Светозар Кузманоски“ - Прилеп;<br>59. ПЗУ „Д-р Спаско Ѓурчиноски“ - Македонски Брод;<br>60. ПЗУ „Св. Спас“ с.Ропотово;<br>61. ПЗУ „Св. Никита“ - Прилеп;<br>62. ПЗУ „Ирис Медика“ - Прилеп;<br>63. ПЗУ „Д-р Рената Керпичоска” - Прилеп;<br>64. ПЗУ „Арманса”- Канатларци;<br>65. ПЗУ Поликлиника „Витакор” - Прилеп;<br>66. ПЗУ „Медилекс“ - с.Кривогаштани;<br>67. ПЗУ „Д-р Вера Кареска” - Прилеп;<br>68. ЈЗУ „Општа болница со проширена дејност” - Кавадарци;<br>69. ПЗУ „Лидија Кардула” - Крушево;<br>70. ПЗУ „Промедика“ - с.Обршани;<br>71. ЈОУДГ „Весело Штркче“ - с.Кривогаштани.<br><br>Инфраструктурата на училиштето претставува основа за квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес. СОУ „Ѓорче Петров“-Прилеп континуирано вложува во одржување, модернизација и подобрување на условите за работа и учење. Во текот на последните две учебни години (2024/25 и 2025/26) беа реализирани повеќе активности насочени кон реновирање, опремување и уредување на просториите, како и обезбедување на современи технички средства за наставниот и административниот кадар:<br>- Реновирање и пребојадисување на кабинетот за практична настава на образовниот профил Фризер.<br>- Хортикултурно уредување на дворот и ентериерот на училиштето (садници, цвеќиња, уредување на запуштени делови).<br>- Санирање и цементирање на оштетениот дел на влезот во училиштето покрај продавниците накај училишниот паркинг.<br>-Уредување на канцеларијата за наставници.<br>- Набавка на нова машина шлајферица, моторна пила, 2 машини и 1 тример за косење трева, индустриска правосмукалка и машина за чистење подови за техничката служба.<br>- Опремување на училница за практична настава на учениците од текстилно-кожарската струка со соодветни машини. |

| | |
|---|---|
| | - Набавка и инсталација на нови камери за видеонадзор (26 поврзани, планирани уште 4).<br>- Набавка и поставување државни знамиња во секоја училница и кабинет.<br>- Инсталиран електронски читач на работно време.<br>- Реконструкција на тоалетите за наставниците.<br>- Поправка на оштетени радијатори во училниците, ходниците и спортската сала.<br>- Изработен проект за реконструкција на игралиштето за баскет.<br>- Редовна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на просториите на училиштето.<br>- Обезбедени униформи / мантили за сите вработени.<br>- Инсталирани нови клима-уреди (во канцеларијата за наставници, во кабинетот по информатика и во просторијата на техничкиот персонал).<br>- Изработени дрвени елементи и елемнти од иверица (плахари, бироа, комоди, масички) за во кабинетите и канцелариите.<br>- Поставена нова порта на влезот од училиштето. |
| **Методи кои се користени за собирање податоци** | |
| **<u>Анкета за наставници</u>** | За потребите на училиштето е спроведена самоевалуација. Во подрачјето „Управување, раководење и креирање политика“ беа анкетирани 50 наставници кои одговараа на одредени прашања. Анкетата беше спроведена анонимно. |

| Прашање | ДА | НЕ | ДЕЛУМНО | ДА | НЕ | ДЕЛУМНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Во училиштето постои ефикасен систем за координација меѓу наставниците, стручните служби и раководството. | 44 | 0 | 6 | 88% | 0% | 12% |
| Донесувањето одлуки во училиштето е транспарентно и засновано на јасни критериуми. | 41 | 1 | 8 | 82% | 2% | 16% |
| Наставниците се вклучени во сите комисии и работни тела | 40 | 0 | 10 | 80% | 0% | 20% |
| Раководството обезбедува поддршка за квалитето реализирање на наставата и вонаставните активности | 41 | 0 | 9 | 82% | 0% | 18% |
| Политиките на училиштето придонесуваат за безбедна, инклузивна и мотивирачка училишна средина. | 43 | 0 | 7 | 86% | 0% | 14% |
| Педагошко-психолошката служба на училиштето конфликтните ситуации успешно ги разрешува. | 48 | 0 | 2 | 96% | 0% | 4% |
| Директорот е објективен во вреднување на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето. | 41 | 1 | 8 | 82% | 2 % | 16% |
| **РЕЗУЛТАТ:** | 298 | 2 | 50 | | | |

| | |
|---|---|
| | ИЗВЕШТАЈ:<br>Врз основа на добиените резултати од анкетираните наставници, по прашањето дали во училиштето постои ефикасен систем за координација меѓу наставниците, стручните служби и раководството, 88 % одвкупниот број (44) испитаниците одговориле со Да и 12 % одговориле со Делумно.<br>По прашањето: Дали однесувањето одлуки во училиштето е транспарентно и засновано на јасни критериуми од вкупниот број на испитаници (41) 82 % се изјасниле за Да, 2 % со Не и 16 % се изјасниле за Делумно.<br>На прашањето дали наставниците се вклучени во сите комисии и работни тела од вкупниот број на испитаници (40) 80 % одговориле со Да и 20 % одговориле со Делумно.<br>На прашањето: Раководството обезбедува поддршка за квалитето реализирање на наставата и воннаставните активности од вкупниот број на испитаници (40) 82 % одговориле со Да и 18 % одговориле со Делумно.<br>На прашањето: Дали политиките на училиштето придонесуваат за безбедна и инклузивна средина со 86 % од испитаниците одговориле со Да и 14 % одговориле со Делумно. Педагошко-психолошката служба на училиштето конфликтните ситуации успешно ги разрешува на ова прашање 96 % одговориле со Да и 4 % со Делумно.<br>Директорот е објективен во вреднување на квалитетот на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето - на ова прашање 82 % од испитаниците одговориле со Да , 2 % со Не и 16 % со Делумно. |
| **<u>Анкета за ученици</u>** | (see table below) |

| | Да | Не | Делумно |
|---|---|---|---|
| Училиштето ги штити учениците од насилство и злоупотреба. | 44 - 88 % | 0 | 6 – 12 % |
| Наставниците им помагаат на учениците при совладување на наставните содржини. | 48 – 96 % | 0 | 2 – 4 % |
| Во училиштето постои клима за соработка меѓу учениците, наставниците и родителите. | 48 – 96 % | 0 | 2 – 4 % |
| Наставниците не прават социјални и етнички разлики меѓу учениците. | 49 – 98 % | 1 – 2 % | 0 |
| Во училиштето се организираат различни проекти и интеркултурна размена на ученици. | 47 – 94 % | 0 | 3 – 6 % |
| Педагошко-психолошката служба во училиштето им стои на располагање на сите ученици. | 49 – 98 % | 1-2% | 0 |
| Наставниците транспарентно ги пишуваат оценките. | 50 -100 % | 0 | 0 |
| **РЕЗУЛТАТ:** | 335 | 2 | 13 |

| | |
|---|---|
| | **<u>ИЗВЕШТАЈ:</u>**<br><br>Врз основа на добиените резултати од анкетата за ученици, иститите покажуваат дека училиштето ги штити учениците од насилство и злоупотреба: 88 % одговориле со Да и 12% со Делумно. 96% од испитаниците одговориле дека наставниците им помагаат на учениците при совладување на наставните програми и 4% одговориле со Делумно.<br>Во училиштето се организираат различни проекти и интеркултурна размена на ученици- на ова прашање 94 % одговориле со Да и 4 % со Делумно. Дека психолошко-педагошката служба им стои на располагање На учениците 98 % одговориле со Да и 1-2% со Не. Наставниците транспарентно ги пишуваат оценките 100% одговориле со Да. |
| **<u>Анкета за роди-тели</u>** | За потребите на училиштето е спроведена самоевалуација. Во подрачјето „Управување, раководење и креирање политика“, беа анкетирани 50 родители кои одговараа на одредени прашања. Анкетата беше спроведена анонимно. |

| | **да** | **не** | **делумно** |
|---|---|---|---|
| Сметам дека училиштето е добро организирано и ефикасно управувано. | 49 – 98 % | 1 – 2 % | 0 |
| Директорот/раководството покажува професионалност и одговорност во работата. | 48 – 96 % | 0 | 2 – 4 % |
| Училишното раководство јасно ги проследува своите одлуки до родителите. | 47 – 94 % | 0 | 3 – 6 % |
| Училиштето/директорот, развива добра соработка со локалната заедница. | 49 – 98 % | 1 – 2 % | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Мислењето на родителите се зема предвид при донесување одлуки што ги засегаат учениците. | 47 – 94 % | 0 | 3 – 6 % |
| Училиштето поттикнува безбедна, инклузивна и поддржувачка средина за сите ученици. | 49 – 98 % | 1 – 2 % | 0 |
| Комуникацијата со училиштето (класни раководители, стручни служби, раководство) е навремена и ефикасна. | 48 – 96 % | 0 | 2- 4 % |
| **РЕЗУЛТАТ:** | 337 | 3 | 10 |

**ИЗВЕШТАЈ:**

Од Анкетата за родители имаме податоци дека училиштето е добро и ефикасно организирано (98 % одговориле со Да, 2% со Не). Директорот/раководството покажува професионалност и одговорност во работата (96 % одговориле со Да и 4 % со Делумно). Училишното раководство јасно ги проследува своите одлуки до родителите (94 % одговориле со Да и 6 % со Делумно).

На прашањето дали директорот развива добра соработка со локалната заедница, 98 % од вкупниот број на испитаници одговориле со Да и 2 % одговориле со Делумно.

Над 90 % од испитаниците одговориле со Да во врска со тоа дека училштето е безбедна,инклузивна и поддржувачка средина за сите ученици.

Комуникацијата со училиштето (класни раководители, стручни служби, раководство) е навремена и ефикасна - 96 % одговориле со Да и 4 % со Делумно.

| **АНАЛИЗА** |
| --- |
| Согласно со законските одредби и Статутот, Училишниот одбор како орган на управување во училиштето го сочинуваат 12 членови. Работи според Програма за работа и соработува со директорот и со други субјекти. Истиот редовно информира за донесените одлуки. Раководниот орган соработува со наставниците, со педагошко-психолошка служба, со учениците и нивните родители, како и со други воспитно-образовни институции и локалната заедница и донесува одлуки, почитувајќи ги интересите на учениците и вработените. Професионално и одговорно ги извршува задачите и активностите кои се планирани со Програмата. Сопствената мисија и визијата на училиштето преку тимска работа настојува да ги оствари во насока на подобрување на квалитетот на наставата. Во остварувањето на целите, училиштето ги информира и другите субјекти (родители, локална заедница) за заеднички да придонесат за нивно остварување. Со развоен план се дефинирани развојните цели со развојни задачи, активности и индикатори за успешност. Со планот за евалуација се планираат начините на следење и вреднување на остварувањето на развојните цели. Запознаени се наставниците, учениците, родителите и локалната заедница и заеднички настојуваат истите да се реализираат. Со Програма за професионален развој, училиштето ги планира формите и содржините преку кои наставниците ќе се оспособат за практична примена на стекнатите знаења и вештини и истите ќе ги применуваат во процесот на учење. Состојбата со опрема, наставни средства и помагала се подобрува. При изготвувањето на финансискиот план, училиштето редовно предвидува средства за инфраструктурни зафати за подобрување на условите за работа. Тоа се реализира во соработка со локалната заедница, Локалната самоуправа, а дел од средствата ги обезбедува од сопствени средства или од донатори. Во училиштето солидно функционира Ученичкиот совет и Ученичкиот правобранител кои учествуваат во креирањето на образовната и воспитната политика на училиштето преку своите задолженија и активности |

| **РЕЗУЛТАТИ** | |
| --- | --- |
| **ЈАКИ СТРАНИ** | - Развојни стратегии за унапредување на работата;<br>- Координирана соработка помеѓу УО и директорот;<br>- Координирана соработка помеѓу директорот, стручната служба и наставниците;<br>- Почитување на иницијативноста и креативноста на учениците;<br>- Набавка на нови нагледни средства и техничка опрема во училиштето.<br>- Зголемена соработка и партнерства со други училишта, со локалната заедница и со невладините организации; |

| | |
|---|---|
| **<u>СЛАБИ СТРАНИ</u>** | - Недостиг на ограда од едната страна на училишниот двор (училиштето е во комуникација со институциите за изработка на Детален урбанистички план и реализација на проектот за оградување). |

**<u>ПРЕПОРАКИ ЗА ИДНИ АКТИВНОСТИ</u>**

**-** Санирање и опремување на кабинетот за изведување на практична настава за дрвопреработувачката струка;

- Изградба на санитарни јазли во комплексот за практична настава на фризерите, физиотерапевтските техничари и фармацевтските техничари.

**Изработиле:**
**Емилија Ѓорѓиева Велкоски**
**Цветанка Стојаноска**
**Билјана Тошеска**
**Дејан Димоски**
**Јулијана Поповска**
**Лидија Ристеска**
**Наташа Ванчева**
**Пеце Алекоски**